СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Сееврна Македонија на седницата одржана на 18 ноември 2026 година донесе

РЕЗОЛУЦИЈА ЗА МИГРАЦИСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2026-2030 ГОДИНА

ПРЕДГОВОР

Управувањето на сите релевантни аспекти на надворешните миграции остапува во фокусот на Република Северна Македонија, како и унапредувањето на усогласувањето со Поглавјето 24 од законодавството на ЕУ, кое ги опфаќа правдата, слободата и безбедноста, и усогласувањето со ЕУ Пактот за азил и миграции од јуни 2024 година. Комплексноста на миграциската политика имплицира потреба за холистички пристап, односно сеопфатна опсервација на промените во особеностите на легалните и илегалните миграции, потоа унапредување на институционалните капацитети и хармонизација на легислативата со меѓународните стандарди и регулативата на ЕУ, како и за респектирање на глобалните текови на меѓународните миграции. во функција на унапредување на демографскиот и социоекономскиот развој на земјата.

Оваа активност на државата е уредена со Законот за странци (Член 8),[1] според кој „Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија, донесува Резолуција за миграциска политика со која ќе се укаже на состојбите, проблемите и мерките што ќе се преземат во областа на миграцијата". Од 2009 година до денес беа усвоени и имплементирани три резолуции на миграциската политика: *Резолуцијата за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014* („Службен весник на РМ" број 6 од 15.1.2009 година), *Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија 2015-2020* („Службен весник на РМ" број 8 од 16.1.2015 година) и *Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025* („Службен весник на РМ" број 290/2021).

Врз основа на членот 36 став 6 од Законот за Влада на Република Македонија[2], Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јануари 2026 година донесе Одлука (Бр. 57-702/4[3] за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија и Решение (Бр. 57-2151/9 од 17 март 2026 година)[4] за именување раководител, заменик-раководител, членови

---

[1] Закон за странци („Службен весник на Република Македонија" број 97/18) и Законите за изменување и/или дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19, бр. 294/21 и бр. 284/23) (пристапено на 2 февруари 2026 година).

[2] „Службен весник на Република Македонија",бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08,10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и бр. 98/19.

[3] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 15 од 28 јануари 2026 година.

[4] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 57 од 18 март 2026 година.

и заменици-членови на Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика на Република Северна Македонија, 2026-2030 година. Пеа ја сочинуваат претставници од 10 институции и пет меѓународни организации, секоја со надлежности во својот делокруг на работење и споделени надлежности во некој од другите аспекти во областа на миграциите.

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Креирањето на *Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030,* се темели на идентификуваните основи за нејзино креирање и сознанијата за промените во особеностите на надворешни миграции, потоа реализираните мерки и активности на претходната миграциска политика, 2021-2025 година, како и сознанијата за промените во миграциските политики на земјите на прием.

Врз основа на утврдените основи за креирање на миграциската политика и промените на миграциските движења во периодот по 2020 година, може да се констатира следново:

- Координираноста на миграциската политика со стратешките документи и политики во областа на миграциите, потоа со оние кои третираат релевантни миграциски аспекти. како и со секторските политики, е значајна претпоставка за нејзина ефикасна реализација и ублажување на демографските и развојните проблеми во земјата;
- При дизајнирањето на миграциската политика се почитуваат десетте принципи и дваесет и трите цели на Глобалниот договор за безбедна, уредена и регуларна миграција (ГДМ), како и други меѓународни начела и принципи;
- Забележлив е напредок во однос на инструментите на миграциската политика, како и на институционалните претпоставки за реализација на миграциската политика;
- Измените и дополнувањата на легислативата во последните пет години придонесоа Република Северна Македонија денес да има релативно солидна правна рамка за регулирање на легалните и илегалните миграциски движења. Таа, во голема мера, е хармонизирана со меѓународните стандарди и регулативата на ЕУ;
- Со анализата на ризици идентификувани се главните категории на ризици кои можат да влијаат врз имплементацијата на резолуцијата. Тие вклучуваат надворешни и геополитички ризици, демографски и економски ризици, институционални предизвици, како и ризици поврзани со интеграцијата и социјалната кохезија;
- Континуирано се проширува меѓународната и регионалната соработка на земјата во областа на миграциските движења. Република Северна Македонија активно учествува во реализацијата на Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан и Акцискиот план за одржливо управување со миграцијата во Западен Балкан 2023-2025, како и во други меѓународни иницијативи и доследно ги почитува препораките на ЕУ во областа на миграциите;
- Анализата на промените во особеностите на легалните и илегалните надворешни миграции покажува дека по 2020 година тие се одвиваат со различен обем и динамика:
    - Големата емиграција која дополнително се интензивираше по 2022 година остана сериозен предизвик на земјата. поради доминантната застапеност на трајната миграција и релативно големите промени во нејзините особености. Порast

бележи циркуларната миграција во регионот, а дел од неа има тенденција да премине во трајна;

- Бројот на странци со привремен и постојан престој во Република Северна Македонија остана релативно мал. Нивниот пораст во последните години имплицира потреба за креирање политика за престој на странци, согласно со социоекономскиот развој и потребите на пазарот на трудот во земјата;
- Со оглед на мошне неповолното влијание на емиграцијата во странство врз демографскиот и социоекономскиот развој на земјата, приоритетна е потребата за стратешки пристап и создавање предуслови за намалување на трајните иселувања. Во таа насока останува определбата за поддршка на привремената циркуларна миграција, како и на повратна миграција на македонските државјани од странство;
- По 2020 година, бројот на баратели на азил е два и пол пати помал од периодот 2015-2019 година. За најголем дел од нив постапката е запрена поради тоа што барателот на азил го напуштил местото за сместување без одобрение за време на траење на постапката, без да го извести надлежниот орган или не обезбеди согласност од надлежниот орган за напуштање на местото определено за негово сместување.
- Независно од намалениот обем на илегалната миграција, Република Северна Македонија останува дел од западнобалканскиот коридор како земја на транзит на мешаните миграциски движења (составени и од ранливи категории лица - непридружувани деца, претпоставени жртви на трговија со луѓе и лица со потреба од меѓународна заштита). Истовремено, значително е намален бројот на вратени македонски граѓани и странци во постапка за реадмисија, согласно со склучените билатерални договори со земји членки на ЕУ и со други земји.

*Општа цел на Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година е с*оздавање институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за управување на легалните и илегалните миграции во функција на унапредување на развојот на земјата. Таа ќе се реализира во рамки на шест стратегиски области, преку девет стратегиски цели:

- ***Стратегиска област 1:*** **Поддржувачка рамка** - *Стратегиска цел:* Зајакнување на капацитетите и координативната улога на Меѓуресорската група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија.
- ***Стратегиска област 2:*** **Веродостојни, релевантни и ажурирани податоци за надворешните миграции** - *Стратегиска цел:* Обезбедување релевантни статистики и информации за легалните и илегалните миграциски движења.
- ***Стратегиска област 3:*** **Управување со легалната миграција - иселување/ доселување на граѓани на Република Северна Македонија** - *Стратегиски цели*: Намален интензитет на трајните иселувања во странство преку континуирано адресирање на причините за емиграција; зголемен интензитетот на враќање на граѓаните на Република Северна Македонија од странство.
- ***Стратегиска област 4:*** **Управување со легалната имиграција - влез и престој на странци во Република Северна Македонија** - *Стратегиски цели*: Политика за прием на работна сила од странство за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата; унапредување на регулативата и јакнење на капацитетите за влез и престој на странци,

визниот режим и визната политика; унапредување на воспоставениот систем за азил и зголемување на неговата ефикасност и ефективност во согласност со европските и меѓународните стандарди.

- ***Стратегиска област 5:*** **Сузбивање на илегалната миграција** - *Стратегиска цел:* Натамошно јакнење на националните капацитети за откривање и спречување на илегалната миграција.
- ***Стратегиска област 6:*** **Градење партнерства за унапредување на меѓународната соработка во областа на миграциите** - *Стратегиска цел:* Проширување на меѓународната соработка и глобалните партнерства за различни аспекти на надворешните миграции.

Подготовката на Акцискиот план на миграциската политика се заснова на комбинација од стратешко планирање, форсајт анализа и консултативен процес со надлежните институции, со цел да се обезбеди реалистичен, координиран и институционално изводлив план за дејствување.

ВОВЕД

а) Основ за креирање на миграциската политика - Трендовите на меѓународните миграции во светот во последните години се одликуваат со комплексност и рестриктивност, предизвикана од порастот на глобалното движење на населението, придружено со раселување и промени во миграциската политика на земјите дестинации.

Промените во обемот и динамиката на меѓународните миграции во периодот по 2020 година условија денес повеќе луѓе од кога било да живеат во земја различна од онаа во која се родени. Во Извештајот на Меѓународната организација за миграции за 2024 година[5], бројот на меѓународни мигранти во светот е проценет на 281 милион (односно 10 милиони повеќе од 2019 година), што претставува 3,6% од светската популација. Според проценките на Одделот за економски и социјални работи на Обединетите нации (УН ДЕСА), бројот, пак, на меѓународни мигранти во светот во 2024 година се проценува на 304 милиони, односно 3,7% од светската популација[6]. Учеството на жените мигранти изнесува 48% од меѓународните мигранти.

Насоченоста на емиграцијата на македонските државјани кон земјите на прием на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) остана релативно голема и во периодот 2020-2024 година. Оттаму, индикативни се податоците за меѓународните миграции на ОЕЦД за 2024 година, кои покажуваат дека по Ковид-19 пандемијата следуваа три години на нагло зголемување и промени на легалната и илегалната миграција. Иако во 2024 година трајната миграција се намали за 4% во споредба со 2023 година, вкупниот број од 6,2 милиони нови трајни мигранти достигна историски највисоко ниво, односно е за 15% поголем од оној во 2019 година.[7] Семејното обединување остана водечка причина за трајна миграција во земјите на ОЕЦД. Податоците за периодот 2024-2025 година покажуваат дека во земјите на ОЕЦД беше забележан рекордно висок број на лица родени во странство, кој достигна повеќе од 160 милиони. По континуираното и значителното зголемување по 2020 година, привремената миграција на работна сила во 2023 и 2024 година остана иста. Независно од тоа, таа достигна историски највисоко ниво, односно приближно 2,3 милиони работни дозволи и овластувања беа доделени во земјите на ОЕЦД (со исклучок на Полска), што е зголемување за 26% во однос на 2019 година, односно 51% во споредба со 2015 година. Во 2024 година земјите на ОЕЦД примија и над 1,8 милиони меѓународни студенти во нивните високо образовни институции (13% помалку отколку во 2023 година).

Бројот на нови баратели на азил во ОЕЦД продолжи да се зголемува, и во 2024 година се регистрирани три милиони нови апликации за азил. Зголемувањето беше поттикнато од Соединетите Американски Држави (каде беа регистрирани околу 1,7 милиони нови апликации за азил), зголемувања беа забележани во Канада и во Обединетото Кралство, додека во другите ОЕЦД земји бројот на апликации се намали. Според проценката на Агенцијата на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), кон крајот на 2024 година светот

---

[5] McAuliffe, M. and L.A. Oucho (eds.), 2024. World Migration Report 2024. International Organization for Migration (IOM), Geneva. (пристапено на 25 февруари 2026 година).

[6] United Nations (2024). International Migrant Stock 2024: Key facts and figures. UN DESA/POP/2024/DC/NO. 13.

[7] OECD (2025), International Migration Outlook 2025, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/ae26c893-en. (пристапено на 25 февруари 2026 година).

бил домаќин на 36,9 милиони бегалци, вклучувајќи 5,9 милиони палестински бегалци под мандатот на Агенцијата на Обединетите нации за помош и работа (UNRWA), како и 8,4 милиони баратели на азил[8]. По 2020 година значителен пораст забележаа и илегалните миграциски движења. Во 2024 година нерегуларните гранични преминувања на границите на ЕУ се намалија за 37%, а во Соединетите Американски Држави за 48%, додека обидите за нерегуларен влез во Обединетото Кралство се зголемија за 19%[9]. Истовремено, реадмисијата од ЕУ, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави од 2021 до 2024 година забележала континуиран пораст.

Разликите во социоекономската развиеност и на нивото на животниот стандард меѓу земјите остануваат основни детерминанти за порастот на меѓународните миграциски движења. Во поновите студии за детерминантите на меѓународните миграции, меѓу другото, се укажува на неколку фактори кои ќе имаат големо влијание на идните миграциски текови. Најчесто како клучни фактори за натамошниот пораст на миграциите се издвојуваат: влијанието на воените конфликти (продолжено раселување од Украина и од Сирија); климатските промени (зголемена миграција поради еколошки катастрофи); промените на миграциските политики (имплементација на построга контрола на имиграцијата во земјите на прием).

Надворешните миграции на Република Северна Македонија во периодот по 2020 година се карактеризираат со релативно големи промени, како на легалната така и на илегалната миграција. Тие во основа кореспондираат со промените во земјите на ОЕЦД. Во легалните миграциски движења остана доминантна застапеноста на емиграцијата на населението и на работната сила во странство, особено на младото и помладото средовечно население. Во услови на сè уште голем миграциски потенцијал, во наредните пет години може да се очекува натамошен пораст на емиграцијата. Имиграцијата е релативно мала и со доминантна застапеност на привремениот престој на странците. Надворешната миграција е придружена со релативно големи промени на демографските и социоекономските карактеристики на мигрантите, како и на земјите на прием/ потекло. Трајната емиграцијата на резидентното население и сè поголемиот број на деца родени во странство, услови мошне неповолни демографски промени. Во последните години земјата се соочува со растечки дефицит на работна сила, кој имплицира потреба за прием на работници од странство и креирање соодветна политика за престој на странци[10]. Што се однесува на илегалната миграција, и покрај намалениот обем, нејзиниот осцилирачки тренд потврдува дека Република Северна Македонија останува дел од западнобалканскиот коридор како земја на транзит на мешаните миграциски движења.

Во вакви околности при конципирањето на миграцискатa политика за периодот 2026-2030 година, вниманието е насочено кон адресирање на причините за постојната голема трајна емиграција на македонските граѓани во странство и усвојување стратешки пристап за нејзино намалување, потоа ефикасно управување на приемот на работна сила од странство за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата, како и справување со предизвиците

[8] UNHCR, The UN Refugee Agency, Global Report 2024, https://www.unhcr.org/media/global-report-2024 (пристапено на 7 февруари 2026).
[9] OECD (2025), International Migration Outlook 2025,.....op.cit.
[10] WB6 Net4VET. (2025). Workforce development in North Macedonia: Bridging the skills gap.

на илегалната миграција. Усвојувањето на сеопфатна и конзистентна миграциска политика базирана на докази, претпоставува холистички пристап и активно учество на сите чинители во општеството, потоа меѓуинституционална соработка и континуирано унапредување на стандардите и усогласување на законодавството во областа на миграциите со ЕУ регулативата, како и координираност со другите стратешки документи во областа на миграциите и секторските политики.

б) Содржина на миграциската политика - Документот се состои од четири дела.

Во ***првиот дел*** се претставени основите на новата Резолуција на миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2026-2030 година, во која се опфатени релевантните аспекти на: стратешките документи и политиките за миграциите и нивна координираност со секторските политики; начелата и принципите на миграциската политика; претпоставките за креирање на новата Резолуцијата на миграциската политика, поточно инструментите на миграциската политика (визен режим, поддршка/заштита на македонските државјани во странство, престој и вработување странци, македонско државјанство); институционалните претпоставки за реализација на миграциската политика; претпоставките за планирање засновани на прозирливост/форсајт информативна проценка; анализата на ризик; постојната правна рамка на миграциската политика; меѓународната соработка и обврските во областа на миграциите.

Во ***вториот дел*** се согледани трендовите и карактеристиките на миграциите, при што се претставени промените во периодот по 2020 година и постојната состојба во областа на легалните и илегалните миграции. Предмет на поопсежна анализа се: особеностите на трајната и привремената (циркуларната) емиграција/имиграција на македонските граѓани во/од странство; имиграцијата (привремениот и постојаниот престој) и интеграцијата на странците; условеноста и последиците/импликациите од легалната миграција врз демографскиот и социоекономскиот развој и бегалците и барателите на азил според Законот за меѓународна и привремена заштита. Исто така, предмет на опсервација се: Карактеристиките на илегалната миграција со осврт на: прекуграничната илегална миграција; криумчарењето мигранти; трговијата со луѓе и реадмисијата. Тие се разгледуваат во контекст на реализацијата на мерките и активностите усвоени со Резолуцијата на миграциската политика на Република Македонија 2021-2025 година, а за секоја од споменатите области идентификувани се и идните предизвици. Во овој дел од документот направен е и осврт на можното влијание на надворешни шокови врз миграциите во Република Северна Македонија. На крајот на вториот дел од Резолуцијата, е презентирана и форсајт анализата. Анализата се заснова на примена на форсајт методи и ги разгледува клучните трендови и поттикнувачи на промени. Врз основа на две клучни неизвесности – степенот на домашна адаптација кон миграцијата и интензитетот на надворешните миграциски притисоци – разработени се четири можни мини сценарија за идниот развој на миграциските текови.

Во ***третиот дел*** на Резолуцијата на миграциската политика се претставени: стратегиските области, стратегиските и конкретните цели и очекуваните резултати на миграциската политика; мерките на миграциската политика и пристапите информирани од форсајт методологија; мониторингот и евалуацијатата; финансирањето на миграциската политика;

известувањето на јавноста за целите и исходите на миграциската политика и предизвиците во имплементацијата на миграциската политика.

Четвртиот дел се однесува на *Акцискиот план на Миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2026-2030 година.* Во овој дел се претставени: методологија на Акцискиот план, која вклучува: бекастинг, усогласување на мерките со краткорочните цели и приоритизација заснована на ризици и Акциска матрица 2026–2030. Ова е документ чија реализација континуирано ќе се следи и ќе се оценуваат ефектите од преземените мерки и активности. Освен тоа, Акцискиот план останува отворен за дополнувања и промени на активностите, со цел доследна реализација на целите на миграциската политика.

Во миграциската политика е искажан ставот на Владата и Собранието на Република Северна Македонија за уредување на прашањата од областа на надворешните миграции и нивното ефикасно управување во периодот 2026-2030 година. Насоките за сеопфатно и ефикасно управување на овие миграциски движења се определени согласно со значењето и влијанието на нивните текови врз демографскиот и социоекономскиот развој, како и културниот и политичкиот живот на земјата. Освен тоа, миграциската политика има за цел воспоставување правна рамка во областа на миграциите, усогласена со правната рамка на Европската Унија[11] и реализација на обврската на земјата да соработува при спречувањето и контролата на илегалните миграции и реадмисијата.

в) Методолошки аспекти - Креирањето на новата Резолуција за миграциската политика се одвиваше во неколку фази. Тие се однесуваат на: опсежно истражување за идентификување на промените и постојните состојби на релевантните аспекти на надворешните миграции; континуирана консултација со членовите на Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика и претставниците на други релевантни институции и организации, со цел согледување на потребите и утврдување на идните насоки и политики на постапување во областа на миграциите; подготовка на нацрт-Резолуција на миграциската политика со Акциски план. Истражувањето (desk research) беше насочено на преглед на релевантните политики и стратешки документи што ги содржат постојните национални и меѓународни стандарди во областа на управувањето со миграцијата, како и на компаративни искуства и добри практики во развојот на националните миграциски политики. Освен тоа, се имаа предвид и активностите во рамките на Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан[12]и Акцискиот план за одржливо управување со миграцијата во Западен Балкан 2023-2025[13], како и забелешките и препораките во Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2025 година[14] во однос на одделни аспекти на миграцијата.

---

[11] Согласно Спогодбата за стабилизација и придружување меѓу Република Македонија и Европската Унија, земјата презеде обврска за соработка во областа на визите, граничната контрола, азилот и миграциите.

[12] *EU Action Plan on the Western Balkans* (5 декември 2022), https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0efc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

[13] IOM, *Advancing the Skopje declaration: Action plan for sustainable migration governance in the Western Balkans 2023-2025.* Sarajevo, June 2023, https://bih.iom.int/sites/g/files/tmzbdl1076/files/documents/2023-06/sarajevo-migration-dialogue-2023-action-plan-final.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

[14] European Commission, Commission staff working document, *North Macedonia 2025 Report*, 2025 Communication on EU enlargement policy, Brussels, 4.11.2025, https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf (Пристапено на 20 јануари 2026).

Акциекиот план беше конципиран согласно со утврдената реализација на мерките и активностите од претходната Резолуција за миграциската политика за периодот 2021-2025 година, како и со другите стратешки документи и програми во оваа област (Миграцискиот профил од 2021 година, постојните стратегии и оние кои се во тек на подготовка или усвојување, а се однесуваат на одделни области на надворешните миграции, преземените активности на Владата во областа на миграциите, секторските политики кои имаат директни или индиректни импликации на миграциите). Во исто време се прибираа податоци за идентификување на промените во особеностите на миграциите во последните пет години, врз основа на сите расположливи домашни и странски (Европската комисија, Евростат, Обединетите нации, ИОМ, ОЕЦД, ИМФ и др.) извори на податоци.

Во процесот на изготвување на нацрт-Резолуцијата беа спроведени пет тематски средби со Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика, дводневна работилница за стратешки форсајт и билатерални консултации со членови на Меѓуресорската група и претставници на релевантните институции, организации и засегнати страни.

Целта на форсајт работилницата беше да овозможи систематска анализа на потенцијалните идни промени во миграциските текови и нивното влијание врз политиките и институционалните капацитети. Применетите методи овозможија идентификација на клучните трендови, двигатели на промени и критични неизвесности кои може да влијаат врз миграциската динамика. Резултатите од форсајт процесот беа интегрирани при дефинирањето на стратешките приоритети и при подготовката на мерките и активностите во Акциекиот план 2026–2030, со што се обезбедува миграциската политика да биде поадаптивна, пофлексибилна и подобро подготвена за различни можни идни предизвици.

Подготовката на документот започна со утврдување на рамката на нацрт-Резолуцијата на миграциската политика и на Акциекиот план во однос на аспектите кои се обработуваат, стратегиските цели и приоритети, очекуваните резултати и носителите на миграциската политика, временската рамка и начинот на имплементација на усвоените мерки и активности. При конципирање на одделните области на нацрт-Резолуцијата, се имаа предвид 23-те цели на Глобалниот договор за безбедна, уредена и регуларна миграција[15] (ГДМ) и Глобалниот договор за бегалците (ГКБ),[16] изготвени согласно со Њујоршката декларација за бегалци и мигранти, усвоена од Генералното собрание на ООН во 2016, а кои во 2018 година ги усвои и Република Северна Македонија. Освен тоа, се имаа предвид и индикаторите од Дополнителниот документ на Извештајот на генералниот секретар: Развој на предложен ограничен сет на индикатори за преглед на напредокот поврзан со имплементацијата на ГДМ.[17]

Со Резолуцијата на миграциската политика 2026-2030 година не се опфатени активности за миграциските аспекти за кои по 2020 година беа усвоени посебни стратешки документи и за промени во легислативата кои се дел од редовните активности, со цел да се избегне удвојување активности и поголема фокусираност на идентификуваните предизвици.

---

[15] UN, *Global Compact for Safe, Orderly and Regular Migration*, 2018, https://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/73/195 (пристапено на 26 февруари 2026 година).

[16] UN, *Global Compact on Refugees*, 2018, https://www.unhcr.org/5c658aed4.pdf (пристапено на 26 февруари 2026 година

[17] United Nations, *Supplementary Document to the Secretary-General's Report: Proposal for a limited set of indicators,* Work stream 1 Development of a proposed limited set of indicators to review progress related to GCM implementation.

I. ОСНОВИ НА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА МИГРАЦИСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2026–2030

1. Визија, мисија и стратешки цели на Резолуцијата на миграциската политика 2026-2030

Визија - воспоставената сеопфатна рамка за управување со легалната и илегалната надворешна миграција, базирана на докази, имплементирани меѓународни стандарди и принципи, унапредени институционални капацитети, кохерентност со другите државни политики, соодветна поддржувачка рамка и соработка на надлежните институции, станува двигател на развојот на човечкиот и материјалниот потенцијал и социоекономскиот развој на Република Северна Македонија.

Мисија - да ја реафирмира посветеноста на Владата на Република Северна Македонија кон сеопфатно управување на релевантните аспекти на надворешните миграции, преку развој на конзистентен систем на институционална и политичка рамка за легалните и илегалните миграциски движења, во функција на осознавање на можностите за искористување на нивните расположливи потенцијали за одржлив развој на земјата.

Општа цел - создавање институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за управување на легалните и илегалните надворешни миграции во функција на унапредување на развојот на земјата. Таа ќе се реализира во рамките на шест стратегиски области, преку девет стратегиски цели и 19 конкретни стратегиски цели.

Стратегиска област 1: Поддржувачка рамка - ***Стратегиска цел:*** *Зајакнување на капацитетите и координативната улога на Меѓуресорската група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија.*

Сознанијата за имплементацијата на претходните резолуции на миграциската политика (за 2009-2014, 2015-2020, 2021-2025 година), покрај бројните предизвици и објективни ограничувачки околности за сеопфатна реализација на предвидените мерки и активности, ја реафирмираат потребата за зајакнување капацитетите на Меѓуресорската група, како и на неговата координативна улога при прибирањето информации, следењето на промените и на состојбите во однос на надворешните миграции, за ефикасно и ефективно спроведување на мерките и активностите на миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030.

Стратегиска област 2: Веродостојни, релевантни и ажурирани податоци за надворешните миграции - ***Стратегиска цел:*** *Обезбедување релевантни статистики и информации за легалните и илегалните миграциски движења во Република Северна Македонија.*

Прибирањето и користењето точни и дезагрегирани податоци за надворешните миграции од домашни извори е значајна претпоставка за градење политики базирани на докази. Тоа е долгорочен предизвик кога станува збор за легалните миграциски движења, посебно

емиграцијата во странство, при што сознанија за особеностите на растечката и сè поголема емиграција се добиваат единствено врз база на странски извори на податоци. Што се однесува на податоците за странците кои престојуваат во земјата по различни основи, забележлив е напредок во нивното евидентирање, но евидентна е неконзистентност при нивната обработка која резултира со разлики на податоците за обемот на иста категорија на странци од различни институции. Нецелосен опфат може да се констатира и во однос на илегалните миграции, условен од инхерентните потешкотии за нивно следење. Во насока на прибирање веродостојни податоци, од особена важност е обезбедувањето докази за правниот идентитет и соодветна документација за мигрантите.

Стратегиска област 3: Управување со легалната миграција - иселување/доселување на граѓани на Република Северна Македонија - ***Стратегиски цели*****:** *Намален интензитет на трајните иселувања во странство, преку континуирано адресирање на причините за емиграција;Зголемен интензитетот на враќање на граѓаните на Република Северна Македонија од странство.*

Адресирањето на причините за големиот пораст на емиграција на македонските граѓани во странство по 2020 година и креирањето стратешки пристап за минимизирање на неповолните двигатели и структурни фактори што ги условуваат овие миграциски текови, е клучна претпоставка за намалување на постојниот голем интензитет на преселеничките движења во странство. Во постојните околности останува потребата за подобрување на достапноста и флексибилноста на патиштата за регуларна циркуларна миграција. Искуствата покажуваат дека зголемен обем на повратни миграции може да се очекува со унапредување на севкупниот развој на земјата на потекло. Ова се два процеса кои се меѓусебно поврзани и претпоставуваат сеопфатна развојна политика на Република Северна Македонија. Во контекст на поддршката на повратните текови на македонските граѓани од странство, меѓу другото, неопходни се активности за олеснето препознавање на вештините, квалификациите и компетенциите стекнати во странство.

Стратегиска област 4: Управување со легална имиграција - влез и престој на странци во Република Северна Македонија - ***Стратегиски цели*****:** *Политика за прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата;Унапредување на регулативата и јакнење на капацитетите за влез и престој на странци, визниот режим и визната политика;Унапредување на воспоставениот систем за азил и зголемување на неговата ефикасност и ефективност во согласност со европските и меѓународните стандарди.*

Една од директните последици од емиграцијата во странство е одливот на голем дел од младата високообразована и стручна работна сила, што услови растечки дефицит на работна сила во земјата во периодот по 2020 година.Тоа имплицира потреба од конципирање на соодветна политика за олеснет прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата, согласно со утврдениот прилив на нови генерации на работоспособно население до 2030 година, постојните резерви на работна сила и очекуваните промени на пазарот на трудот. Оваа политика треба да биде придружена со натамошно подобрување на регулативата и јакнење на капацитетите за влез и престој на странци, како и на визниот режим и визната политика. Освен тоа, во Резолуцијата за

миграциската политика се претставени заложбите за натамошно унапредување и зголемување на ефикасноста на постојниот систем на азил, според Законот за меѓународна и привремена заштита

Стратегиска област 5: Сузбивање на илегалната миграција - ***Стратегиска цел:*** *Натамошно јакнење на националните капацитети за откривање и спречување на илегалната миграција.*

Република Северна Македонија во последната деценија посвети посебно внимание на управувањето со илегалната миграција, преку креирање на посебни стратешки документи и континуирано усвојување на меѓународните стандарди за различните нејзини аспекти. При конципирањето на оваа Резолуција на миграциската политика државата останува посветена на натамошно јакнење на капацитетите за навремено откривање и спречување незаконско минување на државната граница и престој на странци, потоа унапредување на механизмот за враќање на странски државјани, како и јакнење и одржување на потребното ниво на гранична безбедност на земјата.

Стратегиска област 6: Градење партнерства за унапредување на меѓународната соработка во областа на миграциите - ***Стратегиска цел:*** *Проширување на меѓународната соработка и глобалните партнерства за различни аспекти на надворешните миграции.*

Република Северна Македонија во континуитет ја негува билатералната и меѓународната соработка во областа на миграциите, а останува посветена и за градење нови партнерства. Како земја потписничка на Глобалниот договор за безбедна, уредена и редовна миграција, Република Северна Македонија се стреми кон интензивирање на меѓународната соработка, со цел заемна помош и поддршка во процесот на реализација на овој договор. Градењето на овие партнерства, меѓу другото, е значајно и од аспект на обезбедување точни и навремени информации во сите фази на миграцискиот процес.

2. Стратешки документи и политики за миграциите и нивна координација со секторските политики

Од аспект на причинско-последичната обусловеност на миграциите и развојот, координираноста и интеракцијата на миграциската политика со другите стратешки документи и секторски политики е мошне значајна во сите фази од миграцискиот циклус. Секторските политики може, во помала или во поголема мера, да влијаат како на условеноста така и на намалувањето на негативните ефекти од надворешните миграции. Истовремено, една сеопфатна и конзистентна миграциска политика, чии мерки и активности се усогласени со оние на развојните и секторските политики, може да придонесе за унапредување на економскиот и социјалниот развој, на национално и на локално ниво. Неспорно е значењето на оваа интеракција од аспект на ублажување на последиците и импликациите од интензивната трајна емиграција во странство од една страна и интензивирање на соработката со дијаспората, како претпоставка за поттикнување на развојот на Република Северна Македонија, од друга страна.

По усвојувањето на Резолуција на миграциската политика, 2021-2025, беа конципирани и усвоени повеќе стратешки документи и политики во областа на миграциите, како континуитет на претходните активности. Миграциите се опфатени и во Стратегијата за демографска отпорност 2025-2045 и во Националната развојна стратегија 2024-2044.

- ***Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021–2025,*** изготвена од Министерството за внатрешни работи - гранична полиција, во соработка со Националниот координативен центар за гранично управување.[18]Стратегијата е усогласена со Регулативата на ЕУ во областа на интегрираното гранично управување, а нејзините стратешки цели се однесуваат на: 1. Натамошно развивање на Националниот систем за интегрирано гранично управување, согласно со Европското ИГУ и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM); 2. Јакнење на капацитетите за гранично управување и одржување на потребното ниво на гранична безбедност преку подобрување на институционалните, кадровските, техничките и инфраструктурните капацитети и унапредување на соработката на сите нивоа; 3. Јакнење на отпорноста на системот за ИГУ и подготвеност за справување со непредвидени закани од големи размери по граничната, јавната и националната безбедност, вклучувајќи ги и заканите од пандемија.[19] Во тек е развој на Национална стратегија за интегрирано гранично управување.

- ***Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија, 2021-2025 година.*** Стратегиските цели и приоритети во Националната стратегија и Акциските планови[20] се содржани во пет стратегиски области: 1. Поддржувачка рамка, 2. Превенција, 3. Идентификација и упатување, 4. Директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на жртвите на трговија со луѓе/мигрантите и 5. Ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.[21] Во тек е подготовка на Национална стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија 2026-2030.

- ***Стратегија за инклузија на лица под меѓународна заштита и странци со регулиран престој во Република Северна Македонија 2027-2031.*** Стратегијата има за цел да овозможи ефективна интеграција на лицата под меѓународна заштита, односно лица со статус на бегалец или со статус на супсидијарна заштита и странците во општеството преку обезбедување пристап до права, услуги, зајакнување на нивната социјална и економска вклученост и поттикнување општествена кохезија и еднакви можности. Стратегијата преку низа мерки, како што се изучување македонски јазик, организирање курсеви по општествена ориентација, зајакнување на вештини за пристап до пазарот на трудот и воспоставување координиран и одржлив систем за интеграција, обезбедува инклузивен

---

[18] Стратегијата е подготвена согласно Одлуката донесена на 103-та Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31.08.2021.

[19] Влада на Република Северна Македонија, *Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021–2025*, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategii-file-9eqY.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[20] Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и акциски план за борба против трговија со деца

[21] Влада на Република Северна Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, *Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија,2021-2025*, Скопје, 2021 година, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategii-file-hqJO.pdf (пристапено на 27 Јануари 2026).

процес со активно учество во општествениот живот преку што бенефит има општеството домаќин.[22]

- ***Национална стратегија за соработка со дијаспората 2025- 2030***[23] **-** Мисијата на овој стратешки документ е да воспостави одржлива, инклузивна и дигитално поврзана рамка за партнерство меѓу Република Северна Македонија и нејзините граѓани во странство, преку унапредување на институционалните услуги, зајакнување на културните, образовните, економските и спортските врски, и создавање услови за активна партиципација на дијаспората во севкупниот национален развој и промоција на македонскиот идентитет во меѓународен контекст. Овој амбициозен стратешки документќе се реализира преку остварување на повеќе општи и посебни цели и имплементација на голем број мерки и активности систематизирани во пет приоритетни области.[24] А тоа се: 1. Подобрување на конзуларните и социјалните услуги наменети за дијаспората и приспособување на законските и подзаконските акти; 2. Соработка во областа на културата и туризмот; 3. Образование и негување на мајчин јазик; 4. Спорт и спортска дипломатија; 5. Економија, инвестиции, претприемништво и надворешна трговија.

- ***Стратегија и Акциски план за демографска отпорност за Северна Македонија, 2025-2045 година***[25] **-** Мисија на овој стратешки документ е градење динамично, инклузивно и одржливо општество во кое секој човек и заедница напредува, каде градењето семејство не е само можно, туку и активно посакувано, иднината на децата и младите е остварена и нивните аспирации се исполнети и каде што отпорноста на демографските промени е обезбедена преку значителни инвестиции во човечки капитал, зајакната социјална кохезија и балансиран развој низ сите региони и социјални групи. Општата цел е да се подобри демографската отпорност преку справување со сложените и меѓусебно поврзани промени условени од намалувањето на стапките на фертилитет, стареењето на населението и континуираната емиграција, како и нивните економски и социјални импликации. Таа ќе се реализира преку имплементација на повеќе мерки сосредоточени во шест приоритетни области: 1. Создавање подобри услови за формирање семејство и раѓање деца, со цел да се премости јазот помеѓу аспирациите и вистинската плодност; 2. Ефикасно управување со меѓународната миграција за усогласување со економскиот раст и потребите за работна сила; 3. Намалување на територијалните нееднаквости во социјалните и економските услови; 4. Подобрување на човечкиот капитал: здравство, образование и култура; 5. Обезбедување на одржливоста на економската безбедност и негата за постарите лица; 6. Подобрување на ефикасноста и ефективноста на социјалните трансфери, придобивки и услуги.

---

[22] Стратегијата е во тек на изработка, како дел од процесот започнат во рамки на Националната развојна стратегија. Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, надлежна институција за нејзина подготовка е Министерството за социјална политика, демографија и млади.

[23] *Национална стратегија за соработка со дијаспората 2025- 2030* (драфт верзија), Министерство за надворешни работи, Скопје, 2026 година.

[24] Во претходната *Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023* – беше предвидено да се реализираат мерки и активности во рамки на четири столба: 1. Политичко-правни и конзуларни прашања; 2. Дијаспора и економски развој; 3. Образование, наука и млади; 4. Културните врски, културен идентитет и културното наследство. Поопширно види: Влада на Република Северна Македонија, Министер задолжен за дијаспора, *Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година,* Скопје, март 2019 година, стр. 14-15.

[25] *Стратегија и Акциски план за демографска отпорност за Северна Македонија, 2025-2045 година* (драфт верзија), Министерство за социјална политика, демографија и млади, Скопје, 2026 година, стр. 2.

- ***Национална развојна стратегија 2024-2044***[26] **-** Во визијата на овој стратешки документ, меѓу другото, се предвидува луѓето во Република Северна Македонија да имаат висок животен стандард, реализирајќи се во економија што е одржлива, конкурентна и нуди еднакви можности за сите. Целите се претставени во шест стратешки области: 1. Одржлива, иновативна и конкурентна економија; 2. Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија; 3. Демографска ревитализација и социјален и културен развој; 4. Владеење на правото и добро управување; 5. Сигурно, безбедно и отпорно општество; 6. Зелена трансформација. Во рамки на третата стратешка област еден од приоритетите е Системско управување со внатрешните и со надворешните миграциски текови. Со собирање и со анализа на податоци, земјата може подобро да ги разбере миграциските трендови, да ги препознае клучните двигатели и да одговори проактивно на внатрешните и на надворешните миграциски предизвици, како и да управува со предизвиците поврзани со младите и нивниот миграционен потенцијал, односно нивните миграциски намери и факторите кои придонеле за таквите одлуки.

Во периодот по 2020 година, во Република Северна Македонија беа усвоени стратешки документи и секторски политики во речиси сите области, кои се во директна или индиректна интеграција со миграциските процеси. Од нив, според значењето, треба да се издвојат: ***Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија* ДЕЛ I/II, *2009-2030 година;***[27]***Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 година***[28]**; *Стратегија за мали и средни претпријатија (МСП) 2025-2030, со Акциски план 2025-2027 година;***[29]***Индустриска стратегија на Република Македонија 2018-2027, со Акциски план***[30]*; Национална стратегија за вработување 2021-2027 година***[31]**; ***Стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Северна Македонија 2023-2027 година***[32]*; Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027***[33]и др.

---

[26] Собранието на Република Северна Македонија, *Национална развојна стратегија 2024-2044,* https://www.sobranie.mk/preview?id=621089cf-e90f-4a24-80d0 (пристапено на 27 Јануари 2026). a6a040327912&url=https://sp.sobranie.mk/sites/2023/materials/638633412806141585/Documents/638635453658923567.doc&method=GetDocumentContent (пристапено на 27 Јануари 2026).

[27] Министерство за животна средина и просторно планирање, *Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија, 2009-2030 година,*https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/nacionalni-strategii-file-ajhR.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[28] Собрание на Република Северна Македонија, *Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031*, април 2021 година, https://brr.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/st_76_2021.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[29] Министерство за економија и труд,*Стратегија за МСП 2025-2030, со Акциски план 2025-2027 година,* Ноември 2025 година,https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategii-met-file-jwfz.pdf(пристапено на 26 Јануари 2026).

[30] Министерство за економија, *Индустриска стратегија на Република Македонија 2018-2027, со Акциски план*, Октомври 2018 година, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strategii-met-file-5Lsv.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[31] Министерство за труд и социјална политика, *Национална стратегија за вработување 2021-2027 година,* Скопје 2021 година, https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/strategija_vrabotuvanje_2021_mkd.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[32] Министерство за финансии, *Стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Северна Македонија 2023-2027 година,*Скопје Јуни 2023 година, https://arhiva.finance.gov.mk/wp-content/uploads/2024/06/Strategija-za-neformalna-ekonomija-2023-2027_korekcija-28082023-2-1-6.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

[33] *Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027,* „Службен весник“, бр. 170, 28 јули 2022, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/rodova-ednakvost-mvr-file-GCp7.pdf (пристапено на 26 Јануари 2026).

Успешната реализација на пред-емиграционите и пост-емиграционите мерки и активности за легалната миграција во/од странство претпоставува интеракција и координираност на стратешките документи и политиките за миграциите со другите стратешки и секторски политики. Во делот на пред-емиграционите мерки и активности, насочени кон намалувањето на емиграцијата, посебно на младите и високообразованите кадри, значајно влијание би имало вкрстувањето на миграциската политика со релевантните секторски политики во областа на: образовната политика, истражувањето и развојот; политиката на вработување и политиката на пазарот на трудот; развојот на индустријата, земјоделството и другите сектори; регионалниот развој; социјалната политика и др. Притоа, не помалку значајно е поврзувањето и координираноста на самите секторски политики.

Со оглед на неповолната демографска ситуација во земјата може да се очекува сè помал прилив на нови генерации на работоспособно население. Тоа претпоставува потреба за вкрстена секторска политика на образовната и другите секторски политики, насочена кон идентификување на дефицитите од одредени профили, унапредување на образовните програми (во средното и високото образование) и насочување на младите во образовниот процес. Овие активности и поттикнувањето на соработката со бизнис-секторот, меѓу другото, преку програми за стипендирање и вработување на младите, е исклучително важен дел на превентивните мерки за намалување на емиграцијата. Притоа, не помалку значаен е „талент менаџмент“, односно воспоставување програми за препознавање и негување на талентите, придружени и со механизми за задржување на талентираните луѓе во земјата по оформувањето на нивното образование.

Координација и интеракција на миграциската политика со другите стратешки документи и секторски политики е еднакво значајна и од аспект на постемиграционите мерки, особено во делот на искористување на развојните потенцијали на дијаспората. Тоа претпоставува хоризонтален пристап при конципирањето на Стратегијата за дијаспора и потребата за нејзина координација и интеракција со стратешките документи и политиките кои директно или индиректно се поврзани со дијаспората. Ефикасна соработка со дијаспората е условена и од креирање различни миграциски мрежи (на научници, медицински кадар, инженерски кадар и др.). Со тоа би се обезбедиле контакти на заинтересираните страни, а би можеле да служат и како форум за дискусија по различни прашања.

Управувањето со меѓународните миграции е комплексен процес. Оттаму, координираноста на миграциската политика со споменатите стратешки документи и секторски политики може да придонесе за нејзина ефикасна реализација и ублажување на постојните демографски и развојни проблеми условени од надворешната миграција на национално и регионално ниво.

3. Принципи и начела на миграциската политика

При конципирањето на Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година, Владата на Република Северна Македонија се залага за дизајнирање на сеопфатна, интегрирана и конзистентна миграциска политика и останува посветена на почитувањето на препораките на меѓународните организации. Притоа, се заснова врз рамката за управување на надворешните миграции на Меѓународната организација за миграциите, која се однесува на основните елементи за уредна, безбедна, редовна и одговорна миграција

преку добро управувани политики. Како потписник на Глобалниот договор за безбедна, уредена и регуларна миграција (ГДМ) Република Северна Македонија, исто како и во претходната Резолуција на миграциската политика за периодот 2021-2025 година, се раководи од неговите 23 цели, како сеопфатен и мултидимензионален пристап за подобрување на управувањето со миграцијата, преку имплементација на предлог активностите кои овозможуваат прилагодување на промените и спецификите на нашатаземја во областа на миграциите. Освен тоа, се имаат предвид и искуствата на другите земји при креирањето и имплементацијата на документи од оваа област.

Следствено на ваквата определба при креирањето на Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година се поаѓа од **трите принципи** на рамката за управување на надворешните миграции на Меѓународната организација за миграции. Во нив се идентификуваат потребните услови за добро управување со миграцијата преку создавање поефикасно окружување за максимизирање на резултатите од миграциската политиката која ќе биде корисна за сите. Истовремено, со почитувањето на овие принципи државата ќе обезбеди системски услови за добро управување со миграцијата. Трите принципи се однесуваат на:[34]

Принцип 1:Почитување на меѓународните стандарди и исполнување на правата на мигрантите. Хуманата и уредна миграција бара усогласеност со меѓународното право. Обврската за почитување, заштита и исполнување на правата на поединците е од најголема важност и се однесува на сите поединци на територијата на една држава, без оглед на националноста или миграцискиот статус и без дискриминација. Тоа има за цел да се зачува нивната безбедност, физички интегритет, благосостојба и достоинство. Заштитата на правата на поединците вклучува борба против ксенофобијата, расизмот и дискриминацијата, потоа почитување на принципите на еднаквост и недискриминација, како и обезбедување сеопфатен пристап до заштита.

Принцип 2:Миграциската и сродните политики најдобро се формулираат со користење на докази и вклученост (пристап) на целата Влада. Миграциската политика мора да се базира на факти и сеопфатна анализа на придобивките и ризиците што движењето на луѓето ги претставува за државата. Доброто управување со миграцијата, претпоставува државата да користи и анализира веродостојни податоци и информации, меѓу другото, за демографијата, прекуграничните движења, дијаспората, пазарите на трудот, сезонските трендови на миграциите, образованието и здравството. Освен тоа, треба да се осознае и заемната поврзаност на миграциските текови и деградацијата на животната средина, климатските промени и глобалните промени (кризи и шокови).Законите и политиките што влијаат на мобилноста на населението вклучуваат многубројни аспекти (патување и привремена мобилност, имиграција/емиграција, пазари на трудот, економски и социјален развој, секторски политики, социјална кохезија и социјални услуги, надворешна и хуманитарна политика). Оттаму, доброто управување со миграцијата се потпира на вклученост на целата Влада, односно сите министерства со одговорности во областа на мобилноста на населението. На тој начин со миграциската политика може да се унапредуваат поширокитe интереси на државата.

---

[34] International Organization for Migration, "Framework for Migration Governance" https://mena.iom.int/sites/g/files/tmzbdl686/files/documents/migof_brochure_a4_en_0.pdf (пристапено на 25.01.2026 год.)

Принцип 3:Доброто управување со миграцијата се потпира на силни партнерства. Според својата природа, миграцијата и мобилноста вклучуваат повеќе актери: држави и нивните соседи, локални заедници, мигранти и нивните семејства, дијаспора, работодавачи и синдикати. Освен тоа, постојат десетици меѓувладини и невладини организации чии мандати се однесуваат на миграцијата и хуманитарната акција. Доброто управување со миграцијата бара партнерства со меѓународните организации за соодветно разбирање на миграцијата и за развој на сеопфатни и ефикасни пристапи.

Република Северна Македонија, како земја која од 2018 година активно партиципира во спроведување на Глобалниот договор за безбедна, уредена и регуларна миграција, при дизајнирањето на новата Резолуција на миграциската политика државата се раководи и од ***основните принципи на ГДМ***.[35]Овој договор препорачува мерките и активностите на миграцијата да се темелат на 10 меѓусебно зависни и сеопфатни *принципи*: Фокус на луѓето; Меѓународна соработка; Национален суверенитет; Владеење на правото; Одржлив развој; Човекови права; Сензитивен кон децата; Родово респонзивен; Целосна вклученост на Владата; Целосна вклученост на општеството.

Во согласност со 360 степени пристапот на Глобалниот договор за безбедна, уредена и регуларна миграција, 23-те цели илустрираат сеопфатен, мултидимензионален пристап за подобрување на управувањето со миграцијата.[36] ГДМ почива на Универзалната декларација за човекови права и на секој од деветте основни меѓународни договори за човекови права, кои треба да бидат поддржани во текот на спроведувањето на 23-те цели. Исто така, ГДМ ги респектира другите меѓународни конвенции и договори кои се однесуваат на меѓународните миграции.

Покрај споменатите принципи на ГДМ, новата Резолуција на миграциската политика, 2026-2030 година се темели и на следниве **принципи**:

- ***Конзистентност*** - усогласеност на политиките за легалната и илегалната миграција (емиграцијата на македонските граѓани во странство; доселувањата и интеграцијата на странците; илегалната миграција и трговијата со луѓе; азилот и заштитата на бегалците) меѓу себе и со миграциската политика во поширока смисла;
- ***Компатибилност*** - усогласеност на миграциската политика со демографската, економската, социјалната и другите секторски политики на земјата. Тоа претпоставува проверка на усогласеноста на целите на споменатите политики, ефикасноста на усвоените мерки и нивно континуирано приспособување на промените на миграциските процеси;
- ***Транспарентност*** - при спроведувањето на одделните политики и севкупната миграциска политика во однос на административните процедури и трошењето на финансиските средства, со цел да се осигури доверба и поддршка на јавноста;

---

[35] International Organization for Migration, "Global Compact for Safe, Orderly and Regular Migration (GCM). https://www.iom.int/global-compact-migration (пристапено на 25.11.2025)

[36] Освен разгледувањето на миграцијата во сите нејзини фази - потекло, транзит, дестинација и враќање, 23-те цели на ГДМ имаат за цел да ги решат неповолните двигатели на миграцијата, самите патувања, пристигнувањето и приемот на мигрантите, можностите на мигрантите за социјална и економска благосостојба во земјите на прием, како и враќање, реадмисија и реинтеграција.

- ***Одржливост*** - во смисла на дизајнирање, подготовка и следење на имплементацијата на мерките и активностите на миграциската политика, која не треба да зависи од промените во организационите структури.
- ***Отчетност*** - на сите институции и организации надлежни за имплементација на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата на миграциската политика, 2026-2030 година.

Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година се темели на следниве **основни начела**:

- ***Сеопфатна политика базирана на докази, која е развиена во тесна соработка со релевантните партнери.*** Имплементација на сеопфатна и кохерентна национална миграциска политика, конципирана врз основа на релевантни сознанија, со учество на ситевладини институции и во тесна соработка со канцеларииите на меѓународните организации во земјата, како и ангажирање на релевантни партнери на национално и регионално ниво (владини агенции, научни институции, невладини организации и др.);
- ***Почитување на меѓународните стандарди, човековите права и заштита*** на мигрантите согласно меѓународното право, посебно на ранливите категории на мигранти, и на меѓународните стандарди поврзани со престојот на странци. Ова начело имплицира и сузбивање на ксенофобијата, расизмот и дискриминацијата, како и инкорпорирање на родова еднаквост во миграциската политика;
- ***Почитување на особеностите на легалната и илегалната миграција***, посебно на промените во обемот и структурните белези на мигрантите, нејзината условеност и влијание врз социоекономскиот развој, како и на неопходноста од примена на соодветни пристапи при управувањето на миграциските процеси;
- ***Адресирање на социоекономските потреби на земјата.*** Поддршка на трудовата миграција (привремената и циркуларна миграција), вклучување на мигрантите во развојните процеси и поттикнување на brain-gain. Интегрирање на новите мигранти и реинтеграција на повратниците, како и обезбедување на пристап до здравствени и социјални услуги.
- ***Пристап до легалната миграција*** преку транспарентна и ефикасна примена на миграциското законодавство и имплементирање на ефикасен визен режим. Обезбедување на регуларни канали за миграцијата во согласност со националната развојна политика. Прибирање на веродостојни и навремени информации за миграциските текови и дисеминирање на соодветни информации за миграциските политики и процедури за да може мигрантите да донесат одлуки базирани на релевантни информации. Обезбедување на сигурен, флексибилен и економичен пристап до услуги за странците кои престојуваат во земјата.
- ***Политика која е адаптибилна и антиципативна*** може да одговори на предизвиците во време на криза, односно да ги ублажи ризиците поврзани со масовните миграциски текови**.** Во овој поглед од посебно значење е интеракцијата на миграциската политика со политиките кои се однесуваат на управувањето со кризите, како и примената на аналитички и форсајт пристапи кои овозможуваат навремено препознавање на потенцијалните ризици и подготовка за можни идни миграциски динамики кои овозможуваат поантиципативен пристап во управувањето со миграциските процеси.

Миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2026-2030 година ги обединува сите релевантни аспекти на политиките во однос на легалните миграциски текови и на илегалната миграција. Со оглед на комплексноста на мобилноста на населението во миграциската политика за наредниот петгодишен период посебно внимание се посветува на значењето на инструментите за управувањето на миграциските текови, односно визниот режим, поддршката и заштитата на македонските граѓани во странство, регулирањето на престојот на странците по различни основи и македонското државјанство, потоа релевантните правни аспекти, како и на билатералната и мултилатералната соработка. Миграциската политика има елементи на хоризонтална политика, што претпоставува нејзина координација и интеракција со секторските политики и другите стратешки документи на земјата во делот на миграциите. Инхерентната сложеност, зголемената динамика и диверзифицираност на миграциските текови, пак, претпоставуваат ангажираност и поддршка на сите релевантни институции, претставниците на меѓународните организации и на невладиниот сектор во земјата.

4. Основи и претпоставки за креирање на Резолуцијата на миграциската политика 2026–2030

4.1 Инструменти на миграциската политика

4.1.1 Визен режим

Визната политика на Република Северна Македонија во голема мера е усогласена со законодавството на Европската Унија. Основата на усогласувањето произлегува од примената на Регулативата (ЕУ) 2018/1806, која ја утврдува визната листа на Европската Унија, како и од процедурите утврдени во Регулативата (ЕК) број 810/2009. По воведувањето на визната либерализација во 2009 година,[37] Република Северна Македонија постигна висок степен на усогласеност со визна политика на Европската унија. Во првата деценија од примената на безвизниот режим, националното законодавство и практики постепено беа усогласувани со европските стандарди во областа на визна политика и управување со миграции. Според последните извештаи за проширување на Европската комисија, Северна Македонија останува во голема мера усогласена со визната политика на Европската Унија и е оценета со добар напредок *во оваа област*.

Според состојбата во 2020 година, виза за влез во Република Северна Македонија не е потребна за државјаните на земјите членки на ЕУ и потписнички на Шенгенскиот договор (истите имаат право на влез во Република Северна Македонија и со важечка лична карта). Што се однесува до државјаните на трети земји со привремен или постојан престој во земја членка на ЕУ или потписничка на Шенгенскиот договор, можат да престојуваат најмногу до 15 (петнаесет) дена при секој влез на територијата на Република Северна Македонија, а вкупното траење на последователните престои не смее да биде подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена. Освен тоа, државјани на трети земји со важечка повеќекратна Шенген Ц виза со рок на важност подолг од најмалку 5 (пет) дена од планираниот престој во Република Северна Македонија, можат да престојуваат најмногу до 15 (петнаесет) дена при секој влез на територијата на земјата, а вкупното траење на последователните престои не смее да биде подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена.

---

[37] На 19 декември 2009, година Европската Унија ги укина визите за краток престој (90 денови во 180 денови, сметано од денот на првиот влез) на македонските државјани во земјите од Шенгенската зона.

Промените во визната политика доведоа до постепено намалување на ***бројот на барања за визи и промени во бројот на одбиени апликации***. Во периодот *2009-2019 година* биле издадени вкупно 34.648 визи.[38] Во периодот *2020-2025 година*, пак, биле издадени вкупно 15039 визи. Најголем дел од нив се однесуваат на Ц визи (62,7%), а 37,3% на Д визи. Набљудувано по години нивниот број забележа континуиран и многукратен пораст по Ковид-19 пандемијата.[39] Податоците за вкупниот број одобрени барања за визи во овој период (15039) според полот на апликантите покажуваат дека од нив 65,9% се мажи, а 34,1% жени. Во периодот 2020-2025 година биле одбиени вкупно 4032 апликации за визи (од нив 70,2% Ц визи и 29,8% Д визи), чиј број, исто така, бележи голем пораст по 2023 година.[40] Оттаму може да се констатира дека во последните пет години значително е зголемен бројот на одбиени апликации за визи.

Од 2009 до 2019 година, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија (МНРНТ) издало визи на државјани од околу 180 земји, при што 75% од сите визи се однесуваат на државјани од околу 30 земји. Најголем број визи биле издадени на државјани на: Турција, Кина, Индија, Руската Федерација, Украина, Ерменија, Молдавија, Грузија, Иран и на Египет.[41] Во периодот 2020-2025 година визи биле издадени на апликанти од 147 земји и на 772 лица без државјанство (5,1% од вкупниот број одобрени барања за визи). Податоците покажуваат значителни промени во бројот на одобрените барања за визи според државјанството на апликантите. Доминантен дел (82,8%) од издадените визи отпаѓаат на државјани од 30 земји. Систематизирани во три групи тоа се:

Првата група ја сочинуваат државјаните на: Бангладеш. Индија, Непал, Руската Федерација, Кина, Филипини, Египет, Турција, Казахстан, Азербејџан. Бројот на одобрени апликации за визи на државјаните од овие земји во овој период изнесува 9331, што претставува повеќе од три петтини (62,0%) од вкупниот број издадени визи (15039).

Во *Втората група* се издвојуваат државјаните на: Ерменија, Сирија, Пакистан, Ирак, Узбекистан, Јордан, Туркменистан, Тајланд, Киргистан, Иран. За државјаните на овие земји биле одобрени 2130 барања за визи, односно 14,2% од вкупниот број издадени визи.

Во *Третата група* влегуваат државјаните на: Таџикистан, Индонезија, Нигерија, Тунис, Либан, Косово, Јужноафриканската Република , Монголија, Мароко, Албанија. За нив биле одобрени 993 апликации за визи или 6,6% од вкупниот број издадени визи.

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија презема континуирани активности за дополнително опремување на граничните премини со работни станици

[38] Податоците за одобрените/одбиените барања за визи за периодот 2009-2019 и 2020-2025 година се преземени од документацијата на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, односно Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија.

[39] Бројот на одобрени барања за визи по години изнесува: 537 (2020), 1175 (2021), 1994 (2022), 2282 (2023), 3693 (2024) и 4862 (2025 година).

[40] Бројот на одбиени барања за визи по години изнесува: 98 (2020), 277 (2021), 663 (2022), 988 (2023), 1001 (2024) и 741 (2025 година).

[41] Во периодот 2009-2019 година бројот на одобрените апликации за визи на лицата без државјанство изнесува 2451 или 7,1% од вкупниот број одобрени барања за визи.

поврзани директно со ***Националниот виза информациски систем*** (Н-ВИС) и за инсталација на видео спектрални компаратори наменети за секундарна контрола со цел откривање на фалсификувани документи.[42] Во Стратешкиот план на МПРПТ за периодот 2021-2023 година беше предвидена набавка и инсталирање на опрема (хардвер и софтвер) за обработка и чување на биометриски податоци (отисоци од прсти) во рамките на Н-ВИС и негово континуирано тековно одржување.[43]Тоа имаше за цел усогласување на Регулативите на ЕУ со постапката за издавање визи. Покрај овие активности во Стратешкиот план на МНРНТ за периодот 2022-2024 година беше предвидена набавка, инсталирање и одржување на базни станици за прием на барања и издавање на пасоши во ДКП-та на Република Северна Македонија, потоа набавка и инсталирање на софтвер за електронска евиденција на издадените дипломатски и службени пасоши и визи, како и интензивирање и продлабочување на конзуларната соработка со странските држави по пат на одржување на конзуларни консултации, иницирање на конзуларно застапување во трети земји.[44]

Реализацијата на активностите во делот на набавка, инсталирање и одржување на базни станици за прием на барања и издавање на пасоши во ДКП-та на Република Северна Македонија и интензивната соработка со МВР, резултираше со олеснета и забрзана постапка за ***издавање пасоши на македонските државјани во странство.*** Имено, од 2020 до 2025 година во ДКП-та на Република Северна Македонија се издадени вкупно 88.492 патни исправи, при што по години нивниот број се движи: 19.772 (од октомври 2021 до декември 2022 година), 23.483 (2023), 37.097 (2024) и 8.140 (2025 година).[45] Во периодот 2009-2019 година, пак, преку мобилните станици во ДКП-та биле издадени вкупно 25.803 биометриски патни исправи (9.191 од 2009 до септември 2014 година и 16.612 од 2015-2019). Тоа значи дека по 2020 година повеќе од трипати е зголемен бројот на издадени патни исправи преку мобилните станици во ДКП-та на Република Северна Македонија.

Намалување на бројот на неосновани баратели на азил од Република Северна Македонија во земјите членки на ЕУ/Шенген, беше еден од предизвиците на надлежните институции и дел од предвидените активности во сите претходни Резолуции на миграциската политика. По воведувањето на безвизниот режим со Европската унија, беше забележан зголемен број на неосновани барања за азил од страна на македонски државјани во земјите членки на ЕУ/Шенген. Со цел намалување на злоупотребите, надлежните институции презедоа низа мерки, вклучително: идентификување ризични подрачја; оперативни активности на Министерството за внатрешни работи; информативни кампањи за јавна свест.[46] Кампањата „Стоп за злоупотреба на визната либерализација“ имаше за цел информирање на граѓаните за ризиците од поднесување неосновани барања за азил.

---

[42]Во периодот по 2015 година седум гранични премини дополнително беа опремени со работна станица поврзана директно со (Н-ВИС), а на шест најфреквентни гранични премини се инсталираа видеоспектрални компаратори (VSC) наменети за секундарна контрола со цел откривање на фалсификувани документи. Тоа овозможи директна контрола на веќе издадените визи во ДКП-та во странство, како и електронско издавање на виза на самиот граничен премин.

[43]Стратешки план 2021-2023 година, Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-file-yw5h.pdf (пристапено на 4 февруари 2026)

[44] Стратешки план 2022-2024 година, Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-file-gqD6.pdf (пристапено на 4 февруари 2026)

[45] Податоци од Годишни извештаи за 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за внатрешни работи на РепубликаСеверна Македонија и од документацијата на МВР.

[46] Беше формиран Висок комитет на министри со цел следење на имплементацијата на визната либерализација со ЕУ, вклучувајќи го и следењето на овој феномен.

Податоците на Европската комисија претставени во Атласот за миграции покажуваат дека овие мерки и активности дадоа резултати. Имено, бројот на македонски граѓани кои прв пат побарале азил во некоја од земјите на ЕУ од 27150 лица[47] во периодот 2015-2019 година, се намали на 13080 лица или за повеќе од двапати во временскиот интервал 2020-2024 година.[48] Во Извештајот на ЕК за 2025 година, пак, се наведува дека според податоците на Евростат 6760 (2023) и 3375 (2024 година) државјани на Република Северна Македонија поднеле барање за азил во ЕУ-27. Евидентна е разликата на податоците на Европската комисија и Евростат за барателите на азил од Република Северна Македонија за 2023 и 2024 година. Од 2015 до 2024 година речиси сите барања (98%-99%) за азил на македонските граѓани во земјите членки на ЕУ/Шенген беа одбиени.

Во Извештајот на Европската комисија за 2025 година[49] се констатира дека визниот режим во голема мера е усогласен со списоците на ЕУ за земји кои задолжително мора да поседуваат виза и оние со безвизен режим, освен за Турција, чии државјани подложат на виза за влез во Шенген-зоната, но може да влезат без виза во Република Северна Македонија. Во седмиот извештај на Европската Комисија, во рамки на Механизмот за суспензија на визниот режим за 2024 година, е констатирано дека Република Северна Македонија продолжила да презема дејства за постапување според претходните препораки на Комисијата.

Предизвици - идни активности во областа навизниот режим - *Република Северна Македонија останува посветена на понатамошно усогласување со acquis на Европската унија во областа на визна политика. Степенот на усогласеност со визна политика на Европската Унија надминува 95%, со што Република Северна Македонија останува меѓу најусогласените земји од регионот на Западен Балкан во оваа област. Во рамки на понатамошното усогласување, земјата ќе продолжи со постепено приближување кон визна политика на Европската унија, имајќи ги предвид и традиционалните економски и трговски односи со одредени партнери. Министерството за надворешни работи и надворешна трговија планира модернизација на Националниот визен информациски систем (Н-ВИС) во периодот 2026–2028 година. Новиот систем ќе овозможи поефикасно управување со визите и обработка на биометриски податоци од барателите на виза. Паралелно со тоа, ќе продолжат активностите за зајакнување на административните капацитети во дипломатско-конзуларната мрежа, вклучително преку редовни обуки на дипломатско-конзуларниот персонал во областа на визна политика, безбедност на документи и откривање фалсификувани документи.*

---

[47] По години тој изнесува: 10545 лица (2015), 6135 (2016), 4250 (2017), 3425 (2018) и 2805 (2019 година). Извор: European Commission, Joint Research Centre, *Atlas of Migration*, 2019 и 2020(пристапено на 20 декември 2025).

[48] По години тој изнесува: 840 лица (2020 година), 3015 (2021), 3595 (2022), 3755 (2023) и 1835 (2024 година). Извор: European Commission, Joint Research Centre, *Atlas of Migration*, 2022, 2024, 2025 (пристапено на 20 декември 2025 год.).

[49] EuropeanCommission, Commissionstaffworkingdocument, *NorthMacedonia 2025 Report*, 2025 Communicationon EU enlargementpolicy, Brussels, 4.11.2025. https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368e-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf (Пристапено на 20 јануари 2026).

4.1.2 Поддршка /заштита на граѓаните на Република Северна Македонија кои работат и престојуваат во странство

Согласно со Уставот и со Законот за надворешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија (МНРНТ) се грижи за положбата и човековите права на државјаните на Република Северна Македонија кои привремено или постојано престојуваат во странство, како и за дијаспората. Притоа, МНРНТ со своите активности настојува континуирано да ја унапреди и да обезбеди квалитетна заштита на интересите на граѓаните на Република Северна Македонија во странство преку проширување на неговата дипломатско конзуларна мрежа (дипломатските и конзуларните претставништва) и континуирано унапредување на конзуларните услуги.[50]
Македонските амбасади и конзулати во делот на конзуларно-административните услуги се овластени да вршат: нотарски работи; легализација на документи; спроведуваат дел од постапката за прием или отпуст од македонско државјанство; изработка и заверка на полномошно, изјави и други документи, правно советување; посредуваат при упис во матичните книги за родени, венчани и умрени; издаваат спроводници; спроведуваат процес на издавање или замена на пасоши; издаваат патни листови во случаите на губење или кражба на пасош; вршат активности од областа на семејството, алиментација, старателството над малолетни лица; заштита на деловно неспособни лица; работно правна заштита; издавање на потврди за живот, за важење на домашни прописи или автентичност на национални документи и други услуги од управна природа неопходни за регулирање на одредени права пред органите на земјата во која престојуваат македонските државјани. Дипломатско конзуларните претставништва даваат конзуларна помош и во следните посебни случаи: лишување од слобода, притвор или казна затвор; несреќа или болест.[51]

Согласно со заложбите на МНРНТ за поефикасни конзуларни услуги, активно се користи Глобал СОС систем, преку кој се даваат соодветни информации за успешно решавање на прашања од конзуларната проблематика. Во 2019 и 2020 година беше имплементиран Акцискиот план на Владата на Република Северна Македонија за прием на барања и издавање на пасоши преку ДКП-ата на МНРНТ. Со измените во Законот за патните исправи, на државјаните на Република Северна Македонија им се продолжи важноста на пасошите до 31.12.2021.

Во 2019 година Владата ја усвои Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората за периодот 2019-2023 година.[52] Во процес на усвојување е нова Национална стратегија за соработка со дијаспората 2025-2030. Конципирањето и реализацијата на овој стратешки документ е во надлежност на Секторот

---

[50] Заштитата на интересите на граѓаните се спроведува согласно меѓународни конвенции (Виенските конвенции за дипломатски и конзуларни односи од 1961 и 1963 година), и националното законодавство, Законот за надворешни работи (членови 8, 26 и 28).

[51] На барање на македонскиот граѓанин, конзуларните претставници стапуваат во контакт со членовите на неговото семејство и го информираат; стапуваат во контакт со надлежните органи на странската држава и се информираат за поединостите на обвинението со цел да дадат соодветна правна помош; укажат на евентуално кршење на човековите права и хуман третман; барање на правен застапник или преведувач. При несреќа или болест, конзуларната заштита е насочена кон известување на семејството и надлежните институции за преземање неопходни мерки за болничко лекување, транспортирање или извлекување од загрозеното подрачје.

[52] Со формирањето на Влада по изборите на 15-ти јули 2020 година и укинувањето на функцијата министер без ресор задолжен за дијаспора, надлежностите во однос на реализацијата на овој документ во целост потпаднаа под МНР.

за дијаспора во рамки на Директоратот за економска и јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на (МПРПТ). Во периодот по 2020-та година продолжија и активностите на државата за јакнење на комуникацијата и унапредување на грижата и соработката со дијаспората, преку поддршка на конкретни проекти на дијаспората.[53] Согласно со Стратешкиот план на МНРНТ за периодот 2023-2025 година,[54] во делот на грижа за дијаспората продолжи финансиска поддршка на проектните барања за потребите на дијаспората на Северна Македонија.

По 2023 година продолжи и реализацијата на проектот М Карта којшто има за цел обезбедување на механизам на соработка од заемна корист за државата и дијаспората. Министерството за надворешни работи го претстави проектот М Карта во 2021 година. Таа е наменета за граѓани со потекло од Република Северна Македонија и претставува потврда и признание за истакнати личности или поединци од земјата кои живеат во странство (успешни доктори, научници, бизнисмени, културни работници и други), кои со својата работа и професионалност покажале истакнат успех и со тоа допринеле за промоција на земјата во светот. Идејата е овие поединци да бидат дел од една поширока мрежа која континуирано би била вклучена во општествените текови во државата, а имателите на картата да добијат и одредени бенефиции. Доделувањето на М Картата се реализираше во строго предвидена процедура водена и координирана од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија. Во рамки на овој проект се доделени 69 М-Карти на истакнати припадници на нашата дијаспора како признание за нивниот придонес и континуиран напор за унапредување на пријателството, партнерството и блиската соработка помеѓу Република Северна Македонија и други држави, а која има за цел зацврстување на врската меѓу државата и дијаспората, нејзино поголемо вклучување во општествениот живот на земјата и пивна натамошна активна улога за нејзина промоција.

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија посебно внимание посветува на продлабочувањето на културната соработка со дијаспората во контекст на образовни мерки и младински политики, како и на воспоставувањето на поблиски економски и бизнис релации. Имено, континуирано се преземаат активности за воспоставување нови и зајакнување на постојните бизнис врски, особено во енергетиката, градежништвото, агробизнисот, туризмот и др. Со стратешкиот план 2023-2025 на МНРНТ беше предвидено и организирање на научна конференција „Лекари од дијаспората“, како и други активности кои придонесуваат за продлабочување на врските на истакнати личности припадници на дијаспората со матичната земја во оваа област. Јавната и културната дипломатија, вклучително и преку дијаспората, се во фокусот на работата на МПРПТ со цел што поуспешна меѓународна презентација на постигнувањата во надворешната политика и создавање позитивна меѓународна перцепција за Република Северна Македонија.

Со поставувањето на базните и мобилни станици во ДКП-та за прием на барања и издавање на пасоши, значително се унапреди квалитетот на конзуларните услуги што ги обезбедува МНРНТ. Конкретен показател е зголемениот прием на барања за издавање на пасоши и бројот на издадените патни исправи преку ДКП-ата на Република Северна Македонија.

---

[53] Во рамки на поддршката на проектните иницијативи за дијаспората кои имаат за цел реализирање на правото на национален, јазичен и културен идентитет, во 2019 беа поддржани вкупно 19 проекти. Во 2020 година Јавниот повик за проектни апликации наменет за правни и физички лица од дијаспората не се реализираше поради пандемијата.

[54] Стратешки план 2023-2025 година, Министерство за надворешни работи наРепублика Северна Македонија, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-file-vvzX.pdf (пристапено на 4 февруари 2026)

***Предизвици**: Останува потребата за континуирано унапредување на поддршката / заштитата на граѓаните на Република Северна Македонија кои работат и престојуваат во странство*

- Во услови на растечка емиграција на македонските граѓани унапредувањето на квалитетот на конзуларните услуги за македонските државјани кои работат и престојуваат во странство останува еден од постојаните приоритети во македонската надворешна политика.

- Порастот на циркуларна миграција по 2020-та година, особено во земјите од регионот, имплицира потреба за континуираното обезбедување на информации за легалните процедури на оваа миграција, како и нивна заштита преку меѓудржавни договори за соработка во областа на трудовата миграција (посебно на ранливите категории на мигранти, нискоквалификуваните мигранти, жените мигранти и др.).

- Посебен предизвик претставува грижата за дијаспората и унапредувањето на нејзините врски со Република Северна Македонија, преку соработка со дијаспората во различни области, посебно нејзиното активно вклучување во ревитализацијата и засилувањето на економската, јавната и културната дипломатија.

4.1.3 Престој и вработување странци

Привремениот и постојаниот престој на странците во Република Северна Македонија се уредува со Законот за странци[55], како и кохерентни и транспарентни процедури усогласувани со националните потреби и интереси, и хармонизирани со оние на Европската Унија. Вработувањето на странците, пак, се уредува со Законот за вработување и работа на странци, а се реализира врз основа утврдена постапка за добивање работни дозволи за работно ангажирање на странци во земјата.

Во однос на регулативата за престојот на странците, која континуирано се надополнува и унапредува, значителен напредок беше направен со усвојувањето на новиот Закон за странци од 2018 година, како и неговите измени и/или дополнувања во 2019, 2021 и 2023 година, со кој сеопфатно е регулиран краткорочниот, привремениот и постојаниот престој на странците во Република Северна Македонија. Притоа, прецизно е регулиран привремениот престој на странците по различни основи: работа; школување или студирање; учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти; специјализација, стручно усовршување или практично оспособување; волонтирање; научно - истражувачка дејност; лекување; сместување или згрижување во установи за стари лица; семејно обединување или хуманитарни причини и др[56]. Привремен престој се продолжува за време што е потребно за исполнување на целта на престојот, но не подолго од една година. Постојан престој, пак, се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето

---

55 Закон за странци на Република Северна Македонија (консолидиран текст), https://dejure.mk/zakon/zakon-za-stranci (пристапено 31.1.2026)

56 Освен тоа, привремен престој се одобрува и на: странец кој е член на потесното семејство на државјанин на Република Северна Македонија; странец кој по потекло е од Република Северна Македонија; дете на странец родено во Република Северна Македонија; странец резидент на држава членка на Европската Унија или на ОЕЦД, кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда или куќа на територијата за Република Северна Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.

на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал во Република Северна Македонија врз основа на одобрен привремен престој, но и по други основи.[57]

Пристапот до пазарот на труд, односно вработувањето на странци во Република Северна Македонија е уреден со Законот за странци и Законот за вработување и работа на странци.[58] Согласно со овие закони, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е надлежна за издавање мислење врз основа на исполнетоста на квотата и проверка на моменталната состојба на пазарот на труд, кое мислење Агенцијата за вработување го издава кон МВР во постапката за регулирање на престој по основ на работа на странец (врз основа на издаденото мислење од Агенцијата, како и исполнетост на останатите законски услови, МВР издава Решение за регулиран престој по основ работа на странец). Само за определен/помал број на странци (кои имаат регулиран престој по друг основ Агенцијата е надлежна за издавање на работна дозвола. Агенцијата е надлежна институција за регистрација на работата на странец односно, во согласност со горенаведените закони, работодавачот е должен да изврши регистрација на работата на странецот во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

При вработувањето на странците се води грижа и за заштита на домашниот пазар на труд. Имено, согласно со овој закон, Владата на Република Северна Македонија утврдува годишна квота на работни дозволи преку која го ограничува бројот на странци на пазарот на трудот. Годишната квота на работни дозволи не може да надминува 5% од населението на Република Северна Македонија, кое законски (формално) е вработено, согласно податоците на Државниот завод за статистика[59]. Креирањето на државната политика за бројот на издадени работни дозволи на годишно ниво се темели на развојните потреби на државата, како и на статистиките/информациите на Агенцијата за вработување за состојбите и искажаните потреби од работна сила на пазарот на труд во Република Северна Македонија. За потребите на подготовка на годишната квота АВРСМ до Министерството за економија и труд доставува податоци од претходна година/години во врска со бројот и видот на вработувања на странци во земјата.

Последните години вработувањето на странци во земјата бележи континуиран пораст, кој се должи на зголемената потреба за работна сила на пазарот на трудот. Притоа, евидентна е заложбата за поедноставување и олеснување на пристапот на работна сила од странство до пазарот на труд на Република Северна Македонија, меѓу другото и со дигитализација на процесот. Така на пример, во рамки на Иницијативата „Отворен Балкан" (меѓу Република Северна Македонија, Србија и Албанија) договорена е соработка во областа на слободен пристап до пазарот на труд за граѓаните од трите држави и поедноставување на процедурите при вработувањето. За таа цел овој процес е целосно дигитализиран, односно развиен е систем за доделување на ОБ ИД број и електронска услуга за обезбедување на слободен

57 Под исти услови се одобрува постојан престој на лица под меѓународна заштита, по основ на семејно обединување, но само на членовите на потесното семејство, како и на странецот престој е во интерес на Република Северна Македонија.
58 Правилник за начинот на издавање на мислење за исполнетост на условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец заради работа („Службен весник" број 117 од 27 јуни 2016 година).
59 Квотата за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија до Владата ја предлага Министерот надлежен за работите од областа на трудот (Министерство за економија и труд) по предлог на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, а во соработка со министрите одговорни за соодветните области. За квотата на работни дозволи за странци свое мислење може да даде и Економско-социјалниот совет.

пристап до пазар на труд. Целокупната постапка (од барање до издавање сертификат), се реализира електронски преку uslugi.gov.mk (за лица од Србија и од Албанија)[60].

4.1.4 Македонско државјанство

Македонското државјанство, како еден од значајните инструменти на миграциската политика на Република Северна Македонија, се регулира со Законот за државјанство од 1992 година, чии одредби и шесте досегашни измени и дополнувања имаа за цел воспоставување баланс меѓу начелата на меѓународното право, интересите на поединците и интересите на државата во оваа област. Денес Законот за државјанство претставува солидна основа за решавање на прашањата на мноштвото индивидуални случаи во областа на државјанството, вклучително и оние во делот на сукцесијата на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ).

Промените во областа на **стекнувањето и на државјанството** на Република Северна Македонија по 2020-та година се разгледуваат во контекст на манифестираните отстапувања од трендовите во периодот 2009-2019 година. Притоа, тие се согледуваат како од аспект на нивниот број, основот на стекнување, земјите на претходно државјанство, така и на други релевантни информации за креирање на миграциската политика за периодот 2026-2030 година. Податоците на Министерството за внатрешни работи за бројот на лицата кои се стекнале со македонско државјанство, како и основот по кој го добиле истото, во периодот по 2009 година покажуваат релативно стабилен тренд на промени, но со тенденција на намалување во последните пет години.[61] Имено, во периодот 2009-2025 година со македонско државјанство, по сите основи, се стекнале вкупно 18067 лица, од кои 6792 лица во периодот 2009-2014 година, 5868 од 2015-2019, а 5407 лица од 2020 до 2025 година.[62] Просечниот годишен број на лица кои добиле македонско државјанство изнесува 1358, 1467 и 1081 лица респективно, односно покажува дека тој бил најголем во временскиот интервал 2015-2019 година. Најголем дел (5193 лица или околу 96%) од новите македонски државјани по 2020 година се по основ на природување, односно натурализација. Бројот и учеството на оние кои добиле македонско државјанство по основ на потекло беше и остана мошне мал (214 лица или 4%).[63]

Податоците на МВР покажуваат дека во периодот 2009-2025 година беше и остана најголемо учеството на полнолетните новопримени државјани во земјата, а кое изнесува 96,1% (2009-2014), 98,0 (2015-2019), а 94,4% во периодот 2020-2025 година. Тоа укажува на одреден апсолутен и релативен пораст на застапеноста на малолетните лица кои стекнале

---

60 Агенција за вработување на Република Северна Македонија, https://av.gov.mk/otvoren-balkan-severna-makedonija-srbija-i-albanija-ns_article-izvestuvanje-za-otpocnuvanje-na-uslugata-sloboden-pristap-do-pazar-na-trud.nspx (Пристапено на 10 февруари 2026 година).

61 Во првите неколку години од примената на Законот за државјанство бројот на лица кои по пат на натурализација стекнаа македонско државјанство беше драстично поголем. Тоа е период во кој лицата кои потекнуваа од поранешната СФРЈ и кои долги години, како и во времето на сукцесијата живееле и продолжиле да живеат во земјата и го регулираа државјанскиот статус во Република Македонија.

62 Нивниот број по години изнесува: 460 (2020) 443 (2021), 1042 (2022) 1217 (2023),1163 (2024) и 1082 лице (2025 година), односно тој е најмал за време и непосредно по Ковид-19 пандемијата.

63 Во однос на македонско државјанство по основ на потекло треба да се има предвид дека по потекло добиваат малолетни и полнолетни лица кои се родени во странство и се запишуваат во МКР во Управата за водење на матичните книги, се доделува државјанство и им се определува МБ по член 4 и член 5 од Законот за државјанството.

македонско државјанство, по 2020 година. Во периодот 2020-2025 година бројот на полнолетните лица изнесува 5102, а на малолетните 305 лица.

По 2020 година одредени промени, во споредба со претходниот период, може да се констатираат во однос на земјите на претходно државјанство на лицата кои бараа прием во државјанство на Република Северна Македонија. Околу две третини од вкупниот број лица кои се стекнале со македонско државјанство по основ на природување, односно натурализација пред 2020 година (66,4% во периодот 2009-2014 и 67,8% од 2015 до 2019 година) отпаѓаат на четири земји – Албанија, Косово*[64], Србија и Турција. Во периодот 2020-2025 година учеството на овие земји е значително намалено и изнесува 54,6%. Притоа, евидентен е трендот на намалување на учеството на оние од Албанија и Србија, а пораст бележат лицата од Косово* и Турција. Од лицата кои се стекнале со македонско државјанство во периодот 2009-2025 година безмалку половина (околу 47%) или 8400 лица припаѓаат на некоја од земјите сукцесори на поранешната СФРЈ. Нивната апсолутна големина се намалува од 3216 лица (2009-2014) на 2764 (2015-2019) и 2420 лица (2020-2025 година), а учеството на Косово* и Србија остана доминантно (80,2%, 81,6% и 82,1%, респективно).

Најголем дел од вкупниот број лица кои стекнале македонско државјанство од 2020-2025 година, претходно имале регулиран престој во Република Северна Македонија, што значи дека процесот на нивна интеграција во земјата завршил со највисокото ниво, односно со стекнување на државјанство. Од другите кои во овој период стекнале македонско државјанство со натурализација, како основ за стекнување на државјанство го имале потеклото, односно поврзаноста со земјата по основ на потекло. Станува збор за лица кои потекнуваат од Република Северна Македонија или се потомци на лица од Република Северна Македонија, како и поранешни државјани кои се иселиле од земјата со цел да стекнат државјанство на друга држава.

Еден од предизвиците на миграциската политика во изминатиот период во делот на државјанствата беше и остана идентификувањето, доследното постапување и грижата за **лицата „без државјанство“** во согласност со Конвенцијата за статусот на лицата без државјанство од 1954 година, која Република Северна Македонија како земја сукцесор ја има потпишано и ратификувано.[65] На 3 јануари 2020 година Северна Македонија пристапи и кон Конвенцијата од 1961 година. Податоците на Министерството за внатрешни работи покажуваат дека од 5.193 лица кои се стекнале со македонско државјанство од 2020 до 2025 година по основ на натурализација, вкупно 350 лица или 6,7% биле лица без државјанство.[66] Во споредба со периодот 2015-2019 година речиси за трипати е зголемен бројот на лица без државјанство кои се стекнале со македонско државјанство.[67]

---

[64] Оваа ознака е без предрасуди за ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за косовската Декларација за независност.

[65] *Резолуција на миграциска политика на Република Македонија 2015-2020 година*, „Службен весник на РМ“, бр.8 од 16.01.2015 година, стр. 33-34.

[66] Од нив: 13 лица во 2020 година, 21 во 2021, 139 во 2022, 122 во 2023, 29 во 2024 и 26 лица во 2025 година.

[67] Од 5870 лица кои се стекнале со македонско државјанство во периодот 2015-2019 година 122 биле лица без државјанство, односно нивниот број е двојно поголем од оној во периодот 2009-2014 година (64 лица).

Овие релативно големи промени уследија по усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија од 2021 година.[68] Согласно со член 7 од овој закон, беше овозможена поедноставена постапка за натурализација за сите лица кои можеа да докажат дека продолжиле да живеат на територијата на Северна Македонија по 8 септември 1991 година. Како резултат на тоа, 350 граѓани на поранешна Југославија, кои продолжиле да живеат во земјата по 1991 година, добиле македонско државјанство.[69] Истовремено 355 нерегистрирани лица добиле законски идентитет согласно измените на Законот за матична евиденција од 2023 година.

Независно од манифестираните промени во однос на лицата „без државјанство" останува отворено прашањето за нивното идентификување и за утврдување на нивниот број во Република Северна Македонија. Во последните Пописи на населението беше вклучена и категоријата лица „без државјанство". Тие покажуваат дека во 2002 имало 17.652, а во 2021 година 584 лица „без државјанство". Податоците од Пописот од 2021 година не кореспондираат со бројот на лица идентификувани како нерегистрирани за време на јавниот повик на Владата во 2018 година, кој се однесуваше на регистрација на не документирани лица, како и податоците што ги поседува граѓанското општество во некои општини. Оттаму, бројот на лица без државјанство веројатно е поголем од оној утврден со последниот Попис на населението.

Кампањата иницирана од Владата во 2018-2019 година за идентификување и регистрација на лица на кои им недостасува извод од матична книга на родени или друга документација, резултираше со идентификување на повеќе од 700 лица во ризик од „без државјанство", од кои повеќето беа Роми, Ашкали или Египќани. Податоците од други извори потврдуваат дека оваа е веројатно потценета бројка на вкупното население во ризик. Така, УНХЦР во Република Северна Македонија евидентира 275 лица без државјанство во 2023 и 179 лица во средината на 2024 година. Нејзиниот партнер за имплементација, односно Македонското здружение на млади правници во јуни 2024 година известува за 185 лица во ризик од „без државјанство", од кои 62 имаат нерегулирано државјанство, а 123 имаат неопределено државјанство на Република Северна Македонија.[70]

Податоците на МВР за **отпустот од државјанство**, покажуваат дека во периодот од 2020-2025 година вкупно 6606 полнолетни и малолетни лица добиле отпуст од државјанство на Република Северна Македонија. Нивниот број по одделни години изнесува: 1.234 (2020 година), 1.534 (2021), 1.004 (2022), 1.259 (2023), 954 (2024) и 621 (2025година). Во периодот од 2009 до 2019 година отпуст од државјанство добиле 13.591 лице, односно 6.597 (2009-2014) и 6.994 лица (2015-2019 година).[71] Најголем дел од нив, односно околу две третини, побарале отпуст за да стекнат државјанство на Германија, Австрија и Словенија. Просечниот годишен број на барања за отпуст од државјанство по 2020 година е нешто помал (1322 лица) од оној во периодот 2009-2019 година.

---

[68] Закон за изменување и дополнување на Закон за државјанство на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/2021).

[69] European Network on Statelessness. (n/a). Statelessness Index. https://index.statelessness.eu/country/north-macedonia (пристапено на: 18 декември 2025).

[70] Ibidem.

[71] Меѓународна организација за миграции (2022), *Мигрантите во Република Македонија, Профил на земјата 2021*, ИОМ, Скопје, стр. 28.

Од вкупниот број македонски државјани кои по 2020-та година побарале отпуст од државјанство повеќе од половина (53,8%) тоа го направиле за да стекнат државјанство на Германија, повеќе од една петтина (22,9%) на Австрија и 15,3% за државјанство на Република Словенија. Податоците за отпустот од државјанството на Република Северна Македонија од 2023 година покажуваат голем пораст на бројот на оние за кои земји на идното државјанство се Австрија и Словенија (32,9% во 2023, 53,7% во 2024 и 78,3% во 2025 година). Истовремено, забележано значително намалување на бројот на овие барања по основ на идно државјанство на Германија во 2024 и особено во 2025 година, кое е условено од промената на регулативата за стекнување на германско државјанство.

Една од активностите во областа на државјанството е и **издавањето биометриски патни исправи преку мобилните станици во ДКП** на Република Северна Македонија во странство. Оваа активност започна во 2009 година со реализација на заедничкиот пилот проект на МВР и МНР.[72] Таа имаше за цел да се постапи согласно законските обврски и да се олесни пристапот до документи на македонските државјани кои живеат / престојуваат надвор од земјата. Оваа активност забележа најголем интензитет во периодот 2020-2025 година кога беа издадени повеќе од 88000 патни исправи преку ДКП-та во странство, односно трипати повеќе од претходната деценија.

Во делот на правата на државјанство во Извештајот на Европската комисија за 2025 година се укажува дека Република Северна Македонија треба да ја приспособи својата правна рамка кон правото на ЕУ за правата на државјанство на ЕУ, со цел целосно усогласување пред пристапувањето. Ова треба да вклучува спроведување на анализа на потребите за усогласување и спроведување што произлегуваат од Директивата 2004/38/ЕЗ во сите засегнати области на политиката, како и соодветно планирање за навремено усогласување. Освен тоа, ЕК забележува дека Република Северна Македонија дозволува стекнување државјанство од посебен економски интерес. Според Комисијата спроведувањето на законот не треба да води кон систематско доделување државјанство во замена за инвестиции, бидејќи тоа може да се искористи за заобиколување на постапката за краткорочни визи на ЕУ и длабинската проценка на индивидуалните миграциски и безбедносни ризици.

Предизвици: *Предизвиците на надлежните институции во однос на* ***државјанството*** *за периодот 2026-2030 година може да се идентификуваат во неколку области:*

- *Доследна примена на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија од 2021 година, во однос на издавањето на државјанство на иселениците од Република Турција.*
- *Соодветно постапување и грижа за лицата „без државјанство". Остануваат актуелни предизвиците во однос на постапката за ефикасно утврдување дали некој е лице „без државјанство", потоа идентификувањето и решавањето на проблемот за добивање на документи, како и соработката на институциите во оваа област. Неопходно е унапредување на процедурата за утврдување на статус на лице без државјанство.*

---

[72] Проектот "Нови лични документи" започна во 2007 година, иако немаше практична можност да се издаваат патни исправи во ДКП на РМ. Со Акцискиот план на Пилот проектот се предвидуваше прием на барања и издавање на пасоши преку ДКП на Република Македонија во: Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Венеција, Виена и Љубљана. (*Резолуција на миграциска политика на Република Македонија 2009-2015 година*, „Службен весник на РМ", бр. 8 од 16.01.2015 година, стр. 33-34.)

- *Натамошно идентификување и решавање на предизвиците во областа на државјанството на лицата кои од различни причини немаат лични документи и кои не се запишани во матичните книги на родените, иако се родени во Република Северна Македонија (т.н. лица "фантоми"). Бидејќи овие лица немаат документи и идентитет, не може да добијат државјанство, а со тоа немаат пристап до сите други права во државата.*

4.2. Институционални претпоставки за реализација на миграциската политики

Со Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година, исто како и во претходните три документи кои се реализираа од 2009 до 2025 година, се опфатени сите релевантни аспекти на надворешните миграции. Тие се однесуваат на легалната миграција - иселувањата/доселувањата на македонските граѓани, вклучително на бегалците и барателите на азил според Законот за меѓународна и привремена заштита, престојот на странци по различни основи, како и на илегалната миграција и криумчарењето на мигранти, трговијата со луѓе и реадмисијата. Во делот на инструментите за управување на споменатите миграциски текови, пак, се опсервираат визниот режим, поддршката и заштитата на граѓаните на Република Северна Македонија во странство, престојот и вработувањето на странците и македонското државјанство.

Комплексноста на споменатите области опфатени со миграциската политика имплицира потреба за холистички пристап, респектирање на глобалните текови на меѓународните миграции и инволвирање на поголем број институции. Потребата за ваков пристап е препознаена и при конципирањето на составот на Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија. Согласно Решението на Владата (Бр. 57-2151/9 од 17 март 2026 година)[73] за именување раководител, заменик-раководител, членови и заменици-членови на Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година, неа ја сочинуваат претставници (членови и заменици-членови) од петнаесет институции. Тоа се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за европски прашања, Државниот завод за статистика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матичните книги, Меѓународната организација за миграции (ИОМ), Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ИЦМПД), Регионалниот центар за регионална иницијатива миграции, азил и бегалци (МАРРИ), Фондот за население на Обединети нации (УНФПА) и Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР).

Во Одлуката за формирање на Меѓуресорската група за креирање на миграциската политика на Република Северна Македонија се укажува дека „по потреба, во работата на Меѓуресорската група, на предлог на раководителот или членовите на Меѓуресорската група, може да присуствуваат и претставници од други институции и меѓународни

[73] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 57 од 18 март 2026 година.

организации од областа на миграциите, кои со својата стручност може да придонесат во работата на Меѓуресорската група".[74] Секоја од споменатите институции/организации има надлежности во својата област, но и споделени надлежности во некоја од другите области кои се предмет на опсервација во миграциската политика. Оттаму, нивните одговорности и надлежности би требало да бидат јасно утврдени, а активностите максимално хармонизирани и координирани.

Согласно со измената и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 8.6.2024 година, во Република Северна Македонија се воспостави Министерство за социјална политика, демографија и млади кое, согласно со членот 16 има големи надлежности во областа на сите релевантни аспекти на демографијата и миграциите. Со новиот акт за внатрешна организација и систематизација на работни места воспоставена е организациона единица - *Сектор за демографија и миграции*, со три одделенија. *Одделение за анализа и развојна демографски политики* - за анализа на демографските движења и трендови, подготовка на стратегии, програми и мерки за демографски развој, изработка на анализи поврзани со семејната политика, наталитетот и стареењето на населението. Одделението во соработка со Државниот завод за статистика и релевантни институции, треба да развива алатки за управување и следење на демографските промени. *Одделение за програми и проекти за демографска ревитализација и миграции* - со надлежност во однос на ревитализацијата на региони, задржување на населението и поттикнување на враќање и доселување, развој и спроведување на програми и мерки насочени кон подобрување на демографските трендови и справување со предизвиците од депопулацијата и миграцијата. *Одделение за миграција и интеграција* - за следење и анализа на внатрешните и надворешните миграции, подготовка и спроведување политики за управување со миграции, програми за интеграција на повратници и соработка со дијаспората, координација со меѓународни организации и други надлежни органи, прашањата поврзани со миграцијата на странци во државата, нивниот правен статус и интеграција во општеството, согласно законската рамка и меѓународните стандарди. Од аспект на расположливите човечки ресурси денес Секторот има два раководители на одделенија и два државни советници. *Оваа промена претставува значајно унапредување на институционалните капацитети на земјата во областа на демографската проблематика, вклучително миграциските движења и креирањето на миграциската политика.*

Меѓународните организации кои имаат свои канцеларии во земјата, во периодот од 2009 година до денес, со своите многубројните активности дадоа голем придонес при конципирањето и реализацијата на миграциската политика на Република Северна Македонија, како и усвојувањето на меѓународните стандарди во однос на различните аспекти на легалните и илегалните миграции. Тие со својата стручна поддршка и финансиска помош активно учествуваа во реализацијата на голем број мерки и активности на претходните Резолуции на миграциска политика на земјата. Претставниците на меѓународните организации со нивната експертиза, споделените сознанија за трендовите на меѓународните миграции и посветеноста при конципирањето на овој документ даваат огромен придонес. Нивната поддршка ќе биде мошне значајна и при реализацијата на Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година.

[74] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 15 од 28 јануари 2026 година.

Сознанијата од имплементацијата на претходните миграциски политики (за 2009-2014, 2015-2020 и за 2021-2025 година), како и текот на активностите при конципирање на Резолуцијата на миграциската политика за 2026-2030 година, потврдуваат дека институционалните претпоставки за реализација на миграциската политика, меѓу другото зависат и од бројот на надлежните институции за секоја од споменатите области на миграциите. Имено, релативно поедноставно е конципирањето и имплементацијата на миграциската политика во областите каде се надлежни две до три институции. Оваа констатација посебно се однесува на граничното управување, илегалните миграции, криумчарењето на мигранти, трговијата со луѓе, азилот, визниот режим и македонското државјанство. Притоа, комуникацијата помеѓу институциите е поефикасна, а резултатите на нивните споделени активности се поусогласени и поефективни.

Поразлично е искуството при имплементацијата и конципирањето на миграциската политика во делот на легалната емиграција и имиграција на странците, но со евидентна разлика помеѓу двата вида на миграција. За разлика од политиката кон странците и нивната интеграција, креирањето и имплементацијата на политиката во однос на емиграцијата имплицира многу посложени активности. Тоа е условено од комплексноста на проблематиката на емиграцијата на македонските граѓани во странство, нејзината долгорочност, недостигот на релевантни податоци и информации, како и поради големиот број на директно и индиректно инволвирани институции во оваа област. Евалуацијата на претходните миграциски политики покажа дека дел од предвидените мерки и активности во оваа област останаа нереализирани, а емиграцијата продолжи со несмален интензитет, предизвикувајќи сериозни демографски и развојни проблеми. Тоа значи дека конципирањето на политиката во делот на емиграцијата претпоставува потреба за холистички пристап со мерки и активности во повеќе сектори, базирани на реално идентификување на причините за овие миграциски движења.

Наодите во врска институционалните претпоставки, односно одговорните и инволвираните институции за конципирање и имплементација на миграциската политика на Република Северна Македонија, го реафирмираат прашањето (кое беше идентификувано и во претходната Резолуција на миграциската политика, 2021-2025 година) за анализа на потребата од конципирање и усвојување на Закон за управување со миграциите во кој би биле утврдени сите релевантни аспекти на институционалните претпоставки за ефикасно управување на миграциските процеси во делот на надворешните миграции.

4.3. Претпоставки за планирање засновани на прозирливост/форсајт информативна проценка

Во услови на забрзани глобални промени и зголемена комплексност на миграциските процеси, конципирањето на миграциската политика бара пристап кој овозможува подобро разбирање на идните трендови, потенцијалните ризици и можности. Миграциите се динамичен и мултидимензионален феномен условен од широк спектар на фактори, меѓу кои демографските промени, економските развојни нееднаквости, технолошките

трансформации, климатските промени, геополитичките тензии, безбедносните ризици и регионалните конфликти.

Претпоставките за конципирање на миграциската политика за периодот 2026–2030 година се формулирани врз основа на анализа на постојните миграциски текови, демографските и економските трендови, како и на институционалната и правната рамка претставена во овој дел на Резолуцијата. Истовремено, тие се идентификувани врз основа на форсајт информирана проценка на можните идни развојни насоки на миграциските процеси, која ги зема предвид клучните двигатели на промени, потенцијалните неизвесности и поширокиот меѓународен контекст.

1. Континуитет на емиграциските притисоци - постојните демографски и економски трендови укажуваат дека во наредниот период може да се очекува продолжување на емиграциските текови, особено кај младото и високообразованото население. Овој процес е поврзан со структурни фактори како што се разликите во економскиот развој, можностите за вработување и квалитетот на животот меѓу Република Северна Македонија и земјите на прием. Оттаму, мерките на миграциската политика ќе треба да бидат насочени кон адресирање на овие структурни двигатели и кон создавање услови за намалување на интензитетот на иселување.

2. Зголемена потреба од работна сила - во услови на демографско стареење и намален прилив на нови генерации на работоспособно население, може да се очекува натамошен раст на потребата од работна сила од странство во одредени сектори на економијата. Ова наметнува потреба од развој на соодветна политика за прием на странски работници, усогласена со потребите на пазарот на трудот и со националните развојни приоритети.

3. Поголема важност на политиките за дијаспората - со оглед на континуираниот пораст на бројот на македонски државјани кои живеат и работат во странство, се очекува улогата на дијаспората во економскиот, социјалниот и културниот развој на земјата дополнително да се зголемува. Оттаму, мерките на миграциската политика ќе треба да бидат насочени кон поттикнување на инвестициите, трансферот на знаење и зајакнувањето на институционалните врски со дијаспората.

4. Потреба од подобрување на системите за податоци и анализа - ефикасното управување со миграциите зависи од достапноста на веродостојни и ажурирани податоци за миграциските текови. Постоечките предизвици поврзани со нецелосни или неконзистентни податоци укажуваат на потребата од понатамошно зајакнување на институционалните механизми за собирање, обработка и анализа на податоци за миграцијата.

5. Зголемена комплексност на миграциските текови - миграциските процеси во наредниот период ќе продолжат да се одвиваат во услови на глобални промени, како што се економските кризи, безбедносните предизвици, климатските промени и глобалната нестабилност. Овие фактори може да влијаат врз динамиката и структурата на миграциските текови и да создадат нови притисоци врз системите за управување со миграцијата.

6. Потреба од интегриран и меѓусекторски пристап - со оглед на комплексната природа на миграциските процеси, успешното управување со миграцијата претпоставува координација на миграциската политика со другите секторски политики, особено во областите на демографијата, вработувањето, образованието, регионалниот развој и социјалната политика. Во тој контекст, потребно е да се земат предвид и потенцијалните влијанија на климатските промени врз мобилноста на населението, како и потребата од зајакнување на отпорноста на заедниците преку мерки за климатска адаптација. Овој пристап овозможува поефикасно адресирање на причините и последиците од миграциските процеси и придонесува кон одржлив развој на земјата.

7. Усогласување со европските и меѓународните политики - како земја кандидат за членство во Европската Унија, Република Северна Македонија ќе продолжи да ја усогласува својата миграциска политика со европските стандарди и политики, особено во областите на управување со границите, визната политика, легалната миграција и азил за меѓународна и привремена заштита, како и илегалната миграција. Овој процес ќе има значително влијание врз идниот развој на националната миграциска политика.

Традиционалниот пристап кон креирање на јавни политики, кој се базира претежно на анализа на историски податоци и краткорочни проекции, не е доволен за соодветно управување со современите миграциски процеси. Во овој контекст, Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година ја препознава потребата од воведување на пристап на планирање засновано на прозирливост/форсајт, кој овозможува систематско и структурирано разгледување на можниот иден развој и импликации на истиот врз националните политики. Во рамките на оваа Резолуција, планирањето засновано на форсајт има за цел да придонесе кон развој на антиципативна и адаптивна миграциска политика, која ќе биде способна да одговори на променливите околности и на потенцијалните идни сценарија.

Форсајт пристапот претставува методолошка рамка која овозможува идентификување на трендови, потенцијалните шокови и долгорочните структурни промени кои можат да влијаат врз општествените процеси. Примената на овој пристап овозможува креирање на политики кои не се ограничени на реакција на веќе настанати промени, туку се насочени кон навремено препознавање и подготовка за можните идни предизвици.

Примената на форсајт методологијата за потребите на Резолуцијата се заснова на неколку комплементарни аналитички пристапи, меѓу кои:

- скенирањена хоризонтот, насочено кон идентификување на новите сигнали, трендови и појави кои можат да имаат влијание врз миграциските процеси,
- анализа на двигателите на промени, со цел да се идентификуваат структурните фактори кои ги поттикнуваат миграциските текови,
- идентификување критични неизвесности, кои можат значително да влијаат врз идниот развој на миграцијата,
- развој на можни минисценарија, преку кои се разгледуваат различни потенцијални развојни патеки на миграциските процеси и

- анализа на импликациите за јавните политики, која овозможува идентификување на соодветни стратешки и оперативни одговори.

Овој пристап овозможува поцврста основа за креирање на политики кои се засновани на знаење, податоци и систематска анализа на идните трендови. Истовремено, форсајт анализата придонесува за подобрување на координацијата помеѓу институциите и за интегрирање на миграциската политика со другите секторски политики, како што се на пример демографската политика, пазарот на трудот, образованието, регионалниот развој и управувањето со кризи.

Примената на форсајт пристапот во планирањето на миграциската политика има неколку клучни цели:

- зајакнување на институционалните капацитети за проактивно и стратегиско управување со миграциите,
- овозможување рано идентификување на потенцијалните ризици и можности поврзани со миграциските текови,
- подобрување на усогласеноста помеѓу миграциската политика и долгорочните демографски и економски трендови,
- поддршка на донесување на политики засновани на докази и аналитички процени и
- подобрување на подготвеноста на институциите за справување со потенцијални кризни ситуации, вклучително и масовни миграциски движења или други надворешни шокови.

Планирањето засновано на форсајт претставува и важен инструмент за унапредување на транспарентноста и квалитетот на процесот на креирање политики, бидејќи овозможува вклучување на релевантни актери, вклучително институциите, научната заедница, меѓународните организации и другите засегнати страни. Преку овој пристап, миграциската политика на Република Северна Македонија се ориентира кон развој на интегриран, проактивен и долгорочно одржлив систем за управување со миграциите, кој ќе овозможи навремено препознавање на идните предизвици, подобра подготовка на институциите и поефикасно искористување на потенцијалите што миграцијата може да ги донесе за економскиот и социјалниот развој на земјата.

Во вториот дел на оваа Резолуција е презентирана подетална форсајт анализа на идните миграциски текови и политики, која дополнително ги разгледува трендовите, двигателите на промени и критичните неизвесности што можат да влијаат врз промените на миграциските текови во наредниот период.

5. Анализа на ризици

Ефикасната реализација на Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026 2030 година зависи од способноста на институциите навремено да ги препознаат и управуваат потенцијалните ризици кои можат да влијаат врз спроведувањето на утврдените мерки и активности. Анализата на ризици има за цел да ги идентификува факторите кои можат да влијаат врз успешната имплементација на миграциската политика, како и да укаже на потребата од координирано институционално дејствување во рамките на надлежностите

утврдени во Акцискиот план. Идентификуваните ризици се поврзани со надворешни фактори, демографски и економски процеси, како и со институционалните капацитети за управување со миграциските текови.

5.1 Надворешни и геополитички ризици

Миграциските текови во значителна мера се под влијание на геополитичките и безбедносните случувања на регионално и глобално ниво. Потенцијалните конфликти, политичката нестабилност или хуманитарните кризи можат да доведат до зголемен притисок врз транзитните миграциски рути во регионот на Западен Балкан.

Во вакви околности постои ризик од:

- зголемен број илегални мигранти на територијата на Република Северна Македонија,
- зголемени барања за азил и
- поголем притисок врз капацитетите за управување со границите

Со цел справување со ваквите ризици, мерките во рамките на оваа Резолуција предвидуваат зајакнување на институционалните капацитети на надлежните институции, пред сè на:

- **Министерството за внатрешни работи,**
- **Центарот за управување со кризи и**
- **Министерство за социјална политика, демографија и млади.**

Освен тоа, надворешните и геополитичките ризици претпоставуваат и продлабочување на регионалната и меѓународната соработка.

5.2 Демографски и економски ризици

Демографските промени и економските нееднаквости меѓу државите претставуваат значајни фактори кои влијаат врз миграциските текови. Континуираниот тренд на емиграција на работоспособното население, особено на младите и високообразованите кадри, може да доведе до:

- намалување на расположливата работната сила во земјата,
- недостиг на квалификувани кадри во одредени економски сектори и
- интензивно стареење на населението и на работната сила.

Дополнително, климатските промени и екстремните временски појави можат индиректно да ги засилат демографските и економските ризици, особено во регионите каде економските активности зависат од природните ресурси и преовладува застапеноста на земјоделската дејност. Во тој контекст, мерките за климатска адаптација можат да придонесат за зајакнување на отпорноста на локалните економии и за намалување на факторите кои поттикнуваат миграција.

Истовремено, зголемената побарувачка за работна сила во државите на Европската унија може дополнително да ги засили емиграциските тенденции.

Во насока на ублажување на овие ризици, мерките утврдени во Акцискиот план се насочени кон:

- подобрување на политиките за управување со легалната миграција,
- создавање услови за повратна и циркуларна миграција и
- креирање политики за справување со недостигот на работна сила во одделни сектори.

За реализација на овие активности надлежни се, пред сè:

- **Министерството за социјална политика, демографија и млади,**
- **Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,**
- **Министерството за економија и труд и**
- **Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,**

во координација со другите институции.

5.3 Институционални ризици

Спроведувањето на миграциската политика може да биде ограничено и од институционални фактори, особено во однос на:

- координацијата меѓу институциите,
- аналитичките капацитети за следење на миграциските текови,
- размената на податоци меѓу институциите и
- административни ограничувања во управувањето со легалната миграција.

Овие ризици можат да влијаат врз ефикасноста на спроведувањето на мерките предвидени во Акцискиот план.

Во таа насока, значајна улога има **Меѓуресорската група за развој и спроведување на миграциската политика**, која има задача да обезбеди координација меѓу институциите, следење на спроведувањето на активностите и редовно известување за постигнатите резултати.

5.4 Ризици поврзани со интеграцијата и социјалната кохезија

Со оглед на трендот на пораст на имиграцијата на работна сила од странство, во наредниот период постои ризик поврзан со:

- нивото на институционална подготвеност за интеграција на странци и странските работници,
- потенцијални предизвици на локално ниво и
- капацитетите за обезбедување услуги поврзани со интеграцијата.

За ублажување на овие ризици, потребно е развивање политики за интеграција и социјална инклузија во соработка со:

- **Министерството за социјална политика, демографија и млади,**
- **единиците на локалната самоуправа и**
- **граѓанскиот сектор и меѓународните организации.**

За подобро управување со потенцијалните предизвици, во продолжение се прикажани клучните ризици кои можат да влијаат врз спроведувањето на миграциската политика во периодот 2026–2030 година, нивната проценета веројатност и институциите надлежни за нивно адресирање. Можните ризици идентификувани во претходната анализа можат да се групираат во неколку категории, при што во Табела 1 се прикажани клучните ризици релевантни за имплементацијата на миграциската политика.

Табела 1. Клучни ризици за имплементацијата на миграциската политика 2026-2030

Категорија на ризик	Опис на ризикот	Ниво на ризик	Надлежни институции
Геополитички и безбедносни ризици	Зголемен притисок на транзитни миграциски рути како резултат на регионални конфликти или хуманитарни кризи	Висок	МВР, МНРНТ
Демографски ризици	Континуирана и растечка емиграција на млади и квалификувани кадри	Висок	МСПДМ, АВРСМ, МОН
Пазар на труд	Недостиг на работна сила во одредени сектори	Среден	МСПДМ, Министерство за економија и труд, АВРСМ
Институционална координација	Недоволна координација и размена на податоци и информации меѓу институциите	Среден	Меѓуресорска група за миграции
Интеграција на странци	Ограничени политики за интеграција и социјална кохезија	Среден	МСПДМ, единици на локална самоуправа
Илегална миграција	Потенцијално зголемување на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе	Среден	МВР, Јавно обвинителство
Податоци и статистика	Недостаток на интегрирани и веродостојни податоци за миграциите	Среден	ДЗС, МВР

Идентификувањето на овие ризици е поврзано и со форсајт анализата претставена во овој документ, која овозможува подобро препознавање на можните идни миграциски динамики и навремено прилагодување на политиките.

6. Правна рамка на миграциската политика

Легислативата во областа на миграциите континуирано се хармонизира со европското законодавство и со меѓународното право и стандарди. Денес, Република Северна Македонија има релативно солидна правна рамка за регулирање на легалните и илегалните миграциски движења, како и во однос на релевантните инструменти на миграциската политика.

Уставот на Република Северна Македонија ги штити правата и интересите на своите државјани кои живеат или престојуваат во странство.[75] Во однос на положбата на странците Уставот гарантира дека тие во Република Северна Македонија уживаат слободи и права, под услови утврдени со закон и меѓународни договори (член 29). Републиката им гарантираправо на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување. Екстрадиција на странец може да биде извршена само врз основа на ратификуван меѓународен договор и врз начелото на реципроцитет. Странец не може да биде екстрадиран заради политичко кривично дело (дејствијата на тероризам не се сметаат за политички кривични дела). Основните права и слободи на легалните мигранти, утврдени со Уставот, се разработени во законски прописи.

Закон за странци[76] - во 2018 година усвоен е нов Закон за странци, со кој се уредуваат условите за влез, излез, напуштање, престој, враќање на странците со незаконски престој, како и правата и должностите на странците во Република Северна Македонија. Одредбите од законот се однесуваат на сите странци, освен на странци кои: бараат меѓународна заштита од Република Северна Македонија согласно *Законот за меѓународна и привремена заштита* или оние кои според меѓународното право уживаат привилегии и имунитет, доколку примената на овој закон е во спротивност со преземените меѓународни обврски и начелото на реципроцитет. Законот за странци се применува во согласност со меѓународните договори кои Република Северна Македонија ги ратификувала согласно со Уставот, а кои го доведуваат странецот во поповолна положба. Во постапките што се спроведуваат согласно со овој закон, соодветно се применуваат и одредбите на *Законот за општата управна постапка*.

Врз основа на *Законот за странци* донесени се следниве подзаконски акти за негово спроведување: 1. Правилник за странците; 2. Правилник за патни и други исправи за странец; 3. Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци; 4. Правилник за начинот на издавање визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување визи, како и за образецот на визи и за водење евиденција.

---

[75] Устав на Република Северна Македонија (Амандман XXXVI од 11 јануари 2019 година), https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf (Пристапено на 26 јануари 2026)

[76] Закон за странци („Службен весник на Република Македонија“ број 97/18) и Законот за изменување и дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19) (пристапено на 20 април 2021 година).

Закон за странци од 2018 година содржи одредби за директна поддршка и сеопфатна помош за странците жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ)[77]. Притоа, регулирано е трошоците за сместување на странските ЖТЛ во Прифатниот центар за странци и во Центарот за лица ЖТЛ и сексуално насилство да бидат покриени од државен буџет.Законот за странците инкриминира уште две кривични дела поврзани со миграцијата, и тоа: помагање на странец при недозволен влез и транзит и помагање на странец при незаконски престој.

По 2020 година, усвоен е Закон за изменување и дополнување на законот за странци во 2021 година[78] и Закон за дополнување на законот за странци во 2023 година.[79] Со последното дополнување на овој закон лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија или лица на кои им престанала заштита во земјава, кои како преостанати лица бегалци или лица под супсидијарна заштита од Косовската криза од 1999 година сè уште се присутни на територијата на Републиката и нивните деца, може да се стекнат со право на постојан престој во Република Северна Македонија доколку поднесат барање за одобрување постојан престој во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Постојан престој се одобрува под услов непрекинато да престојувале на територијата на Република Северна Македонија.

Закон за вработување и работа на странци - со него се уредува прашањето за вработување на странците. Овој закон од своето донесување во септември 2007 година до денес претрпе повеќе измени.[80] Во 2015 година беше донесен нов Закон за вработување и работа на странците[81], а во 2021 година беше усвоен Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци.[82] Сите овие промени во регулативата беа во насока на олеснување на постапките за стекнување на работна дозвола на странците за работа во земјата. Со последните измени и дополнувања се допрецизирани условите и постапката под кои странците може да се вработуваат или да работат во Република Северна Македонија, освен ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е утврдено. Странец се смета како вработено лице кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење е во Република Северна Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице, согласно со овој или со друг закон. Сепак, со овој закон, покрај грижата за странците, односно одредби со кои се забранува секаков вид на нивна дискриминација, се води грижа и за заштита на домашниот пазар на трудот. Имено, со Законот се регулира ограничување на бројот на странците на пазарот на трудот и утврдувањето на квоти на работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Северна Македонија.

---

[77] Вклучувајќи и обезбедување на период за рефлексија и одобрување на привремен престој во случај на идентификување како жртва на трговија со луѓе, и сместување во Прифатниот центар за странци чл.121 ст.4 и 5

[78] Закон за изменување и дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Северна Македонија“ , бр. 294/21) (пристапено на 2 февруари 2026 година).

[79] Закон за дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 284/23) (пристапено на 2 февруари 2026 година).

[80] Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“, број: 70/2007, 5/2009, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13 и 38/14)).

[81] Закон за вработување и работа на странци(„Службен весник на Република Македонија“, број: 217 од 11.12.2015).

[82] Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“, број: 163 од 16.07.2021).

Законот за работно ангажирање на лица[83] - воспоставува правна рамка за ангажирање на лица за вршење на работи од повремена и сезонска природа, со цел да се поедностави пристапот до краткорочна работа и да се намали неформалната економија. Со овој закон се овозможува ангажирање на различни категории лица – невработени, вработени, студенти и пензионери – без губење на нивниот статус или социјални права, при што ваквиот ангажман не се смета за класичен работен однос. Законот предвидува задолжителна електронска регистрација на работниот ангажман преку систем на Агенцијата за вработување, што овозможува транспарентност, автоматска пресметка на даноци и придонеси и институционален надзор. Дополнително, се уредуваат правата и обврските на работодавачите и ангажираните лица, времетраењето и условите на ангажманот, како и размената на податоци меѓу надлежните институции, со што се обезбедува поголема формализација и контрола на овој вид работа. Законот овозможува работно ангажирање и на странци. Постапката е поедноставена и се спроведува преку електронска пријава од страна на работодавачот во регистарот на Агенцијата за вработување, со автоматска пресметка на даноци и придонеси и институционална размена на податоци.

Визен режим - од 1 октомври 2009 година стапи во сила измената на Законот за странци, со која се овозможи влез на странец во Република Македонија кој е носител на валидна патна исправа на трета земја, а има регулирано постојан престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор. Со измената на Законот за странци од 2010 година, се овозможи Владата да може да одлучи во земјата да влезат и државјани на трети земји кои поседуваат единствена повеќекратна виза Ц важечка за сите земји потписнички на Шенгенскиот договор (одлуката на Владата беше донесена на 24 март 2011 година).[84] Со Законот за странци од 2018 година и неговите измени и дополнувања од 2021 година допрецизирани се условите за влез на странците во Република Северна Македонија во поглед на визниот режим и условите за престој.

Закон за државјанство - со него се уредуваат начинот и условите за стекнување и отпуст на македонското државјанство, утврдување на државјанството, надлежниот државен орган за решавање на овие случаи, докажување на државјанството и водење на евиденција на државјаните на Република Северна Македонија. Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата. Првиот Закон за државјанството на Република Северна Македонија беше донесен во 1992 година и до денес претрпе неколку измени и дополнувања.[85] Со цел потполно усогласување на Законот за државјанство со Европската Конвенција за државјанството и меѓународните правни стандарди од оваа област, законот беше изменет и дополнет во 2004, 2008 и 2011 година.[86] Со измените и дополнувањата во 2016 година, тој беше усогласен со пропишаните стандарди согласно со Законот за општата управна постапка.[87]

---

[83] Законот за работно ангажирање на лица (Службен весник бр. 104/2025 од 26.05.2025)

[84] Со одлуката на Владата од 24 март 2011 година, престојот во Република Македонија при секој влез е лимитиран најмногу до 15 дена, а вкупното траење на последователните престои во Република Македонија не смее да биде подолго од три месеци во текот на секој шестмесечен период, сметајќи од денот на првото влегување.

[85] Закон за државјанството на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 67/92).

[86] Измените и дополнувањата на Законот за државјанството главно се однесуваа на дефинирање на одредени поими, намалување на годините на престој во Република Македонија како еден од условите за натурализација од 15 на 8 години, допрецизирање на одредени услови од Законот, зајакнување на принципот на превенција од бездржавјанство, вклучување на посебна одредба поврзана со сукцесијата на државата, негово усогласување со Законот за општата управна постапка во однос на правните лекови. Закон за изменување и дополнување на Закон за државјанство на Репубика Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 8/04, 98/08, 158/11).

[87] Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 55/16). Во него беа утврдени податоците кои треба да ги содржат евиденциите за државјаните на Република Македонија и предвидени се прекршочни одредби за службени лица во Министерството за внатрешни работи ако не се побараат докази и податоци по службена должност и ако не ги достави бараните докази согласно Законот за прекршоци.

Во 2021 година е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија.[88] Донесен е член 7, според кој во рок од три години од денот на неговото влегување во сила на државјанин на друга република на поранешната СФРЈ и државјанин на поранешна СФРЈ кој до 8 септември 1991 година, односно до прогласувањето на независноста на Република Македонија живееле на нејзината територија, се стекнува со државјанство на Република Северна Македонија по сила на овој закон, доколку поднесат барање до надлежен орган и кон барањето приложат најмалку еден документво оригинал или копија заверена на нотар, а издаден од орган или правен субјект во Република Македонија во периодот утврден во овој став. Во законот е утврден широк спектар на документи од кои кон барањето треба да се приложи само еден документ.[89]

Со овие законски измени во членот 8 став 2 зборовите: „освен матичната земја„ се бришат, со што се овозможи на иселениците од Република Турција кои добиле отпуст од државјанство од 1951 па наваму, да се стекнат со државјанство на Република Северна Македонија. Истиот сега гласи: „Иселеник од Република Македонија, како и негов потомок до прво колено, може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија иако не ги исполнува условите од членот 7 став 1 точка 2, 6 и 10 од овој закон“. Иселеник, во смисла на овој закон, се смета граѓанин кој се иселил од Република Северна Македонија во друга држава, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Уставниот суд претходно имаше донесено решение со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 8 став 2 (“Службен весник на Република Северна Македонија” број114/2005). На 10.9.1960 година, тогашна Југославија донесе Уредба за ратификација на договорот помеѓу Република Турција и СФР Југославија за обештетување на турски имот, права и интереси, национализирани во Југославија. Протоколот за модалитетот на плаќањето е потпишан на 13.7.1956 година во Белград (оригинал на француски јазик и во превод на српски јазик).

Во 2022 година, исто така, е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија.[90] Измените се однесуваат на издавање уверение за државјанство како електронски документ преку Националниот портал за електронски услуги.

---

[88] Закон за изменување и дополнување на Закон за државјанство на Република Северна Македонија (“Службенвесникна Република Северна Македонија” бр.174/2021).

[89] Тоа се: Извод од матична книга на родени; Доказ за завршено образование; Доказ за заснован работен однос со М1 / М2 образец; Работничка книшка; Доказ за платен данок согласно законските регулативи; Доказ за платена сметка; Патна исправа (пасош) издаденаодпоранешната СФРЈ или РМ; Личнакарта издадена од поранешната СФРЈ или РМ; Лична карта за странци; Здравствена книшка; и др.

[90] Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.67/2022).

Законот за гранична контрола[91] - ја уредува граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка. Граничната контрола која ги опфаќа работите што се однесуваат на гранични проверки и на граничен надзор, како и анализа на опасностите по националната безбедност и анализа на заканите кои можат да влијаат на безбедноста на границата. По 2020 година беа усвоени Закони за измени на Законот за гранична контрола во 2022 и 2023 година.[92]

Закон за основно образование[93] - го прокламира основното начело дека децата со странско државјанство или деца без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во Република Северна Македонија имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Северна Македонија. За децата на државјаните на Република Северна Македонија кои престојуваат во странство се организира настава за учење на македонскиот јазик и култура, а за припадниците на заедниците на нивниот мајчин јазик, во согласност со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

Закон за средно образование[94] - предвидува дека странските државјани можат да стекнат средно образование и имаат право да бараат нострификација или еквиваленција на свидетелството стекнато во странство.

Закон за високо образование[95] - пропишува дека странските државјани се запишуваат на студии под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија. На странските државјани може да им се ограничи или ускрати уписот доколку станува збор за студии што се однесуваат на воено или полициско образование или студии што се од интерес за националната безбедност.

Закон за здравствена заштита - законот ја гарантира основната здравствена заштита за странски државјани вработени на територијата на Република Северна Македонија, странци што се на школување или стручно оспособување во земјата, странци што на територијата на Република Северна Македонија се во служба во меѓународни организации, странски конзуларни или другипретставништва или во лична служба на странски државјани што уживаат дипломатски имунитет. Основниот текст на законот, објавен во 2012 година, потоа претрпе многубројни измени и/или дополнувања, од кои осум по 2020 година.[96]

Закон за здравствено осигурување - со овој закон се утврдува здравственото осигурување на македонските граѓани и на странците, правата и обврските на здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на осигурувањето. И овој закон ги уредува

---

[91] Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија", бр. 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18) (пристапено на 22 мај 2021 година).

[92] Поопширно види: „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.171/22 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23.

[93] Закон за основно образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 161/19, 229/2020; 3/2025; 74/2025) (пристапено на 3 февруари 2026 година).

[94] Закон за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) (пристапено на 3 февруари 2026 година).

[95] Закон за високо образование(„Службен весник на Република Македонија" бр.82/18, 178/21 и 58/24) (пристапено на 3 февруари 2026 година).

[96] Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 263/23 и 30/24) (пристапено на 4 февруари 2026 година).

правата и условите за здравствено осигурување на истите категории на странци наведени во Законот за здравствена заштита. Основниот текст на законот, објавен во 2012 година, потоа претрпе многубројни измени и/или дополнувања, од кои девет по 2020 година.[97]

Закон за социјална заштита[98] - со овој закон се предвидени одредби за правото на здравствена заштита на жртви на трговија со луѓе (член 66), како и формирањето на Центарот за лица жртви на ТЛ и можноста за сместување странски жртви на кои им е одреден привремен престој. Во март 2018 година Законот за социјална заштита беше изменет и дополнет, овозможувајќи проширување на мандатот на државниот Центар за жртви на трговија со луѓе и сместување на жртвите на сексуално насилство.

Закон за заштита на децата[99]- во кој се регулирани правата на децата, особено од секаков вид на сексуално искористување и сексуална злоупотреба (вознемирување, детска порнографија и детска проституција) насилно подведување, продажба или трговија со деца (член12 став 2).

Законот за патни исправи[100] - со него се утврдуваат видовите патни исправи и визи, како и постапката за нивно издавање на државјаните на Република Северна Македонија. По 2020-та година беа усвоени три Закони за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија и тоа во 2021, 2022 и 2023 година.[101]

Кривичен законик - ги инкриминира делата трговија со луѓе (член 418-а), криумчарење мигранти (член 418-б), организирање група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти (член 418-в) и трговија со дете (член 418г). Со измените и дополнување на Кривичен Законик[102] на Република Северна Македонија е имплементирана една од клучните придобивки од долгогодишните заложби на Комисијата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Мисијата на ОБСЕ, со воведување на начелото на неказнување на жртвите на трговија со луѓе во кривичното законодавство на Република Северна Македонија. Со измените на Кривичниот законик, кои стапија на сила 1 јануари2019 година, беше предвидена изречна одредба за неказнување на жртвите на кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а, став 7) и кривичното дело трговија со деца (член 418-г, став 8). Суштината на ова начело/одредба е дека таа опфаќа неказнување, не гонење и не притворање на жртвите. Новите одредби ќе овозможат посфикасна идентификација, помош и поддршка на жртвите, кои во голем број на случаи, со оглед на состојбата во која се наоѓаат, се принудувани од страна на трговците да вршат и самите

---

[97] Закон за изменување и дополнување на законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.92/20, 140/20, 156/20. 77/21, 285/21, 60/23, 154/23. 209/23 и 144/25) (пристапено на 5 февруари 2026 година).

[98] Закон за социјална заштита https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/regulativa-od-oblasta-na-socijalnata-zastita-file-4RAR.pdf (пристапено на 5 февруари 2026 година).

[99] Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.311/20, 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022: 17/2025;) (пристапено на 4 февруари 2026 година).

[100] Закон за патни исправи („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/92, 20/03, 46/04, 73/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15, 55/16, 302/20, 1222021, 67/2022, 65/2023).(пристапено на 4 февруари 2026).

[101] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21, 67/22, 65/23 (пристапено на 2 февруари 2026).

[102] Закон за измени и дополнување на Кривичен Законик („Службен весник на Република Северна Македонија" 248/18 и 36/23) (пристапено на 2 февруари 2026).

други казниви дела. Примената на начелото на неказнивост ќе ги охрабри жртвите да соработуваат со органите на прогон во откривањето и казнувањето на сторителите.

Закон за бесплатна правна помош[103] - новиот закон за бесплатна правна помош влезе во сила на 1 октомври, 2019 година и предвидува обезбедување на примарна и секундарна правна помош за сите граѓани на Република Северна Македонија вклучувајќи ги и жртвите на родово насилство и домашно насилство. Член 8, кој беше дел и на претходниот Закон за бесплатна правна помош и ги вклучуваше и жртвите на трговија со луѓе како категорија со право на бесплатна правна помош, сè уште е на сила.

Законот за меѓународна и привремена заштита[104]- со него се уредуваат условите и постапката за добивање право на меѓународна заштита на барателите на право на азил, лица со статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита. Како ранливи лица се наведени и жртвите на трговија со луѓе, чии посебни потреби ќе се утврдуваат по пат на индивидуална проценка на нивната состојба од страна на надлежна јавна установа за социјална заштита. Законот за првпат предвидува дека е неопходно да се земат предвид и облиците на прогонување специфични за половата припадност. Со овој закон се уредуваат и условите според кои Република Северна Македонија може да даде привремена заштита, како и правата и должностите на лицата под привремена заштита.
Во 2023 година се ревидирани **Стандардни оперативни процедури (СОП)** за постапување со жртви на трговија со луѓе. Ревидираните СОП предвидуваат соодветна рамка за давање поддршка, интеграција и доброволно враќање на ЖТЛ и мигрантите. Исто така, во соработка со канцеларијата на УНХЦР, во 2024 година се донесени и нови Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци, со што претходните СОП за непридружувани деца странци и СОП за ранливи категории на лица странци се интегрирани во еден документ.[105]

Прегледот на промените на релевантните закони и процедури кои се однесуваат на легалната и илегалната миграција покажуваат дека правната рамка на миграциската политика во Република Северна Македонија континуирано се унапредува и дополнува. Постојната регулатива е добра правна основа за решавање на поединечните барања на странци кои престојуваат во земјата по различни основи. Независно од тоа, Република Северна Македонија понатаму ќе ги следи трендовите и насоките на Европското законодавство во однос на различните аспекти на миграциите со цел навремено усогласување со истите. Оттаму, може да се констатира дека предизвиците на Миграциската политика за периодот 2026-2030 година во делот на правната рамка се значително помали во однос на претходниот период.

---

[103] Закон за бесплатна правна помош, http://pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20besplatna%20pravna%20pomos.pdf (пристапено на 25 мај 2021).
[104] Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/18) (пристапено на февруари 2026 година).
[105] Стандардни Оперативни Процедури за постапување со не придружувани деца и други ранливи категории на лица странци. https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/con/sop_web_2709.pdf (пристапено на 12 март 2026 година).

7. Меѓународна соработка и обврски во областа на миграциите

Договорите/спогодбите за меѓудржавна (билатерална и мултилатерална) соработка, се значаен инструмент на миграциската политика. За таа цел по 2020 година беа потпишани повеќе договори и спогодби и беа донесени и одлуки во насока на унапредување на соработката во областа на легалната и илегалната миграција, како и во однос на визниот режим. Овие активности се одвиваа со различна динамика како според видот на миграциите, така и од аспект на временскиот период.

Легална емиграција - на полето на билатерални договори за сезонско ангажирање на работната сила до 2014 година државата имаше потпишано и ратификувано билатерални договори за упатување работници за проектни договори само со Словенија, Германија и со Катар. Најстар е договорот со Германија, од 1995 година, а секоја година се определува квота на сезонски работници.[106] За разлика од договорот со Германија, билатералните договори за сезонско вработување на работна сила со Словенија и Катар не беа имплементирани. Во 2013 година тогашното Министерство за труд и социјална политика (МТСП) поднесе иницијативи за склучување договори за вработување сезонски работници од Република Македонија до владите на: Шпанија, Азербејџан, Шведска, Норвешка, Данска, Финска, Украина, Турција, Белгија и на Италија. Овие и другите иницијативи на државата за потпишување билатерални договори за сезонска работна сила, во периодот по 2015 година не беа прифатени од ниту една земја, поради обврските кои земјата примач на овие сезонски работници би ги имала во рамки на ваквите договори. Од тие причини и постојните договори со Словенија и со Катар не се имплементираа и во периодот 2015-2020 година.

Во услови на големи промени на глобалниот пазар на трудот, ваквите договори претставуваат обременување за земјите приматели на сезонски работници, со оглед на различните потреби од работна сила на одделните сектори во тие држави. Оттаму, сезонското вработување на македонските граѓани во странство во најголем дел беше и остана регулирано со Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи[107] и неговите Измени и дополнувања од 2016 година.[108]

Во последната деценија евидентен е тренд на регионално либерализирање на пазарот на труд (мини шенген Иницијативата, како и одредени активност во рамки на Средноевропскиот договор за слободна трговија - ЦЕФТА), за поедноставен и побрз пристап до пазарот на труд на земјите потписнички на овие договори. Во рамки на Иницијативата „Отворен Балкан“ меѓу Република Северна Македонија, Србија и Албанија, договорена е соработка и во областа на слободно движење на граѓаните и слободен пристап до пазарот на труд. Притоа, беа склучени Меморандум за разбирање и соработка во врска со слободен пристап до пазарот на трудот, Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на труд, како и Протоколот за имплементација на истиот.[109] Согласно овие

---

[106] За секоја деташманска година, која почнува на 1 октомври во тековната година, а завршува на 30 септември наредната година, Владата на Сојузна Република Германија утврдуваше квота на работници што може да се деташираат од Република Македонија во Германија. За 2014 деташманска година за нашата земја била утврдена квота од 570 работници во областа на градежништвото, монтажа и изолација.

[107] „Службен весник“ бр. 166 од 26.12. 2012 година.

[108] „Службен весник“ бр. 30 од 19.02.2016 година.

[109] Агенција за вработување на Република Северна Македонија, https://av.gov.mk/otvoren-balkan-severna-makedonija-srbija-i-albanija-ns_article-izvestuvanje-za-otpocnuvanje-na-uslugata-sloboden-pristap-do-pazar-na-trud.nspx (Пристапено на 10 февруари 2026 година).

документи трите договорни страни ја изразија својата согласност за: Поедноставување на процедурите со цел обезбедување на еднаков пристап до пазарот на трудот - вработување во страните договорнички; Олеснување на движењето на граѓаните од 3-те држави за полесен и послободен пристап до пазарот на труд преку отстранување на работните дозволи и постапките поврзани со истото; Развивање на соодветни системи за спроведување на вака утврдените цели. Реализацијата на оваа иницијатива започна во март 2024 година.

Легална имиграција/престој на странци - во однос на социјалната сигурност на странците во Република Македонија до 2014 година биле на сила 19 билатерални договори[110] за координација на системите за социјална заштита, од кои 11 со земји членки на ЕУ.[111] Во овој период беа преземени активности за потпишување на билатерални договори за користење на *Европската здравствена картичка.* Придобивката од реализирање на една ваква политика е користење на здравствени услуги во странство во случај на стручно усовршување, школување, службено или приватно патување. Ваков вид на билатерални договори беа потпишани со Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Луксембург, Романија, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Франција, Холандија, Хрватска, Црна Гора и со Чешка.

Од билатералните договори за социјално осигурување, кои се потпишани до 2014 година, останаа во сила и се применуваат договорите со: Република Хрватска, Австрија, Република Турција, Швајцарија, Република Словенија, Бугарија, Германија, Босна и Херцеговина, Чешката Република, Холандија, Полска, Луксембург, Белгија, Австралија, Црна Гора, Канада и Косово*.[112] По 2015 година беа склучени три договори за социјално осигурување:[113]Договор меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност („Службен весник на Република Македонија“ број 80/15 од 1.9.2015 година); Договорот меѓу Република Македонија и Словачка Република за социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/15 од 1.12.2015 година); Договор меѓу Република Македонија и Република Албанија за социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 38/16 од 1.6.2016 година).

Илегална миграција и реадмисија - Меѓународната соработка во областа на овие миграциски движења и реадмисија е предмет на посебно внимание на миграциските политики, бидејќи илегалната миграција е глобален проблем. За таа цел Владата на Република Северна Македонија, во последната деценија презеде активности за воспоставување широка меѓународна соработка и размена на податоци од областа на илегалната миграција.

Во периодот 2009-2014 година во врска со илегалната миграција беа потпишани повеќе спогодби, билатерални и мултилатерални договори, со земјите од опкружувањето и

---

[110] Поопширно види: Резолуција на миграциска политика на Република Македонија, 2015-2020 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18), Скопје, стр. 38.

[111] До склучување на нови договори за социјално осигурување Република Македонија ги применуваше договорите преземени од поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) и тоа со: поранешна Чехословачка; Англија и Северна Ирска; Франција; Италија; Норвешка и Шведска.

[112] Листа на билатерални договори за социјално осигурување,
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/24.7-%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B02020.pdf
(пристапено на 21 јуни 2021)

[113] Ибидем

пошироко. Имплементацијата на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање лица со незаконски престој се одвиваше непречено, а бројот на вратените лица континуирано се зголемуваше. Најголем број од вратените државјани на Република Македонија беа од Германија, а релативно голем беше и бројот на оние од другите земји на ЕУ (Шведска, Норвешка, Белгија, како и од Швајцарија). Во овој период беа склучени и четири Договори за реадмисија (со Република Молдавија, Босна и Херцеговина, Република Србија и со Црна Гора), како и Протоколи за спроведување на Договорот за реадмисија со седум земји членки на ЕУ (Естонија, Бугарија, Австрија, земјите од БЕНЕЛУКС и Германија).

Во 2017 година е потпишан договор и со Владата на Република Косово* за преземање лица со незаконски престој и Протокол за негово спроведување (стапи на сила во 2018 година). Во однос на Протоколите за спроведување на Спогодбата со ЕЗ: По 2015 година влезени се во сила Протоколите со Република Словачка, Италија, Чешка.По 2015 испратени се предлози за склучување договори за реадмисија до Египет и до Иран, и е добиен предлог за склучување договор за реадмисија со Азербејџан.

Во јули 2025, Република Северна Македонија и Литванија потпишаа Протокол за спроведување на Спогодбата за преземање (реадмисија) на лица кои престојуваат без дозвола[114].

Визен режим - во периодот по 2010 година беа донесени релативно голем број на одлуки за едностране укинување на визите за влез и престој до 90 дена и за времено укинување на визите за краткорочен престој на странски државјани, потоа спогодби за условите за патување, како и меѓудржавни договори/спогодби за укинување на визниот режим за носителите на дипломатски и службени пасоши. Овие активности имаа за цел унапредување на економската соработка со што поголем број земји ширум светот.

Од 2010 до 2014 година Владата на Република Македонија донесе одлуки за едностране укинување на визите за влез и престој до 90 дена за државјаните на земјите кои беа ставени во Анексот 2 на Регулативата на Европскиот Совет бр. 539/2001.[115] Освен тоа, беа донесени повеќе одлуки за едностране времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на овие земји, кои се однесуваа за период од една година (Руската Федерација, Украина, Република Азербејџан и Република Казахстан) или подолг период (на пример, едностране одлука за укинување на визите за државјаните на Украина и Тајванза петгодишен период од 2013 до 2018 година). Исто така, беа потпишани Спогодби меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Федеративна Република Бразил за ослободување од визи (2011 година), како и со Владата на Република Турција за условите за патување на државјаните на двете држави (2012 година). Во 2011 и 2012 година, беа потпишани Спогодби меѓу нашата Влада и Владите на три земји од Регионот (Република Србија, Република Албанија и Црна Гора) за условите за патување освен со важечка патна исправа и со важечка биометриска лична карта.[116]

---

[114] Протокол меѓу Влада на Литванија и Влада на Република Северна Македонија за спроведување на Спогодба за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.https://lrv.lt/media/viesa/saugykla/2026/2/nIJy41O6Tq0.pdf

[115] Тоа се: Андора, Бразил, Брунеи, Чиле, Костарика, Гватемала, Хондурас, Мексико, Никарагва, Панама, Парагвај, Ел Салвадор, Сингапур, Јужна Кореја, Уругвај, Хонг Конг, Макао, Антигва и Барбуда, Бахамите, Република Маурициус, Св. Китс и Невис и Република Сејшели.

[116] Освен претходно споменатите активности во периодот 2009-2014 година беа потпишани меѓудржавни договори/ спогодби или беа покренати иницијативи за укинување на визниот режим за носителите на дипломатски и службени пасоши меѓу Владата на Република Македонија и Владите на Република Индија, Република Индонезија и Аргентинската Република, Социјалистичка Република Виетнам и Катар.

Со цел поддршка на економската соработка, туризмот и привлекувањето странски инвестиции, Република Македонија во претходниот период воведе одредени визни олеснувања. Во периодот 2015–2020 година беа донесени одлуки за едностране укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на 24 држави кои се наоѓаат на т.н. „бела листа“ на Европската унија, како и привремени безвизни режими за државјаните на пет држави. Паралелно со тоа, беа склучени регионални спогодби со Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, со кои се овозможува влез и краткорочен престој на државјаните на овие земји и со важечка биометриска лична карта. Дополнително, со повеќе држави се склучени билатерални договори за укинување на визите за носителите на дипломатски и службени пасоши.

Во периодот 2020 2025 година продолжија активностите за натамошно усогласување со визната политика на Европската Унија. Во тој контекст, донесена е одлука за укинување на визите за државјаните на Тајван, кој се наоѓа на т.н. „бела листа“ на Европската Унија. Одлуката овозможува престој до 90 дена во период од 180 дена и важи за периодот од 1 април 2025 до 31 март 2030 година. Станува збор за продолжување на претходната петгодишна одлука, донесена врз основа на принципот на реципроцитет. Во рамки на понатамошното усогласување со визната политика на Европската унија, склучени се и билатерални спогодби за укинување на визите со повеќе држави. По хронолошки редослед на потпишување, тоа се: Украина (12 јули 2019): Федерацијата Св. Кристофер и Невис (15 декември 2020); Грузија (10 мај 2021) и Обединетите Арапски Емирати (29 мај 2025). Дополнително, со цел понатамошно усогласување со визна политика на Европската унија, Република Северна Македонија воведе визен режим за државјаните на Куба и Боцвана, со примена од 1 јануари 2023 година.

Државјанство - Закон за ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанството („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/19) од 17.10.2019 година. Согласно со овој закон, Министерството за внатрешни работи се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Конвенцијата од членот 1 од овој закон.

Имајќи го предвид искуството од досега склучените договори и нивната имплементација, Република Северна Македонија и во периодот 2026-2030 година ќе остане посветена на овие активности, особено на оние кои имплицираат проширување на економската соработка, поголема заштита на нашите граѓани во странство и олеснет влез и престој на странците, посебно на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата.

II ПРОМЕНИ НА ЛЕГАЛНИТЕ И ИЛЕГАЛНИТЕ МИГРАЦИИ

1. Актуелни трендови, детерминанти и последици/импликации на легалните миграции

Во областа на легалните миграции, односно иселувањата и доселувањата во/од странство, во периодот по 2020 година, Република Северна Македонија се соочи со релативно големи промени. Тие се анализираат врз основа на податоците од пописот на населението од 2021 година за доселените од странство (stock data), потоа на редовното статистичко истражување за миграциите на Државниот завод за статистика за доселените/отселените од/во странство (flow data), како и на расположливите податоци на Министерството за внатрешни работи во однос на овие миграциски текови. Промените на емиграцијата во странство, пак, се идентификувани и врз основа на податоци од странски извори. Особеностите на легалните миграции, нивната условеност, како и последиците и импликациите врз демографскиот и социоекономскиот развој на земјата се посматраат во контекст и на реализацијата на мерките и активностите усвоени со Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година.

По 2021 година не се работеше на нов профил за миграциите. За таа цел, но и за согледување на интензитетот на промените во последните пет години во споредба со претходните периоди за кои се подготвуваа документи на Резолуција на миграциската политика, во рамки на расположливите статистички податоци претставени се збирни податоци за 2009-2014 и 2015-2019 година и податоци за периодот 2020-2024 - вкупно и по години. Во Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2025 година, се укажува дека конципирањето на овој документ треба да се базира на евалуација на тековните промени на миграциските текови.[117]

1.1. Особености на трајната и привремената (циркуларната) емиграција/имиграција на македонските граѓани во/од странство

Во преселеничките движења на граѓаните на Република Северна Македонија во/од странство и по 2020 година доминантна остана застапеноста на економската емиграција, која започнаа во средината на шеесеттите години на минатиот век и со несмален интензитет се одвива до денес.[118] Во услови на недостиг на релевантни статистички податоци за миграцијата на македонските граѓани во/од странство од домашни извори, трендовите и особеностите на овие преселнички движења може да се идентификуваат единствено врз основа на податоци од странски извори.

---

[117] European Commission. Commission staff working document, *North Macedonia 2025 Report*. 2025 Communication on EU enlargement policy, Brussels, 4.11.2025. https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/267b368c-6b55-4a42-bb72-6395593de4da_en?filename=north-macedonia-report-2025.pdf (Пристапено на 20 јануари 2026).

[118] Постојната територија на Република Северна Македонија е традиционално емиграционо подрачје од кое иселувањата датираат од 19-тиот век, а современа емиграција во странство започна пред шест децении. Поради долгата историја на оваа емиграција денес не се располага со релевантни податоци за „старата" миграција и нивните потомци.

а) Домашни извори на податоци

Недостигот на релевантни податоци за обемот, демографските и социоекономските белези на иселените/доселените лица во/од странство во последните децении е условен од фактот што само мал дел од граѓаните на Република Северна Македонија официјално го пријавуваат привремениот и трајниот престој во странство и враќањето во земјата. Оттаму нивниот опфат во базата на податоци на МВР и со редовното статистичко истражување на Државниот завод за статистика е мошне мал и го покажува само бројот на лицата коишто официјално го пријавиле заминувањето и престојот во странство[119]. Независно од тоа, овие податоци даваат индиции за промената на трендот на миграциските движења, како и на структурните белези на иселените/доселените граѓани на Република Северна Македонија по 2020 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика *вкупниот број на македонски граѓани кои заминале во странство* од 5.850 лица во периодот 2009-2014 година се намалил на 2.104 (2015-2019), додека, пак, од 2020 до 2024 година изнесува 7.582 лица. Иако овие податоци не го покажуваат реалниот обем на емиграција, тие сепак потврдуваат дека во последните години е забележан голем пораст на емиграцијата во странство.[120] Ист тренд на промени е карактеристичен и за *повратните текови на нашите граѓани од странство*, чиј број од 2.062 лица (2009-2014) се намалил на 1.551 (2015-2019), а по 2020 година изнесува 1.925 лица. Во 2023 и 2024 година нивниот број изнесува 522 и 512 лица односно е околу 40% поголем од претходните две години. Во споменатите временски интервали миграциското салдо изнесува: -3788, -553 и -5657 лица. Оттаму, негативното миграциско салдо по 2020 година е десетпати поголемо во споредба со периодот 2015-2019 година.

Во однос на *земјите на прием* во периодот 2020-2024 година, а во споредба со претходната деценија, за повеќе од четиринати е зголемена емиграцијата во традиционалните земји на прием - Австрија, Германија, Италија и Швајцарија, а повеќе од трипати во Република Словенија. Што се однесува на прекуокеанските земји се уште е голем интересот за иселување во Австралија, Сад и Канада. Истовремено, пораст бележи и бројот на наши граѓани во Катар, Обединетите Арапски Емирати и други земји од Блискиот исток. Најголем број од вратените граѓани од странство, пак, потекнуваат од Германија и Швајцарија, а се уште релативно големи се и доселувањата од Албанија, Србија и Косово*. Мошне мал е бројот на вратените од Словенија, што значи дека зголемената привремена емиграцијата во оваа земја во последната деценија се трансформира во трајна. Оваа промена треба да се набљудува и во контекст на барањата за отпуст од македонско државјанство.

Во поглед на *демографската структура на граѓаните кои заминале, односно се вратиле од странство* во периодот по 2020-та година, врз основа на податоците на ДЗС може да се констатира следното: кај иселените лица преовладува застапеноста на мажите, но забележлив е значителен пораст на учеството на жените, кое од 43,4% (2009-2014) се

---

[119] Истражувањето за преселувањата на населението во Република Северна Македонијасе спроведува во согласност со Програмата за статистички истражувања врз основа на Законот за државната статистика, потоа на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, како и на Законот за странци.

[120] Нивниот број по одделни години се движи: 937 лица (2020), 1230 (2021), 1905 (2022), 2034 (2023) и 1476 (2024 година). Извор: Овие и другите податоци за иселените/доселените македонски граѓани се преземени од МАКСТАТ базата на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-eb4e5f7ec5ef (пристапено на 20.01.2026 година).

зголеми на 45,9% (2015-2019) и на 47,5% (2020-2024 година). Тоа укажува на пораст на семејната трајна емиграција. Во структурата на вратените од странство, пак, останува доминантно учеството на мажите (52,2%, 46,2% и 53,6%, респективно).

Структурата според возраст на лицата кои заминале од земјата по 2020-та година покажува тренд на намалување на учеството на младите (од 33,3% во 2020 на 22,6% во 2024 година), а значителен пораст забележа помладото средовечно население (30-39 години) и тоа од 15,5% на 23,3%, респективно. Релативно помал е порастот на постарото средовечно население 40-49 години (од 17,5% на 19,6%, респективно). Овие промени кореспондираат со промените во миграциските политики на земјите на прием. Кај доселените граѓани од странство, пак, доминира учеството на постарите од 50 години, а нивното учество во 2024 година изнесува 26,6% (50-64) и 16,6% (65+ години).

Податоците на ДЗС за образовната структура на мигрантите не даваат релевантни информации не само поради нереалниот опфат, туку и поради големиот удел на оние за кои не е познато нивото на образование. Показателите за промените според овој белег покажуваат дека по 2020 година расте уделот на иселените (од 28,3% во 2020 на 41,5% во 2024 година) и на доселените (од 38,5% на 41,4%, респективно) со средно ниво на образование. Трендот е ист и на оние со високо ниво на образование, но нивното релативно учество е значително помало 7,8% во 2020 и 12,1% во 2024 година (отселени) и 15,1% и 20,1%, респективно (доселени). По 2020 година Државниот завод за статистика не објавува податоци за структурата според брачна состојба, економската структура и причините поради кои македонските граѓани заминале во странство. Податоците од меѓународните организации и земјите на прием потврдуваат дека иако нумеричките вредности на податоците на ДЗС не ја одразуваат реалната состојба, неспорна е нивната релевантност во однос на трендот на промените.

б) Странските извори на податоци

Податоците на меѓународните организации/институции и од земјите на прием овозможуваат пореална проценка на обемот и структурата на миграцијата македонските граѓани од/во Република Северна Македонија. Како посеопфатни податоци за бројот на имигрантите/емигрантите во одделни земји на прием/потекло се издвојат оние на Обединетите нации, Евростат, ИОМ, ОЕЦД, Светската банка и др.

Зголемениот интензитет на емиграција од Република Северна Македонија по 2020 година го потврдуваат податоците од *Атласот на миграции* за бројот на издадени дозволи за прв престој на македонските граѓани во ЕУ земјите на прием според причините. Нивниот број изнесува: 16.521 (2020); 21.106 (2021); 29.591 (2022); 31.876 (2023) и 26.727 (2024 година).[121] Според овие податоци, од 2020 до 2024 година 125.821 наши граѓани добиле дозволи за прв престој во земјите на ЕУ. Речиси половина од нив побарале дозвола поради семејни причини, а околу 40% поради работа. Во периодот 2015-2019 година нивниот број изнесувал 93.277 дозволи[122] односно околу 35% помалку.

---

[121] European Commission, Joint Research Centre, *Atlas of Migration*, 2022, 2024, 2025 (пристапено на 10 јануари 2026).

[122] European Commission: Atlas of Migration, 2020/ Migration in Europe (пристапено на 11 мај 2021)

Податоците на *Евростат*, исто така покажуваат зголемен годишен прилив (flow data) на граѓани на Република Северна Македонија во европските земји на прием по 2020 година, особено во 2022 и 2023 година, кога нивниот број изнесува 23.806 и 23.557 лица.[123] Тој е најголем во традиционалните земји на прием: Германија (15.145 и 13.627 лица, респективно),[124] Италија (2.421 и 2.496 лица), Австрија (1.234 и 1.259 лица), како и во Словенија (1.682 и 1.925 лица) и Хрватска (1.578 и 2.118 лица, респективно).

Податоците на *Атласот на миграции* покажуваат континуиран пораст на вкупниот број на важечките дозволи за престој на крајот од годината на граѓаните на Република Северна Македонија во европските земји на прием. Тој изнесува: 205.736 лица (2020), 210.707 (2021), 240.313 (2022), 254.777 (2023) и 257.230 лица (2024 година). Повеќе од половина од нив биле лица со долгорочен престој, а безмалку половина (47% - 50%) престојувале во странство поради семејни причини. Овие податоци потврдуваат дека трајната емиграција во странство по 2020 година, особено по Ковид-19 пандемијата, продолжи со зголемен интензитет.

Овој пораст го потврдуваат и податоците на *Евростат* за вкупниот број македонски државјани (stock data) во европските земји на прием. Доколку се претпостави дека бројот на граѓани на Република Северна Македонија во Швајцарија останал ист како во 2021 година (67.745 лица)[125], тогаш вкупниот број на македонски државјани во европските земји на прием изнесува 307.623 (2022), 310.356 (2023) и 323.557 лица (2024). Учеството на осум европски земји на прием (Австрија, Германија, Италија, Словенија, Холандија, Хрватска, Швајцарија, Шведска) во вкупниот број мигранти беше и остана поголемо од 90%. Континуираниот и голем пораст на бројот на наши граѓани во Словенија потврдува дека привремениот престој во оваа земја, најчесто по основ на образование, постепено се трансформира во подолгорочно или трајно иселување. Податоците на Евростат, исто така, не даваат целосна претстава за вкупниот број македонски државјани во европските земји на прием. Тој е реално поголем поради нецелосниот опфатот или недостигот на податоци за одделни земји на прием.

Странските извори на податоци укажуваат на големи промени во насока на значително намалување на вкупниот број на граѓани на Република Северна Македонија во светот, и покрај идентификуваниот голем пораст на емиграцијата во последните години. Притоа станува збор за евидентни промени на податоци од исти извори, што би можело да се оквалификуваат како ревизија на податоците. Имено, податоците на Атласот на миграции за 2023 и 2024 година покажуваат дека вкупниот број македонски државјани во светот во 2020 година изнесува околу 693.900 лица,[126] а според Атласот на миграции за 2025 година

---

[123] EUROSTAT. Immigration by age group, sex and citizenship [MIGR_IMM1CTZ__custom_711462] (https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/migr_imm1ctz__custom_19584410/default/table) (пристапено на 12 јануари 2026)

[124] Податоците на ОЕЦД покажуваат дека нивниот број изнесува 23000 (2022) и 22500 (2023 година). Извор: International Migration Outlook 2025 © OECD 2025, p. 332

[125] Евростат не дава податоци за вкупниот број граѓани на Република Северна Македонија во Швајцарија во 2022, 2023 и 2024 година. Податоците на ОЕЦД покажуваат дека нивниот број изнесува: 72300 (2020), 74800 (2021), 77400 (2022), 80300 (2023) и 83200 лица (2024 година). Извор: International Migration Outlook 2025 © OECD 2025, p. 391.

[126] Бројот на македонските граѓани коишто престојуваат во земјите на прием ширум светот во претходната деценија

485.000 лица. Независно од тоа податоците на Атласот на миграции за 2025 година покажува пораст на вкупниот број граѓани на Република Северна Македонија во светот за околу 50.000 лица (од 485.000 во 2020 на 535.000 во 2024 година). Во однос на нивната дестинација, пак, забележлив е голем порастот на нивното учество во земјите на ЕУ од 54% (2020) на 58% (2024 година), а соодветно на тоа намалување во другите земји на прием.

Слични промени може да се констатираат и врз основа на податоците на Обединетите Нации. Овие податоци и оние наАтласот за миграции за 2025 година покажуваат речиси иста промена на вкупниот број граѓани на Република Северна Македонија во светот, односно 485.263 (2020) и 534.616 лица (2024 година)[127]. Овие промени не се условени од зголемен број на вратени македонски граѓани од странство во земјата, бидејќи стапува збор за разлика повеќе од 100.000 лица. Оттаму, причините за ваквата ревизија на податоците треба да се бараат во натурализацијата, односно растечкиот број на наши граѓани кои добиле државјанство на земјите на прием. Расположливите податоци потврдуваат дека од 2014 до 2023 година 62.968 македонски граѓани се стекнале со државјанство на некоја европска земја.[128] Освен тоа, значително влијание има и порастот на морталитетот во услови на стареење на миграцискиот контингент, а за него нема податоци од домашни и од странски извори.

Денес, тешко може да се утврди вкупниот број на лица по потекло од Република Северна Македонија во странство, поради долготрајноста на овие миграциски движења, натурализацијата на нашите граѓани во земјите на прием, потоа непознатиот обем на втората и третата генерација во рамки на миграцискиот контингент, како и растечкиот број на деца родени во странство во последните две децении. Пресметките врз основа на ревидираните податоци за вкупниот број на граѓани на Република Северна Македонија во странство за 2024 година покажуваат дека стапката на емиграција остана мошне висока и изнесува околу 40%.[129]

Странските извори на податоци потврдуваат дека зголемениот обем на емиграција во странство по 2020 година се одликува и со значителни промени на демографските (пол и возраст), образовните и другите белези на мигрантите. Тоа го потврдуваат податоците на Евростат и на земјите на прием, како и показателите на меѓународните организации. Според податоците на Евростат безмалку изедначено е учеството на жените во миграцискиот контингент, што имплицира голема застапеност на семејната миграција. Во структура според возраст евидентен порастот на учеството на децата (0-14 години), на средовечното работоспособно население (30-49 години) и на лицата постари од 65 години. Повеќе индикатори на меѓународните организации укажуваат дека емиграцијата на

изнесувал: 527075 (2010); 562907 (2015): 658264 (2019) и 693900лица (2020 година). Извор: European Commission: Atlas of Migratin 2020, 2024 и 2025, Migration in Europe (пристапено на 11 јануари 2026).

[127] United Nations, International Migrant Stock 2024, https://www.un.org/development/desa/pd/content/international-migrant-stock (пристапено на 11 јануари 2026)

[128] Нивниот број по одделни години изнесува: 4614 лица (2014), 7529 (2015), 9180 (2016), 6325 (2017), 5993 (2018), 7155 (2019), 5010 (2020), 4840 (2021), 6704 (2022) и 5618 лица (2023 година). Извор: European Commission: Atlas of Migratin 2020, 2024 и 2025, Migration in Europe (пристапено на 11 јануари 2026).

[129] Извештајот на ИОМ за 2020 година покажа дека според стапката на емиграција во 2019 година Република Северна Македонија беше во групата на топ дваесет земји во светот со најголема емиграцијата во странство. IOM, *Migration Report 2020*, UN Migration, Geneva, 2019, p. 27.

високообразованите кадри од Република Северна Македонија продолжи со несмален интензитет.

Предизвици: *Недостигот на сеопфатни податоци за трајната и привремената (циркуларната) емиграција од Република Северна Македонија во странство од домашни извори се уште е предизвик при осознавањето на особеностите на овие преселенички движења. Странските извори на податоци даваат пореални сознанија за манифестираните промени, но поради нивната неконзистентност и различна методолошка основа, тие не може да се прифатат како трајна алтернатива на статистиките од домашни извори. Големата трајна емиграција која дополнително се интензивираше по 2020 година останува еден од најголемите предизвици на земјата и неспорно имплицира потреба за нејзино континуирано следење и сеопфатно проучување врз основа на релевантни податоци.*

1.2. Имиграција (привремен и постојан престој) и интеграција на странци

Легална имиграција во Република Северна Македонија се однесува на краткорочниот, привремениот и постојаниот престој на странците, а е уредена со Законот за странци. „Краткорочниот престој" (по основ на приватни, деловни и туристички посети) е престој на странец со виза или без виза, во траење не подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена, доколку со Законот за странци или со ратификуван меѓународен договор не е поинаку утврдено.[130] "Привремен престој", со времетраење до една година, е престој кој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во земјата по различни основи, вклучително и вработување.[131] "Постојан престој" е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Северна Македонија врз основа на одобрен привремен престој. Со Законот за странци се прецизирани условите согласно кои на странците може да им се издаде/одземе дозвола за привремен или постојан престој. Во примена се „Нови лични документи" за странци, согласно директивите на ЕУ во поглед на заштитните елементи и биометриските податоци.

а) Привремен/постојан престој и вработување странци

Од аспект на концирањето на миграциската политика предмет на опсервација се промените на вкупното мигрантско население (stock data) во Република Северна Македонија, потоа особеностите на странците со привремен и постојан престој, како и вработувањето на странците, во периодот по 2020 година. Тие се анализираат врз основа на податоци на Државниот завод за статистика, Министерството за внатрешни работи и на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

---

[130] Закон за странци на Република Северна Македонија (консолидиран текст), https://dejure.mk/zakon/zakon-za-strantsi (пристапено 31.1.2026)

[131] Барањето за издавање на дозволи за привремен престој се поднесува во ДКП на Република Северна Македонија, а по исклучок барања за повеќе видови привремен престој може да се поднесат и во организационите единици на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. При проверките за донесување на одлуката за одобрување на привремен престој на странец се контактираат и надлежните институции во зависност од причините за кои се бара престојот.

Единствени податоци од ***домашни извори за вкупно резидентно население доселено од странство*** (stock data) се оние од пописите на населението. *Пописот на население од 2021 година* дава податоци за вкупното резидентно население во Република Северна Македонија според последната доселба и според местото на раѓање. Тие покажаа дека *доселените во местото на вообичаено живеење од други држави* изнесува 33.239 лица, а нивното учество во вкупно резидентно население изнесува 1,8%, односно тоа е двојно помалу од 2002 година.[132] Со оглед на нумеричката големина (132.443 лица) на граѓаните чиј статус во однос на мобилноста во 2021 година е непознат, останува дилемата за опфатот на податоците и за доселените од странство. Оваа констатација се однесува и на податоците за бројот на родените во друга држава, кој изнесува 50.978 лица или 2,8% од вкупното резидентно население.

Странските извори на податоци, поточно оние од Атласот на миграции за 2025 година покажуваат дека во периодот 2020-2024 година, после подолго време вкупното мигрантско население (stock data) во Република Северна Македонија се зголеми од 131.000 (2020) на 151.000 лица (2024 година), односно за 20.000 лица.[133] Ова е релативно голема промена за краток период, кој укажува на тренд на пораст на вкупниот број странци во земјата. Тоа го потврдуваат и податоците на Обединетите нации, според кои вкупниот број на мигранти на средината на 2024 година изнесува 150.900 лица, а нивното учество во вкупното население 8,3%.[134] Податоците за потеклото на доселените лица покажуваат: 68.400 лица (Албанија), 20.100 (Турција), 19.200 (Украина), 18.200 (Србија), 9.300 (Црна Гора) и 15.700 лица од други земји.

Податоците на ***Државниот завод за статистика*** покажуваат дека во периодот 2020-2024 година вкупниот број на доселени странци изнесува 26.367 лица, од кои 17.256 лица (65,4%) со привремен, а 9.111 лица (34,6%) со продолжен престој. Во споредба со претходниот период (2015-2019 година), тој е поголем за околу 17,3%.[135] Независно од манифестираните осцилации, во периодот по 2020 година остана доминантно учеството на странците со привремен престој. Според земјите на потекло од вкупниот број странци со одобрен привремен престој во периодот 2020-2024 година, повеќе од половина или 14.938 лица се од европските земји, од кои безмалку две третини (63%) или 9.379 лица се од Турција. Во споредба со периодот 2015-2019 година, бројот на лица со привремен престој од Турција се зголеми за 84,3%. Овој пораст кореспондира со усвојувањето на измените во Законот за државјанство од 2021 година и можноста за стекнување државјанство на иселениците од турска националност и нивните потомци од прв ред. Од 2020 до 2024 година пораст забележа и бројот на мигранти од Азија (1.630 лица), при што тој е безмалку трипати поголем од оној во периодот 2015-2019 година (578 лица). Околу 70% од нив се од Бангладеш, Индија, Непал, Пакистан и од Филипини. Во 2024 година бројот на доселени од Азија (1.121 лица) е многукратно поголем во споредба со претходните години. Оваа промена е условена од потреба за прием на работници од странство.

---

[132] Според податоците од Пописот на населението 2002 година нивниот број изнесува 79.167 лица, односно 3,9 % од вкупното население. *Извор: Лозаноска А., Јанеска В., Демографските промени во Република Северна Македонија со фокус на Пописот на населението од 2021 година – причини, последици и импликации"*, Економски институт-Скопје, УКИМ, 2024 година, стр. 162.

[133] European Commission: Atlas of Migratin 2024 и 2025, Migration in Europe (пристапено на 14 јануари 2026)

[134] UN (2025). International Migrant Stock 2024: Key facts and figures. 2025, https://www.migrationdataportal.org/international-data?i=groups&t=2024&cm49=807 (пристапено на 14 јануари 2026)

[135] Во периодот 2015-2019 година вкупниот број на доселени странци изнесува 22475 лица, од кои 13788 со привремен, а 8687 лица со продолжен престој.

Бројот на отселени странци со привремен престој по 2020 година изнесува 1.022 лица и е релативно поголем во споредба со периодот 2015-2019 година (983 лица). Најголем дел од нив (54%) се од Турција, а 10,7% се од Авганистан. Бројот на иселените од Азија (297 лица) е петпати помал од оној на доселените странци. Тоа значи дека голем дел од нив имаат продолжен престој во земјата.

Врз основа на расположливите податоци на Државниот завод за статистика за демографската структура на доселените/отселените странци со привремен престој во периодот 2020-2024 година, може да се констатира дека структурата на доселените/отселените странци според пол покажува доминантна застапеност на мажите (62,7%), особено на оние кои заминале од земјата (78,6%). Структурата на доселените/отселените странци според возраст покажува дека речиси половина од доселените (49,5%) и безмалку една третина (30,9%) од иселените се млади 15-29 години. Кај двете категории релативно голема е застапеноста и на помладото средовечно население (30-39 години), кое изнесува 21% (доселени) и 28% (отселени). За периодот по 2020-та година нема податоци од ДЗС за доселените/отселените странци со привремен престој според нивото на образование, брачната состојба, економската структура и причините за престојот во Република Северна Македонија.

Податоците на ***Министерството за внатрешни работи*** покажуваат дека во периодот 2020-2024 година вкупниот број странци со привремен престој изнесува 37.835 лица и на странци со постојан престој 529 лица, односно нивниот вкупен број изнесува 38.364 лица. Во споредба со периодот 2015-2019 година, нивниот број е значително помал.[136] Останува евидентна разликата меѓу двата извора на податоци – оние на ДЗС и на МВР. Со оглед на разликите, неспорна е потребата двете институции да се консултираат во однос на методолошката споредливост на овие податоци.

Податоците на МВР за издадените дозволи за привремен престој на странци во Република Северна Македонија, според причините за престој покажуваат дека во периодот 2021-2024 година најголем дел од нив (42%) престојувале поради работа, околу една петтина (23,4%) за образование, а 12% поради семејно обединување.[137] Притоа, продолжи трендот на пораст на бројот на странски студенти на високообразовните институции во земјата. Во периодот 2020-2024 година дипломирале 2.201 странски државјанин (од нив 1.065 од Турција).[138]

Според податоците на ***Агенцијата за вработување***, во последните години ***вработувањето на странци*** во земјата бележи континуиран пораст. Тој се должи на зголемениот број на инфраструктурни проекти и странски инвестиции во Република Северна Македонија, потоа структурната неусогласеност на понудата и побарувачката на работна сила (посебно во

[136] Според податоците на Министерството за внатрешни работи вкупниот број на странци кои престојувале во Република Северна Македонија во периодот 2015-2019 година изнесувал 54413 лица, од кои 50392 со регулиран привремен престој, а 4021 лица со постојан престој.
[137] Податоци од Годишни извештаи за 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.
[138] Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (www.stat.gov.mk).

однос на одделни профили на работници), како и зголемената привремена и трајна емиграција во странство на работна сила за која има недостиг на пазарот на трудот Република Северна Македонија. Иако процедурата за добивање на работна дозвола е поедноставена и олеснета во споредба со претходните години, сепак, како и во многу други држави, таа се уште се оценува како сложена и долга.
Во периодот од 2015-2019 година во Република Северна Македонија беа регистрирани вкупно 6.616 вработени странци, од кои 6.415 (97,0%) биле со привремен престој, а 201 лице (3,0%) со постојан престој.[139] Во Агенцијата за вработување биле евидентирани 72 лица - невработени странци (од нив 64 лица со регулиран привремен престој, а осум лица со регулиран постојан престој). Во овој период 48 странци биле корисници на права, мерки и услуги за вработување.

Податоците на Агенцијата за вработување покажуваат дека во периодот 2020-2025 година е забележан пораст на бројот на барања за вработување на странци. Така, бројот на поднесени/обработени барања од 3.672 (2020) е зголемен на 10.143 (2025 година). Бројот на барањата од МВР за искористеноста на квотата, пак, изнесува 2.990 (2020) и 9.307 (2025), а на дадени мислења за вработување странци 2.545 и 8.018 респективно. Што се однесува на мислењата за работа на странци упатени во државата нивниот број е намален за 29,4% (од 143 во 2020 на 101 во 2025 година), а бројот на негативни мислења до МВР е повеќе од удвоен (од 379 на 905, респективно).

Во истиот период тренд на пораст може да се констатира кај поголем дел од споменатите категории, но со значително помал интензитет, на барањата за работни дозволи. Имено, иако бројот на барања за работни дозволи во 2024 и 2025 година (844 и 836) е помал од оној во 2023 година (878), тој сепак е за околу 20% поголем од 2020-та година (682). Слични промени се карактеристични и за донесените решенија за издавање работна дозвола чиј број изнесува 662 (2020) и 788 (2025 година). Намалување бележи бројот на одбисни барања за издавање работна дозвола (од 11 во 2020 на осум во 2025 година) и на повлечените барања за издавање работна дозвола (од 32 на седум, респективно).

Од аспект на занимањето на вработените странци, според податоците од Агенцијата за вработување за 2025 година, најголем број од вработувањата се во занимање управител, потоа армирач, тесар, заварувач, градежен работник, ѕидар, готвач, спортски работници и др. Според образовната структура најголем број од вработените странски државјани се со средно и средно стручно образование, но голем дел од нив се и со високо образование, вклучително и магистри и доктори на наука. Што се однесува на потеклото, односно државата од којашто доаѓаат вработените странци, во 2025 година најголемиот број биле од Турција, Бангладеш, Непал и од Индија, а потоа следат Косово, Албанија, Србија, Грција, Филипини, Германија, Украина и други држави. Во однос на 2020 година, се забележува значителна промена во структурата на вработените странци според земјата на потекло, бидејќи најголем број од нив биле од Турција, а потоа следат: Србија, Косово, Албанија, Грција, Бугарија, Хрватска, Украина и други држави.

---

[139] Овие и другите податоци, како и информациите за структурата и потеклото на вработените странци се преземени од Проектот финансиран од ЕУ: *Анализа на политиките и услугитедостапни за странците во Република Северна Македонија* (автори Назиф Авди, Ирена Здравкова, Дime Ѓорчевски), Македонско здружение на млади правници, Скопје, 2020 година, стр. 22-26.

б) Интеграција на странци

Процесот на интеграцијата на странците во Република Северна Македонија останува ист, односно се одвива во три фази:

- Во *првата фаза*, поточно периодот по пристигнување на странците, државата им овозможува вклучување во постојниот систем на национална заштита, кое се однесува на пристап до услуги од здравствената заштита и до образовниот систем.
- *Втората фаза*, се третира како развојна и има за цел поддршка за развивање на самостојноста на странците во насока на задоволување на нивните потреби за домување, вработување, како и стручно до оспособување и усовршување.
- *Третата фаза* се однесува на процесот на натурализација, односно добивање на постојан престој во државата или добивање на државјанство со што им се овозможува целосна интеграција во новото општество.

Првата фаза од процесот на интеграција е делумно уредена со одредбите од Законот за социјална заштита[140], Законот за здравствена заштита и Закон за доброволно здравствено осигурување[141], Законот за основното образование[142] и билатералните договори за социјално осигурување кои Република Северна Македонија ги има потпишано со некои држави. Иако, правата на социјална заштита на странците, се загарантирани со закон, сепак постојат одредени предизвици при нивната имплементација. Во однос на престојот на странците останува потребата за услуги за навремено информирање за нивните права и обврски во текот на престојот, кои би им овозможиле да имаат релевантни сознанија пред и по пристигнувањето во Република Северна Македонија.

Предизвици:

- Евидентна е разликата на статистиките на МВР и ДЗС во однос на бројот на доселените странци со привремен и постојан престој. Останува потребата за утврдување на причините за ваквите разлики на податоците кои се однесуваат на иста категорија на доселени странци.

- Манифестираните промени на доселувањата на странците по 2020-та година, како и очекуваниот тренд на пораст на овие доселувања, претпоставуваат потреба за ефикасно управување на престојот на странци согласно демографскиот и социо-економскиот развој на земјата.

- При приемот на работна сила од странство би требало да се согледаат можностите за примена на различни видови на привремено флексибилно вработување (краткорочен престој на договорни работници, меѓукомпаниски трансфер и сл.) и сезонско вработување врз база на билатерални, регионални и мултилатерални договори.

- Новите миграциски текови и состојбите на пазарот на труд, имплицираат потреба за систематски и сеопфатен пристап и анализа, соработка и размена на податоци помеѓу институциите, потоа планирање на потребите од работна сила, креирање на мерки и

---

[140] „Службен весник на Република Македонија“ , Бр: 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14.....104/19, 302/20, 311/20.

[141] „Службен весник на РепубликаМакедонија“, Бр: 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003,84/2005, 37/2006, 18/2007,36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14 97/14 и 113/14)

[142] „Службен весник на Република Македонија“, Бр: 103/2008, 33/10, 116/110, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14,10/15/, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17.

механизми за следење на миграциjата, како и превенција на злоупотреби и илегална миграција.
- Со оглед на различните надлежности на институциите (Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд и Агенцијата за вработување), координацијата на активностите и понатамошно поедноставување на постапките, вклучително и со нивна дигитализација, за прием на работна сила од странство останува еден од предизвиците во оваа област.

1.3. Условеност и последици / импликации од легалната миграција врз демографскиот и социоекономскиот развој

Влијанието на иселувањата на граѓаните на Република Северна Македонијаво странство и на доселувањето на странците врз демографскиот и социо-економскиот развој на земјата е во директна корелација со обемот, структурните карактеристики и причинско-последичната обусловеност на овие движења. Во периодот 2020-2025 година, и покрај порастот на обемот на имиграцијата (особено во последните години), бројот на странците кои престојуваат и работат во Република Северна Македонија остана релативно мал и не можеше да има позначително влијание врз развојот. Оттаму, последиците и импликациите од легалната миграција првенствено треба да се набљудуваат од аспект на емиграцијата. Со оглед на влијанието на трајната емиграција врз понудата на работната сила на пазарот на трудот, кое се манифестира во растечки дефицит на работна сила од различни профили, значајно е да се укаже и на позитивните импликации од доселувањето на странците во делот на обезбедувањето на неопходната работна сила.

Причини за миграцијата - по 2020 година емиграцијата од Република Северна Македонија во основа се одвиваше под влијание на истите фактори како во претходната деценија, односно кореспондира со промените во социо-економскиот развој на земјата. Притоа, според своето значење и попатаму се издвојуваат неколку групи на чинители:[143] невработеноста (посебно на младите и на лицата со високо ниво на образование); подобриот животен стандард во земјите на прием; ограничените можности за промоција во професијата и други кои условија натамошно интензивирање на интелектуалната емиграција; традицијата, формирањето на бројни македонски заедници надвор од земјата и воспоставените миграциски врски останаа значајна олеснителна околност за пораст на емиграција.

Структурата на македонски граѓани во ЕУ земјите на прием, на кои прв пат им биле издадени дозволи за престој, според причините за емиграцијата покажуваат дека: вработувањето учествува со 39% (2022); 41% (2023) и 40% (2024 година); семејните причини со 48%, 47% и 47%, респективно; образованието со 4% (2022-2023); и други причини 9% (2022); 8% (2023) и 9% (2024 година).[144]

---

[143]Собрание на Република Македонија, *Резолуција на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година*, Скопје, декември 2021 година, стр. 52.
[144] European Commission: Atlas of Migratin 2024 и 2025, Migration in Europe (пристапено на 11 јануари 2026)

Со цел да се добијат релевантни податоци за особеностите на емиграцијата во странство, Државниот завод за статистика во соработка со Меѓународната организација за миграции - ИОМ, во првиот квартал од 2023 година спроведе *Миграциски модул во рамките на Анкетата за работна сила* (АРС).[145] Податоците за прашањата поврзани со миграциите во АРС се однесуваа на временски период од една година. Главна цел на Миграцискиот модул беше да се соберат податоци од домаќинствата за да се спроведе статистичка студија за факторите кои влијаат на одлуките за емиграција и нивните последици врз мигрантите и нивните домаќинства. Истражувањето даде сознанија и за демографскиот профил на мигрантите (возраст, пол, образование, брачен статус), нивниот работен статус, потеклото (урбани или рурални средини) и податоци за дознаките. Добиените податоци во голема мера ги потврдуваат идентификуваните особености на емиграцијата на македонските граѓани во странство по 2020-та година, како и нејзината условеност и последиците за домаќинствата. Освен тоа, тие даваат и значајни дополнителни информации. Тоа ја потврдува целисходноста на потребата за натамошно спроведување на Миграциски модул во рамките на Анкетата за работна сила, со препорака за проширување на сетот на прашања за причините на емиграцијата.

Промените на пазарите на труд во земјите на прием и нивните имиграциски политики, се една од клучните детерминанти за пораст на емиграцијата на помладото (30-39) и постарото (40-49 години) средовечно население, високо квалификуваните работници и високообразованите кадри (инженери од сите профили, медицинскиот кадар и лица со високо ниво на образование од други области).

Последиците и импликациите од емиграцијата во странство се многубројни и моќни комплексни, а се манифестираат врз демографскиот развој и севкупниот економски и социјален развој, преку импликациите врз пазарот на трудот, расположливиот човечки капитал, образованата и научната дејност, здравствениот сектор и други области.

а) Демографски развој - во последните две децении Република Северна Македонија со емиграцијата директно и индиректно изгуби значителен дел од вкупното население. Бројот на македонски државјани во светот бележи голем пораст и тоа по основ на: новата емиграција, приливот на втората и третата генерација, како и континуираната трансформација на привремениот престој во траен. Во последните пет години емиграцијата продолжи со несмален интензитет, придружен со пораст на натурализацијата на лицата со подолготраен престој во земјите на прием. Оттаму, иако податоците од странски извори за вкупниот број на македонски државјани во странство (stock data) укажуваат на негово намалување во 2025 година, останууваат валидни податоците на Атласот за миграции за 2023 и 2024 година кои покажуваат дека надвор од земјата има околу 700.000 лица, што претставува безмалку две петтини (39,5%) од вкупното резидентно население на Република Северна Македонија во 2025 година.

Податоците од пописот од 2021 година покажаа дека во споредба со пописот од 2002 година, вкупното резидентно население во Република Северна Македонија е помало за 185.834 лица. Миграциското салдо, пресметано според витално-статистичкиот метод, пак,

---

[145] Државен завод за статистика и Меѓународна организација за миграции, *Анализа на клучни наоди од пилотирање на миграциски модул во АРС*, Скопје 2023 година

покажува дека во периодот 2002-2021 година вкупното население се намалило за 233.808 жители. Тоа значи дека освен голем дел од постојното население, во овој период, земјата изгуби и околу 50.000 од природниот прираст на населението. По 2021 година емиграцијата во странство поприми димензии на егзодус, кој условува депопулација на целата територија и неповолно долгорочно влијание врз вкупниот и регионалниот демографски развој.

Според податоците на *Проекциите на вкупното население до 2030 година*, независно од варијантата на проекциите и претпоставките за компонентите на природното и механичкото движење на населението, во Република Северна Македонија може да се очекува значително намалување на вкупното резидентно население. Остварувањето на проекциската варијанта на среден фертилитет, која се смета за пореална во однос на другите проекциски варијанти, покажува дека можат да се очекуваат значителни промени на обемот и демографската структура на вкупното резидентно население во земјата, кое во 2030 година ќе изнесува 1.643.450 жители.[146]

Индексот на демографски притисок мошне илустративно ги покажува демографските промени. Индикаторот за демографски притисок ги зема предвид притисоците врз државата што произлегуваат од самото население или од околината околу неа. Рангирањето на Европските земји покажува дека за Република Северна Македонија овој индикатор во 2024 година изнесува 3,90 и земјата се наоѓа на 13. место.[147] Индикативен е податокот за Турција која е рангирана на второ место. Тоа значи дека оваа земја е соочена со релативно голем демографски притисок, што до некаде го објаснува порастот на емиграцијата на турските државјани кон земјите од Западен Балкан.

Интензивната депопулација во последните две децении имаше големо влијание врз промените на основните функционални старосно-полови контингенти на населението. Тоа мошне илустративно го покажува сопоставувањето на податоците за резидентното население во земјата и на оние за миграцискиот контингент (305978 лица) во Европските земји на прием во 2021 година. Тоа покажува дека надвор од земјата престојувале: 18,4% од децата (0-14 години), 21,2% од младите (15-29 години), 18,6% од работоспособното население (15-64 години), 21,2% од женското население на фертилна возраст (15-49 години), 24,3% на женско население на оптимална репродуктивна возраст (20-34 години) и 5,9% од населението старо 65+.[148]

Порастот на бројот на жените на фертилна возраст (15-49 години) од 78.681 (2015) на 87.277 (2021 година) и на жените на оптимална репродуктивна возраст (20-34 години) од 39.043 на 41.185 лица, респективно, кои престојуваат надвор од земјата резултираше со континуиран пораст на бројот на децата родени во странство. Според податоците на Државниот завод за статистика од 2015 до 2019 година, во странство биле родени 24.500 деца, што претставува 22,5% од вкупно родените во земјата (109.009 деца).[149] Во периодот

---

[146] Државен завод за статистика, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef. (пристапено на 11 јануари 2026)

[147] North Macedonia: Demographic pressures index, https://www.theglobaleconomy.com/Macedonia/demographic_pressures_index/, (пристапено на 11 јануари 2026)

[148] Пресметано врз база на податоци од Пописот на население во 2021 година и Eurostat data, Population on 1 January by age group, sex and citizenship [MIGR_POP1CTZ__custom_6189074]

[149] Државен завод за статистика на Република Македонија, Природно движење на населението, Статистички прегледи бр:

2020-2024 година овие податоци изнесуваат 26.155 (родени во странство), што претставува 29,5% од 88.550 деца родени во земјата. Во 2024 година учеството на родените во странство во вкупно родените во земјата достигна околу 36,9%.[150]

Интензивирањето на трајната семејна емиграција и на бројот на родени во странство услови забрзано стареење на населението во земјата. Порастот на повратните текови на постарите граѓани од странство дополнително влијаат врз овој процес. Рангирањето на демографската старост на резидентното население во земјата покажа дека од Демографска старост (ранг 5) во 2002 населението премина во Длабока демографска старост (ранг 6) во 2021 година. Податоците од проекциите на населението покажуваат дека за пет години од денес тоа ќе достигне Најдлабока демографска старост (ранг 7), а просечната старост на населението ќе се зголеми од 42 на 44 години. Демографското стареење на населението ќе услови големи проблеми во различни домени.

б) Пазар на трудот - последиците од емиграцијата врз пазарот на трудот се мошне изразени. Работоспособното население во странство е помладо од работоспособното население во земјата и континуирано се зголемува дефицитот на работна сила. Не совпаѓањето на понудата и побарувачката за работна сила според нивото на образование, во услови на континуиран пораст на емиграцијата, особено на привремената емиграција во регионот, во последните години уште повеќе се изостри.

Анализата на потребите од вештини на Агенцијата за вработување покажува дека на пазарот на трудот континуирано недостига работна сила со терциерно образование (програмери, машински и градежни инженери, доктори, информатичари, технолози итн.), како и на работници со средно-стручно образование (машински, градежни и електро техничари, медицински сестри, заварувачи, лимари, оператори со градежни машини, работници во услужниот сектор и сл.). Во периодот 2020-2025 континуирано се зголемуваше бројот на слободни работни места.[151]Според податоците на Државниот завод за статистика во едно тромесечје во 2023 година, потоа во две тримесечја во 2024 и во првите три тримесечја во 2025 година тој изнесува повеќе од 10000 слободни работни места.[152] Во третото тромесечје од 2025 година најголем број на слободни работни места имало во групата елементарни занимања (2052), работници во услужни дејности и продажба (1966) и стручњаци и научници (1820). Стапката на слободни работни места во четвртото тримесечје од 2024 година изнесува 1.93%, при што таа е најголема во секторот Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (3.47%). Со највисока стапка на слободни работни места (2.69%) се издвојуваат деловните субјекти со 10-49 вработени.[153]

И покрај присуството на релативно високо ниво на невработеност, неформална вработеност и значителен удел на економски неактивно младо и средовечно население во Република Северна Македонија, во последните години се забележува недостиг на работна сила во

2.4.16.09 (855); 2.4.17.07 (876); 2.4.18.08 (899), 2.4.19.01 (907) и 2.4.20.01 (917).

[150] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Макстат база (пристапено 15 февруари 2026).

[151] Државен завод за статистика, Макстат база (пристапено 15 февруари 2026).

[152] Стапката на слободни работни места се зголеми од 1,23% (2012 година) на 1,77% (2019 година), а бројот на слободни работни места е скоро двојно зголемен (од 4729 на 9053, респективно).Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=112 (пристапено 15 февруари 2026).

[153] Ибидем.

одредени сектори. Во такви услови, се интензивира потребата од прием на работна сила од странство како одговор на структурните неусогласености на пазарот на труд. Ова упатува на потреба од систематска идентификација и поефикасно активирање на домашните резерви на работна сила. Податоците од Анкетата за работна сила и од АВРСМ покажуваат дека во 2024 година во земјата имало околу 90.000 невработени лица, што претставува релативно голем број за земја со популација од околу 1.800.000 жители. Истовремено бројот на неформално вработени изнесува околу 85.000 лица. Податоците од Анкетата за работна сила за 2024 година покажуваат дека бројот на неактивни млади лица и средовечно население (25-49 години) е мошне голем и достигнува повеќе од 110.000 лица. Од нив 53.000 се со ниско, 48.500 со средно, а 11.100 лица со високо ниво на образование.[154]

Во овој контекст треба да се има предвид и влијанието на емиграцијата врз порастот на коефициент на старосна зависност на старите, кој го покажува балансот помеѓу постарото население и работоспособниот контингент. Проекциите на населението покажуваат дека до 2030 година може да се очекува континуиран пораст на овој индикатор, а тоа ќе услови зголемување на оптовареноста на пензискиот систем базиран на уплатени придонеси и зголемен притисок врз јавните финансии.

в) Импликации врз човечкиот капитал, образованата и научната дејност - Интелектуалната емиграција во странство по 2020 година забележа континуиран пораст и според сите атрибути може да се третира како brain drain.[155] Последните пресметки на *Brain Drain индексот* покажуваат дека во Република Северна Македонија тој се зголемува од 5.5 (2020) на 6.5 индексни поени (2024 година).[156]Според рангирањето на Европските земји во 2024 година нашата земја е на петто место после Украина (8.4), Албанија (8.3), Молдавија (7.6) и БиХ (7.3). За споредба, светскиот просек е 4,98 индексни поени, врз основа на податоци од 176 земји. Историски гледано, нумеричката вредност на просекот за Република Северна Македонија од 2007 до 2024 година изнесува 6,07 индексни поени.

Долготрајната интелектуална емиграција и нејзиниот пораст по 2020-та година услови натамошни промени во обемот и профилот на расположливата работната сила со високо ниво на образование, намалување на нивото на човечкиот капитал, како и негативни ефекти во областа на образовната и на научноистражувачката дејност. Со овие преселенички движења првенствено се опфатени инженерите, потоа медицинскиот кадар (care brain), а во поново време и кадри од други области. Во последната деценија континуиран пораст забележа медицинската емиграција, за чиј обем тешко може да се обезбедат релевантни информации. Според последните показатели на ОЕЦД за Република Северна Македонија стапката на емиграција на докторите изнесува 15,9%, а на медицинските сестри 27,2%.[157] И додека бројот на дипломирани студенти на медицинските факултети во Република Северна Македонија бележи пораст (од 737 во 2020 на 969 во 2024 година), во земјата се чувствува се поголем недостиг на доктори и на медицински сестри.

---

[154] Државен завод за статистика, Макстат база (пристапено 17 јануари 2026).

[155] Brain drain - иселување кое е подолготрајно или трајно, достигнува големи размери и не се компензира со позначителни повратни ефекти по основ на трансфер на технологија, инвестиции, девизни дознаки, трговија.

[156] The Global Economy (n/a). North Macedonia: Human flight and brain drain.
https://www.theglobaleconomy.com/Macedonia/human_flight_brain_drain_index (пристапено 15 јануари 2026).

[157] OECD, International Migration Outlook 2025

Поголемиот ангажман на инженерскиот кадар има мулти-апликативно позитивно влијание врз развојот на реалниот сектор и креирањето на нови работни места, односно *зголемувањето на конкурентноста и порастот на вработеноста* - двата најгорливи проблеми со кои се соочува македонската економија во последните две децении. Во таа насока, треба да се имаат предвид и најзначајните brain drain последици врз економијата и развојот на земјата, а кои се во тесна корелација со ефикасноста на користењето на талентите и иновациите.

Последиците од емиграцијата на високообразованите кадри врз *развојот на образовната и научноистражувачката дејност* се манифестираат директно и индиректно. Денес Република Северна Македонија има респектабилна научна дијаспора која во најголем дел се создава во рамките на интелектуалната емиграција и со порастот на емиграцијата на младите заради школување / специјализација во странство, посебно на лицата со потенцијал и афинитети за научноистражувачка работа. Обемот на научната дијаспора тешко би можел попрецизно да се утврди без континуирано мапирање на нашите научници на престижни високообразовни и научни институции ширум светот.[158] Во 2024, ИОМ во Република Северна Македонија спроведе мапирање на научната дијаспора. Истражувањето беше спроведено преку големи податоци (Big Data) и идентификуваше 521 доктори на науки кои работат на универзитети и во истражувачки центри ширум светот.

г) Социоекономски развој - досегашните истражувања покажаа дека влијанието на современата емиграција врз развојот на Република Северна Македонија, во основа, се изразени преку краткорочни и недоволно изразени развојни ефекти, а бројни се негативните последици и импликациите со долгорочно дејство.

Економската врска помеѓу дијаспората и матичната земја во најголем дел се манифестира преку приливите на **девизните дознаки од граѓаните во странство**. При анализата на промените на нивниот обем треба да се имаат предвид различните дефиниции и методологии за прибирање и обработка на податоците и да се прави јасна дистинкција меѓу девизните дознаки и девизниот прилив по основ на трансфери од лицата со македонско потекло од странство.[159] Оваа проблематика се регулира со *Законот за девизно работење* и *Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.*[160]Податоците за девизните дознаки од иселениците и работниците кои привремено престојуваат во странство се расположливи во рамки на билансот на плаќања на Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ), во делот секундарен доход.[161]

Девизните дознаки се опфатени во делот на трансферите на другите институционални единици, даватели и приматели на средства од странство. Нив ги сочинуваат:

---

[158]*Научната дијаспора од Република Македонија* (Верица Јанеска - редактор, група автори), Универзитет „Св Кирил и Методиј", Економски институт-Скопје, 2014 година.

[159]Тоа се два различни поими, односно девизните дознаки се само девизните средства кои се дознаени преку македонскиот банкарски систем, но не и ефективата која во земјата се внесува лично или преку неформални канали, како и онаа која е вложена на девизна книшка во банка.

[160] Закон за девизно работење („Службен весник на Република Македонија, бр.34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16). Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари ("Службен весник на Република Македонија", бр. 54/07,48/10, 67/10, 17/11, 135/11, 187/13, 154/15, 23/16и 77/21).

[161] Тие се однесуваат на транефери на: а) државата и б) другите институционални единици – даватели и примачи на средства од странство (финансиски и нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции).

➢ *Личните трансфери,* дознаки во и од странство на домашни физички лица преку формални - официјални канали (преку банките и преку брзиот трансфер на пари);[162]

➢ *Останатите тековни трансфери:* а) Ренти, пензии, инвалиднина и сл. и б) Нето откупената ефективa по менувачко работење. За износите на нето откупената ефективa се проценува дека во голем дел претставува примени трансфери во ефективни странски пари (кеш), односно дознаки од нашите граѓани во странство кои се примени преку неформални канали.[163]Податоците на НБРСМ за периодот 2015-2024 година покажуваат дека нивниот обем по 2022 година значително се зголеми и кореспондира со промените во интензитетот на емиграцијата во странство (Табела 2).

Табела 2. Приватни тековни трансфери, Република Северна Македонија, 2015-2024 година (милиони евра)

	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Дознаки од работници - нето	212.37	199.56	202.18	213.78	212.25	311.96	324.63	331.48	319.84	310.26
Нето менувачко работење (50% од вкупниот износ)	1095.28	1061.78	1181.83	1270.28	1296.68	772.08	1198.90	1630.20	1745.51	1687.57
Останати тековни трансфери	239.31	251.42	234.99	245.27	279.36	245.91	367.36	479.35	499.69	433.61

Извор: Народна банка на Република Северна Македонија, https://nbstat.nbrm.mk/pxwe/mk/Eksterni%20statistik/Eksterni%20statistiki Platen%20Bilans Platen%20bilans %20godisni/4 SekundarenDohodGodisniMK.px/table/tableViewLayout2/

Врз основа на овие податоци може да се констатира дека во периодот 2020-2024 година:

- Обемот на девизните дознаки-нето бележи значителен пораст во споредба со периодот 2015-2019 година. Во 2024 во споредба со 2019 година тој е поголем за 48,5%. Тоа, меѓу другото, е условено од зголемената циркуларна миграција на работната сила од Република Северна Македонија во земјите од регионот.

- Релативно голем пораст бележат и останатите тековни трансфери, од кои дел доаѓаат по основ на пензии и инвалиднина на граѓани кои работеле во странство. Со оглед на стареењето на миграцискиот контингент може да се очекува натамошен прилив на трансфери по овој основ;

- Релативно голем остана приливот на девизи којшто мигрантите го внесуваат во земјата како готовина или преку други неофицијални канали. Во 2020 година нивниот обем е

[162]Како прилив се евидентираат сите дознаки од иселеници и работници кои престојуваат во странство во корист на резиденти - физички лица во Република Северна Македонија, а како одливи дознаките на резиденти физички лица во корист на нерезиденти физички лица, без оглед на тоа дали тие се трансферираат преку банки или преку брз трансфер на пари.

[163] Дел од овие средства потекнуваат и од наплати на резиденти од нерезиденти, како и продадени стоки и услуги (нерегистриран извоз т.е. сива економија).

преполовен поради ограничената циркуларна миграција и малиот број на македонски граѓани од дијаспората кои дојдоа во земјата за време на Ковид-19 пандемијата. Од 2022 година тој повторно расте и достигнува значително поголем обем.

Според показателите на Атласот за миграции, учеството на нето-девизните дознаки во бруто-домашниот производ (БДП) од околу 3,8% во 2020, во наредните години континуирано се намалува и во 2024 година изнесува 2,7%.[164] Според проценките на Народната банка на Република Северна Македонија овој показател изнесува: 2,9% (2020), 2,7% (2021), 2,5% (2022), 2,2% (2023) и 2,0% (2024 година). Проценетите дознаки од странство (формални и неформални) на Народната банка покажуваат дека во 2024 година тие изнесуваа 2,017,9 милиони евра, што претставува 12,9% од БДП.[165]

Трансфер на девизни дознаки - Една од конкретните цели на Резолуцијата на миграциската политика 2021-2025 година беше промовирање на побрз, побезбеден и поефтин трансфер на девизни дознаки од македонските државјани во странство. Притоа беше предвидено таа да се реализира преку подобрување на законската и институционална рамка за поефикасно трасирање, опфат и расчленување на приватните финансиски трансфери и намалување на трошоците на приватните финансиски трансфери што пристигнуваат во земјата преку формални канали. Во периодот 2021-2025 година беа направени неколку измени на Законот за платежни услуги и платни системи.[166]

На 6 март 2025 година Република Северна Македонија официјално стана 39-та членка на Единствената област за плаќање во евра (СЕПА). Процесот на приклучување на земјата кон СЕПА започна како дел од регионалната иницијатива „Модернизација на плаќањата за земјите од Западен Балкан", поддржана од Европската унија преку ангажирање на Светската банка, заради експертска помош на земјите од Западен Балкан.[167] СЕПА овозможува побрз, поефикасен и посевтин прекуграничен трансфер на финансиски средства во евра. Членството во СЕПА ќе донесе значителни олеснувања и придобивки за граѓаните и компаниите, вклучително и за македонските државјани во странство, меѓу кои: побрзо извршување на одливните плаќања; побрзо распоредување на приливите; поедноставни трансакции; транспарентност на надоместоците; значително намалени трошоци во однос на сегашниот модел преку кореспондентно банкарство.

Во согласност со Акцискиот план за периодот 2025-2028 година за воспоставување Заеднички регионален пазар, поддржан од Планот на Европската комисија за раст на Западен Балкан во рамките на кој е предвиден развој на модерен платен систем за инстант плаќања помеѓу земјите од Западен Балкан, Народната банка веќе ги започна подготовките за воспоставување клон на ТИПС (Target Instant Payment System) на Европската централна

---

[164] European Commission: Atlas of Migratin 2024 и 2025, Migration in Europe (пристапено на 11 јануари 2026)
[165] NBStat, https://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/(пристапено на 1март 2026)
[166] Законот за платежни услуги и платни системи „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22, 64/24, 37/25, 144/25 и 267/25.
[167] По претходно усогласување на националната регулатива со правото на ЕУ и со донесувањето на Законот за платежни услуги и платни системи и многубројни подзаконски акти од страна на Народната банка, во јули 2024 година НБ, во име на банкарскиот сектор во земјата, поднесе барање за членство до Европскиот совет за плаќања. Од 7 октомври 2025 година, девет домашни банки се оперативно подготвени да извршуваат трансакции во СЕПА, а останатите банки интеграцијата во СЕПА треба да ја завршат до крајот на првиот квартал од 2026 година.

банка.[168] Со ова ќе се овозможи современа инфраструктура за инстант плаќањата во земјата, која ќе обезбеди уште побрзи и поевтини трансакции и поефикасна економска интеграција со европскиот пазар. Воспоставувањето на националниот систем за инстант плаќања (клон на ТИПС) ќе го поддржи приклучувањето на домашните банки кон шемата за кредитен трансфер на СЕПА, што ќе овозможи плаќањата во евра да се извршуваат за неколку секунди во рамките на целата област на СЕПА.

д) Миграциите, животната средина и климатските промени - истражувањата на голем број студии ја потврдуваат причинско-последичната поврзаност меѓумиграциите, животната средина и климатските промени. Во контекст на глобалните миграциски текови, како една од причините за заминување од земјите на потекло се почесто се идентификува деградацијата на животната средина, климатските промени, загаденоста на воздухот. Овие фактори можат да влијаат врз економските активности, здравјето и условите за живот, со што индиректно ги засилуваат миграциските притисоци и одлуките за емиграција.

Во Република Северна Македонија нема сеопфатно истражување во оваа област. Некои граѓани кои заминале или планираат да заминат во странство, изјавуваат дека, меѓу другото, донеле таква одлука поради деградирана животна средина (најчесто наведуваат загаден воздух). Сепак, тоа се инцидентни случаи и потребно е посеопфатно истражување. Ова укажува на потребата од подлабока анализа на врската меѓу квалитетот на животната средина и миграциските одлуки на населението.

Дополнително, климатските промени, вклучително порастот на температурите, се почестите суши и екстремните временски појави, можат индиректно да влијаат врз економските активности, условите за живот и долгорочната одржливост на локалните заедници, особено во руралните подрачја. Во такви услови, промените во животната средина можат да ги засилат економските и демографските притисоци и индиректно да влијаат врз мобилноста на населението.

За влијанието на емиграцијата врз животната средина, исто така, нема експлицитни податоци и показатели. Со оглед на повеќедецениската растечка емиграцијаи нејзините импликации врз демографскиот развој, последиците врз животната средина првенствено треба да се разгледуваат од аспект на трајната депопулација на се поголем дел од територијата на Република Северна Македонија. Пописот на населението од 2021 година покажа пораст на бројот на населени места со целосна депопулација. Имено, бројот на населени места без жители од 151 (2002) се зголеми на 205 (2021 година), што претставува 8,4%, односно 11,5% од вкупниот број на населени места во земјата. Освен тоа, според состојбата во 2021 година 218 населени места имале 1 до 9 жители.

Овој процес ќе продолжи со уште поголем интензитет со оглед на процесот на демографско старење во земјата. Рангирањето на општините во Република Северна Македонија според стадиумот на демографска старост во 2021 година покажа дека: 10 општини беа во стадиум 8 - екстремно длабока демографска старост, 29 општини во стадиум 7 - најдлабока

---

[168] Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, *Национална стратегија за соработка со дијаспората 2025 – 2030* (Предлог текст), Скопје, 2025 година, стр. 65.

демографска старост, 27 во стадиум 6 - длабока демографска старост, 10 во стадиум 5 - демографска старост, 5 во стадиум 4 - на праг на демографска старост и само една општина во стадиум 3 - демографска зрелост. Тоа значи дека три четвртини од општините (60 од вкупно 80 општини) се зафатени со интензивен процес на стареење на населението и се поизвесна забрзана депопулација.

Средините кои се зафатени со целосна депопулација или во кои останало старечко население кое не може да преземе никакви активности, се соочуваат со многубројни последици и импликации врз животната средина. Тоа остава простор за девастација на шумите, формирање на диви депонии за кои нема кој да информира, исцрпување на водните ресурси и сл.[169] Голем дел од обработливото земјиште остапува необработено или неконтролирано се пренаменува во градежно земјиште. До 2030 година може да се очекува значително да се зголеми бројот на ваквите општини / простори, а тоа ќе има големо влијае на животната средина на земјата во целина.

Во вакви услови, зајакнувањето на отпорноста на локалните заедници и одржливото управување со природните ресурси стануваат сè поважни. Развивањето на интегрирани политики за животна средина, рурален развој и климатска адаптација може да придонесе за намалување на ризиците поврзани со деградацијата на природните ресурси и за подобрување на долгорочната одржливост на локалните заедници. Истовремено, овие пристапи можат да придонесат и за подобро интегрирање на прашањата поврзани со мобилноста на населението во процесите на долгорочно планирање на климатската адаптација.

* * *

Предизвици: *Покрај демографските и економските фактори, предизвик претставува и потребата за подобро разбирање на врската меѓу миграциите, животната средина и климатските промени, како и интегрирањето на овие прашања во процесите на долгорочно планирање на одржливиот развој. Имајќи ги предвид, големиот пораст на емиграцијата во странство во периодот 2020-2024 година и нејзините последици и импликации врз демографскиот и социоекономскиот развој на земјата, останува потребата при конципирањето на миграциската политика посебно внимание да се посвети на иселувањето на граѓаните на Република Северна Македонија во странство. За таа цел неопходно е креирање на сеопфатна Стратегија за намалување на трајното иселување на македонските државјани (со примена на вкрстени секторски политики), врз основа на адресирање на најзначајните детерминанти за трајните иселувања и утврдување на миграциски потенцијал. Истовремено, останува потребата за поддршка на привремената емиграција на работната сила во странство и на повратната миграција и репинтеграцијата на македонските граѓани во земјата.*

Развојот на зелени работни места и одржливи економски активности, особено во областите на обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност, одржливото земјоделство и управувањето со природните ресурси, може да придонесе за зајакнување на економската отпорност на локалните заедници и намалување на притисоците за иселување.

---

[169] Меѓународна организација за миграции (2022), Миграциите во Република Северна Македонија, Профил на земјата 2021. ИОМ. Скопје, стр. 88

Во услови на растечки недостиг на работници од одредени профили на квалификувани и висококвалификувани работници неспорна е потребата за конципирање на флексибилна Политика за прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата, согласно долгорочните развојни цели на земјата. Таа би требало да кореспондира со очекуваниот прилив на нови генерации на работоспособно население до 2030 година, постојните резерви на работна сила во рамки на контингентот на работоспособното население, како и на идентификуваниот недостиг и потреба за прием на работна сила од странство.

1.4. Бегалци и барателиназил според Законот за меѓународна и привремена заштита

Според меѓународното право, поточно Универзалната декларација за човекови права,[170] азилот претставува заштита од прогонување. Правото на азил е загарантирано во чл. 18 од Повелбата за основните права на Европската унија, при што тоа е содржано во принципот на неврaќање (non-refoulement principle).[171] Условите и постапката за добивање на право на меѓународна заштита, престанок, укинување и поништување на право на азил на странец или лице без државјанство, како и правата и должностите на барателите на право на азил и лицата на кои им е признаено право на азил, во Република Северна Македонија се регулирани со Законот за меѓународна и привремена заштита од 2018 година. Тој, во најголема мера, е усогласен со ЕУ регулативата за азил и миграции.[172] За оперативно спроведување на предвидените одредби донесени се и се применуваат подзаконски акти што произлегуваат од Законот за меѓународна и привремена заштита.

Поднесени барања за азил - со оглед на географската положба на Република Северна Македонија, како дел од западно балканскиот коридор, мешаните миграциски движења, вклучуваат бегалци и барателиназил од земјите на Средниот Исток, Африка и Азија (земји на потекло) кон земјите членки на ЕУ, како земји на дестинација. Од 2009 до 2014 година во Република Македонија биле поднесени вкупно 4.109 барања за азил, од кои

---

[170] Резолуција на Генерално собрание на Обединетите нации за Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights (пристапено на 20 јануари 2026 година)

[171] „Ниту една држава договорничка нема да протера или да врати со сила, на било кој начин, бегалец на граница на територија каде што неговиот живот или слобода ќе биде загрозен заради неговата раса, вера, државјанство, припадност на некоја социјална група или неговите политички мислења“. https://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html (Пристапено на 20 јануари 2026)

[172]1. ДИРЕКТИВА 2011/95/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ од 13 декември 2011 година за стандарди кои треба да ги исполнат лицата кои се државјани на трети земји или се лица без државјанство за да се квалификуваат како корисници на меѓународна заштита, за еднаков статус за бегалци или за лица со право на супсидијарна заштита и за содржината на дадената заштита CELEX број 32011L0095; 2. ДИРЕКТИВА 2013/32/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 26 јуни 2013 година за заедничка постапка при доделување и повлекување на меѓународната заштита CELEX број 32013L0032 ; 3.ДИРЕКТИВА 2013/33/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на барателиназил на меѓународна заштита CELEX број 32013L0033 и 4.ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2001/55 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 20 јули 2001 за минимум стандарди за давање на привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица кои не се во можност да се вратат во нивната земја и воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности CELEX број 32001L0055

најголем дел во 2013 (1.364) и 2014 година (1.249).[173] Три петини (60%) од барателите на азил потекнувале од Авганистан (1.378) и од Сирија (1.082), а 11,6% од Пакистан (477).

Периодот од јуни 2015 до март 2016 година се издвојува поради масовниот бран на бегалци и мигранти, при што за овој краток временски интервал преку територијата на Република Северна Македонија, како дел од западно балканскиот коридор воспоставен од страна на ЕУ, транзитираа повеќе од еден милион бегалци и мигранти. Овој масовен мешан миграциски бран беше карактеристичен по својата структура, вклучувајќи ранливи категории на лица (непридружувани деца, жртви на трговија со луѓе, бегалци и лица на кои им беше потребна меѓународна заштита и други). Тоа услови бројот на баратели на азил во Република Македонија во 2015 година да достигне 1.888, а потоа континуирано да се намалува.[174] Нивниот вкупен број во *периодот 2015-2019 години* изнесува 3.599, од кои повеќе од половина (55,3%) потекнуваа од Сирија (1082) и од Авганистан (712). Релативно голем е бројот на баратели на азил и од Пакистан (469), Ирак (359), Иран - Исламска држава (170) и од Мароко (102).

Во *периодот 2020-2024* година биле поднесени 1.417 барања за азил или два и пол пати помалку од периодот 2015-2019 година. Гледано по години, нивниот број изнесува: 211 (2020), 100 (2021), 168 (2022), 604 (2023) и 334 лица (2024 година). Тоа значи дека во последните две години бројот на барањата за азил се зголемиле за повеќе од трипати, односно за двапати во споредба со 2022 година. Освен за обемот, промени може да се констатираат и во однос на потеклото на барателите на азил. Безмалку една третина (31,3%) од нив биле од Сирија, а со поголемо учество се издвојуваат и оние од Конго (8,4%) и од Мароко (6,8%). Во однос на потеклото на другите баратели на азил може да се констатира дека релативно голем е број на оние по потекло од Авганистан (59), Ирак (55), Турција (40) и Пакистан (38).

Во однос на демографската структура на барателите на азил во периодот 2020-2024 година, може да се констатира следново: повеќе од три четвртини (1.084 или 76,5%) биле полнолетни лица, а 23,5% односно 333 биле деца. Повеќе од половина (54,1%) од децата биле со придружба, а 45,9% без придружба на членови од семејството. Структурата според пол, пак, покажува дека 82% биле мажи, а 18% жени.

Донесени одлуки од прв степен - согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита на Република Северна Македонија, Секторот за азил на Министерството за внатрешни работи постапува по поднесените барања за право на азил во прв степен. Барањата за признавање право на азил се поднесуваат пред полицијата на граничниот премин, најблиската полициска станица, во Прифатен центар за странци или до Секторот за азил. Истовремено, барателите за азил, согласно со условите предвидени во Законот за бесплатна правна помош, имаат право да поднесат барање за обезбедување бесплатна правна помош во постапката за признавање право на азил во согласност со условите за обезбедување правна помош во овој закон.

---

[173] Овие и другите податоци и информации за поднесените барања за азил и за постапувањето по истите во периодот 2009-2020 година се преземени од: Меѓународната организација за миграции (2022), *Мигрантите во Република Македонија, Профил на земјата 2021,* ИОМ, Скопје, стр. 59-61.

[174] Во наредните години тој изнесува: 760 (2016), 162 (2017), 299 (2018) и 490 (2019 година).

Во периодот 2011-2014 година за 12 лица се донесени решенија за признаен бегалец, а за едно лице одлука за супсидијарна заштита. Секторот за азил во периодот 2015-2019 година постапувал по 3.599 барања за азил. За најголем дел од нив 3505 или 97,4% постапката била запрена, односно се сметало дека барањето за азил е повлечено поради фактот што барателот го напуштил Прифатниот центар за баратели на азил. Оттаму, може да се констатира дека за најголем дел од барателите на азил Република Северна Македонија е само една од попатните станици кон нивната посакувана дестинација, односно некоја од Европските земји. Во овој период статус на признаен бегалец бил доделен на три (3) лица, а супсидијарна заштита е одобрена за 16 лица. Барањето за признавање право на азил е одбиено за 74 лица, а за едно лице е направено спојување на постапката според Законот за општа управна постапка (ЗОУП)[175].

Во 2020 година, покрај предизвиците наметнати од Ковид-19 пандемијата, со цел да се обезбеди непречен континуитет на постапката за азил, се презедоа соодветни мерки за одржување на функционалноста на системот за меѓународна заштита. Особено внимание беше посветено на обезбедување непречен пристап до постапката за азил, почитувајќи ги притоа здравствените протоколи и мерките за заштита. Во таа насока, беше овозможено одвивање на постапката без прекин, при што првичните разговори и главните интервјуа започнаа да се реализираат преку online платформа. Со ова решение се овозможи одржување на директна комуникација со барателите на азил, обезбедување на процесни гаранции и почитување на нивните права, а истовремено се минимизираше ризикот по јавното здравје. Овој пристап придонесе кон зачувување на ефикасноста и навременоста во одлучувањето, како и кон одржување на институционалниот капацитет за постапување во услови на вонредни околности. На тој начин се осигура дека, и покрај ограничувањата предизвикани од пандемијата, постапката за азил продолжи да се спроведува во согласност со законските одредби и меѓународните стандарди.

Во периодот 2020-2024 година, Секторот за азил постапувал по 1.417 барања за азил. Од нив за 1.231 барање (или 86,9%) постапката за меѓународна заштита била запрена поради истите причини како во претходниот период (барателите го напуштиле Прифатниот центар за баратели на азил). За пет барања за признавање право на азил е одобрен статус на супсидијарна заштита, а 65 барања се одбиени. Постапката е во тек за 119 лица.

Според состојбата по години, бројот на згрижени лица со статус на бегалец во Република Северна Македонија изнесувал: 12 (2020), 12 (2021), 9 (2022), 9 (2023) и 15 лица (2024 година), а бројот на згрижени лица со статус на супсидијарна заштита изнесува: 163, 122, 78, 19 и 6, респективно. Во овој период биле издадени 75 лични карти за лица со статус на супсидијарна заштита, односно по години: 36 (2020). 20 (2021), 10 (2022), 6 (2023) и 3 (2024 година), како и 426 идентификациони исправи за лица баратели на право на азил (145, 95, 98, 57, 35, респективно).

Во 2020 година на територијата на Република Северна Македонија се уште имаше бегалци од косовскиот конфликт во 1999 година. Бројот за косовските бегалци изнесуваше 343 лица,

---

[175] Указ за Прогласување на Законот за Општата Управна Постапка (Службен весник на Република Македонија, бр. 124 од 23.07.2015 година) https://aa.mk/content/zakon_za_opstata_upravna_postapka.pdf (пристапено на 5 февруари 2026).

а тие сè уште имаа неизвесен статус. Освен ограничен број (16 лица) со признаен статус на бегалци, останатите имаа или супсидијарна заштита (198) или немаа статус (129 лица), односно беа без сеопфатно решавање на нивниот статус во земјата. Законот за меѓународна и привремена заштита од 2018 година оди понапред во делот на обезбедување на правата на бегалците согласно со меѓународните стандарди, како и усогласување со европските директиви во областа на азилот, односно меѓународната заштита. Овие лица останаа во земјата и беа официјално регистрирани за процесот на локална интеграција, како нивен избор што има за цел трајно решавање на нивниот статус.

Согласно Законот за дополнување на законот за странци во 2023 година[176] лицата под меѓународна заштита, кои како преостанати лица бегалци (вклучително и нивните деца) од Косовската криза од 1999 година сè уште се присутни на територијата на Република Северна Македонија, може да се стекнат со право на постојан престој во Република Северна Македонија доколку поднесат барање за одобрување постојан престој (во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон), под услов непрекинато да престојувале во земјата. Тоа услови бројот на лица со статус на супсидијарна заштита да се намали од 153 (2020), на 111 (2021) и 69 лица (2022). Во Република Северна Македонија 9 лица од Косовската криза од 1999 година се уште уживаат статус на бегалец.

Постапка пред управните судови - против првостепената одлука донесена од Секторот за азил во МВР, барателот на азил има право да поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, како редовно правно средство за судска заштита.[177] Во 2018 и 2019 година невладина организација[178] во име на барателите на азил и лицата под супсидијарна заштита поднела 66 тужби. Во 2018 година Управниот суд има одлучено по 38 предмети, а во 2019 година одлучил по 51 предмет. Притоа, треба да се има предвид дека бројот на одлуките на овој суд се однесуваат и на поднесени тужби во претходниот период.

Посветената грижа на државата во однос на остварувањето на фундаменталните човекови права на бегалската популација резултираше со преземање на повеќе мерки и активности во насока на подобрување на нивниот статус во Република Северна Македонија. Тоа овозможи лица кои, не по своја вина, се најдоа во ваква состојба, да се чувствуваат еднакво безбедни како и македонските граѓани во поглед на нивната здравствена заштита и социјални права. Со имплементација на политиките во оваа област се настојуваше на овие

---

[176] Закон за дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 284/23) (пристапено на 2 февруари 2026 година).

[177] Тужбата се поднесува во законски утврдениот рок, а со неа може да се оспори законитоста на одлуката, правилноста на утврдената фактичка состојба, како и примената на материјалното и процесното право. Управниот суд ја разгледува тужбата во управен спор и врши оценка на законитоста на првостепената одлука, водејќи сметка за почитување на правата на барателот на азил, вклучително и правото на ефективен правен лек и правото на правично постапување. Судот може да ја потврди одлуката, да ја поништи и да го врати предметот на повторно одлучување, или да донесе поинаква одлука во рамки на своите надлежности.

Против одлуката на Управниот суд, барателот на азил има право да поднесе жалба до Вишиот управен суд, како второстепен суд во управните спорови. Со жалбата се обезбедува дополнителна судска контрола на законитоста и правилноста на донесената пресуда, со што се зајакнува правната сигурност и се гарантира целосна судска заштита во постапката за азил. На овој начин, системот обезбедува двостепена судска контрола на одлуките во постапката за азил, што претставува гаранција за заштита на правата на барателите на азил и усогласеност на националното законодавство и меѓународните стандарди за човекови права.

[178] Македонско здружение на млади правници, Состојбата на азилот во Република Северна Македонија 2018 - 2019 година, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/Sostojba-so-azil-RSM-2018-2019.pdf

лица да им овозможи избор: да донесат одлука за доброволна репатријација во земјата на потекло или да ја искористат можноста за локална интеграција во земјата на престој.[179] Локална интеграција се реализира преку проекти што имаат за поддршка за развивање на самостојноста кај бегалците во насока на задоволување на нивните потреби за домување, вработување, образование и стручно оспособување.

Во Акциониот план на ЕУ за Западен Балкан,[180] во делот на обезбедување брзи процедури за азил и поддршка на капацитетот за прием, се укажува на потребата од натамошно зајакнување и забрзување на нивните процедури за азил и регистрација, вклучително и преку спроведување на Заедничките патокази на Агенцијата за азил на Европската Унија (ЕУАА); поддршка на подобро управување со капацитетот за прием преку насочени ИПА акции за поддршка на сместувањето и основните потреби на мигрантите и бегалците. Акциите во Европската Унија се однесуваат на: обезбедување точна регистрација во Eurodac; воспоставување пилот-проекти во заинтересираните земји членки за брзи процедури за азил во согласност со постојниот ЕУ acquis и брзо спроведување на мапата за подобро спроведување на Даблинските трансфери за барателите на меѓународна заштита.

Во *Извештајот на Европската комисија*[181] *за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година,* се констатира дека е воспоставена третата генерација на Патоказот за соработка договорен помеѓу ААЕУ и Република Северна Македонија за 2025-2027 година, која останува клучна алатка за зајакнување на системот за азил и прием на мигранти. Оваа соработката е оценета како задоволителна. Во Извештајот се укажува на потребата да се преземат активности за унапредување на состојбите во областа на азилот. Тие се однесуваат на:

- *Спроведувањето на постапката за азил треба и понатака да се усогласува со правото на ЕУ. Постапките за азил се долги, со просечно времетраење од една до две години, вклучувајќи ги постапките во прв степен, како и постапките по тужба пред Управен суд и по жалба пред Вишиот управен суд.* Во Законот за меѓународна и привремена заштита прецизно се утврдени роковите за донесување одлука во постапката за признавање право на азил, која може да биде редовна и итна постапка, со конкретни временски рамки за постапување. Во редовната постапка, Секторот за азил е должен да донесе одлука во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето за азил.[182]

- *Потребен е висококвалификуван кадар кој ќе работи на случаите за азил на административно ниво.* Во рамки на соработката со Агенцијата за азил на ЕУ, континуирано се спроведуваат обуки за службениците надлежни за постапување во постапките за азил. Тоа има за цел зајакнување на административните капацитети, унапредување на квалитетот на одлучувањето и обезбедување усогласеност со европските стандарди и најдобри практики во областа на меѓународната заштита. Освен

---

[179] Политиките во периодот 2010-2017 година се одвиваа преку „Центар за интеграција на бегалци и странци“ во рамки на Министерството за труд и социјална политика, кој функционираше како проектната единица.

[180] *EU Action Plan on the Western Balkans* (5 Декември 2022), https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0efc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

[181] European Commission (2020). North Macedonian 2020 Report. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf (Пристапено на 8 февруари 2026).

[182] По исклучок, продолжување на дополнителни рокови за одлучување се утврдени во член 38 од Законот за меѓународна и привремена заштита (Службен весник бр. 64/18 и Службен.весник бр. 45/25)

континуираните обуки спроведувани од страна на Агенцијата, во текот на 2025 година, беа донесени правни упатства за процесот на донесување на одлуки поради политички прогон, припадност на определена социјална група, раса, вера или националност со што ќе се заокружи целината на правните основи за одлучување, согласно Женевската конвенција за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот од 1967 година, меѓународните стандарди и европската пракса.[183]

- *Потребно е решенијата за азил да имаат правно образложение и индивидуализирани проценка.* При разгледување на секое барање за меѓународна заштита се земаат предвид сите релевантни околности поврзани со конкретниот случај, вклучително и актуелните информации за земјата на потекло. Службениците задолжени за подготовка на информации за земјите на потекло редовно ги следат, проверуваат и ажурираат состојбите во релевантните држави. Овие информации претставуваат значаен извор на информација при спроведувањето на главното интервју со барателот на азил, како и при донесувањето на првостепената одлука, со цел да се обезбеди објективна, сеопфатна и законски заснована процена на секое индивидуално барање.

- *Северна Македонија останува да биде земја на транзит, а бројот на барања за азил во земјата останува низок.* Континуирано се овозможува непречен пристап до постапката за азил за секое лице кое искажало потреба од истото.[184] Согласно со Годишниот план и програмата за работа на Секторот за азил, континуирано се преземаат активности за унапредување на пристапот до информации за меѓународната заштита.

- *Немањето броеви за лична идентификација за барателите на азил останува бариера за нивниот систематски пристап до права. Личните карти не се во машински читлив формат.* Согласно Законот за меѓународна и привремена заштита, идентификационата исправа на барателот на право на азил му се издава во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање право на азил. Најчесто овој рок е и многу пократок.

- *Потребна е ефикасна судска контрола врз практиките на задржување.* Во исклучителни случаи, кога помалку принудни алтернативни мерки не можат да се применат согласно националното законодавство, на барателот на азил може да му се ограничи слободата на движење. Овие мерки се применуваат исклучиво во согласност со законските одредби и со почитување на човековите права.[185]

---

[183] Напоредно со овие обуки на ЕУАА, со Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци (УНХЦР-Скопје), во тек е иницијатива за обезбедување квалитет (Quality Assurance Initiative). Таа има за цел подобрување на квалитетот на системот за азил, посебно квалитетот на првостепените одлуки во постапката за признавање право на азил. Вакви иницијативи за службениците што работат со барателите за азил, се одвиваат со поддршка на ЕУ во земјите на Западна, Источна и Централна Европа, и истата е комплементарна со активностите на Агенцијата за азил на Европска Унија.

[184] Во таа насока: На сите места предвидени со Законот за меѓународна и привремена заштита, каде може да се поднесе барање за азил, се дистрибуираат информативни брошури на 15 јазици; Се поставуваат информативни постери со јасни податоци за правата и обврските на барателите на азил; Се доставува алатка за пристап до постапката за азил, изработена од Агенцијата за азил на ЕУ; Дополнително, на сите места каде е предвидено дека едно лице може да поднесе барање за признавање право на азил, се доставуваат упатства за начинот на постапување со барателите на азил, со цел унапредување на практичната примена на законските овластувања. Напоредно со тоа, се организираат и специјализирани обуки за постапување со непридружувани деца странци и други ранливи категории на лица, во соработка со Центрите за социјална работа и претставници од Секторот за азил.

[185] Подетални правила и услови за сместување, како и за ограничување на слободата на движење на барателите на азил, се

-Натамошно подобрување на условите за живот на барателите на азил во Прифатниот центар. На барателите на азил сместени во Прифатниот центар за баратели на азил им се обезбедуваат основни услови за престој, поддршка и заштита за време на траењето на постапката за признавање право на азил. Надлежен за организирање и спроведување на сместувањето е Министерството за социјална политика, демографија и млади, кое обезбедува соодветни услови за живот и пристап до потребните услуги за барателите.

- *Уписот на децата на барателите на азил во основно образование продолжи како што е предвидено со Законот за основното образование, но не секогаш веднаш по пристигнувањето.* Истата одредба треба да важи и за средното образование.
- *Подобрување на услугите за толкување финансирани од државата во текот на постапката за азил.*Во рамките на постапката за меѓународна заштита активно се ангажираат преведувачи и толкувачи, финансирани од државата, со цел да се обезбеди целосно разбирање и ефективно учество на барателите за азил. Особено внимание се посветува на главното интервју, како клучна фаза во постапката, кога се утврдуваат релевантните факти и околности поврзани со личната состојба, причините за напуштање на земјата на потекло и потенцијалните ризици при враќање. Обезбедувањето на толкување на главното интервју претставува суштински елемент за гарантирање на индивидуален и ефикасен пристап, во согласност со меѓународните стандарди и националното законодавство.[186]

- *Хармонизација на националното законодавство за меѓународна заштита со регулативите и директивите на Европската Унија.* Врз основа на наодите и препораките произлезени од билатералниот скрининг, како и во согласност со Патоказот за владеење на правото, преземена е обврска за измени и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита, особено во делот што се однесува на семејното обединување на лица под супсидијарна заштита. Со преземањето на овие обврски, се потврдува заложбата за понатамошно усогласување на националното законодавство со европските стандарди и практики, како и за унапредување на правната рамка во областа на меѓународната заштита. За таа цел, формирана е работна група составена од претставници на надлежните институции, која ќе работи на подготовка на предлог-измени и дополнувања на Законот. При изготвувањето на измените ќе биде земен предвид и новиот Пакт за азил и миграции, со цел усогласување на националното законодавство со новите регулативи и директиви на Европската унија. Работната група ќе изврши детална анализа на постојните законски одредби, ќе ги идентификува потребните интервенции и ќе подготви текст кој ќе обезбеди поголема правна сигурност, јасност и усогласеност со преземените обврски и европските стандарди.

утврдени во членови 63–66 од Законот за меѓународна и привремена заштита. Овие одредби обезбедуваат рамка за законито и пропорционално постапување, со цел заштита на правата на лицата и истовремено обезбедување на ефективноста на постапката за азил.

[186] При спроведување на главното интервју: Се обезбедува присуство на квалификуван преведувач, чии услуги се целосно финансирани од државниот буџет; Толкувањето се врши прецизно и непречено, овозможувајќи барателот верно да ги изрази своите искази; Се гарантира дека сите прашања се разбрани во целост, како и дека одговорите на барателот се точно пренесени во записникот; По потреба се користи толкување при дополнителни објаснувања, прочитување и потпишување на записникот, што е особено значајно од аспект на фер и регуларна постапка.

***Предизвици**:*

- Унапредување на институционалните капацитети и создавање услови за ефикасна и ефективна постапка за азил, преку материјално-техничко опремување на МВР со цел овозможување издавање на биометриски документи, зајакнување на капацитетите на професионалците кои работат на постапките за азил и подобрување на условите во Прифатниот Центар за баратели на азил.
- Поефикасен пристап до правата според меѓународните стандарди на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита. За таа цел, меѓу другото, неопходна е: натамошна хармонизација на домашната регулатива за азил, пред сè Законот за меѓународна и привремена заштита со ЕУ Пактот за азил и миграција; зголемена ефективност на судските проверки на постапката за азил; обезбедување квалитетна бесплатна правна помош и преведувачи во постапката за азил и др.

2. Карактеристики на илегалната миграција

Илегалната миграција остана предизвик за Република Северна Македонија и во периодот 2020-2025 година. Како дел од Западнобалканскиот коридор, Република Северна Македонија продолжи да биде земја на транзит и дел од рутата која мигрантите ја користат за да стигнат до земјите на ЕУ и другите европски земји. За овој коридор се карактеристични мешаните миграциски движења, составени меѓу другото и од ранливи категории лица меѓу кои непридружувани деца, жртви на трговија со луѓе и лица со потреба од меѓународна заштита. Меѓународните криминални мрежи, континуирано ги користат мешаните миграциски движења за криумчарење на мигранти и трговија со луѓе од земјите на потекло до земјите на дестинација[187].

Хетерогениот состав на илегалната миграција имплицира потреба за континуирано следење и сеопфатно проучување, како претпоставка за реално идентификување на предизвиците и идните насоки на делување на државата. Со оглед на високиот приоритет на меѓународните миграциски движења во делот на илегалната миграција Република Северна Македонија редовно спроведува петгодишна Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција и Национална стратегија за интегрирано гранично управување. Оттаму, во новата Резолуција на миграциската политика 2026-2030, во функција на сеопфатен опфат на меѓународните миграциски движења, направен е кус осврт на промените во трендовите на илегалните преминувања на границата, криумчарењето на мигрантите и трговијата со луѓе од 2020 до 2025 година, а идентификувани се и клучните предизвици во овие области.

2.1. Прекугранична илегална миграција

Во последните пет години забележливо е континуирано унапредување на граничното управување во насока на обезбедување стабилна гранична безбедност на земјата и

---

[187] EUROPOL (n/a). Migrant smuggling. https://www.europol.europa.eu/crime-areas/migrant-smuggling#:~:text=Migrant%20smuggling%20is%20one%20of,term%20impact%20on%20Europe's%20economy (Пристапено на 8 февруари 2026 година).

намалување на илегалната миграција. Тоа е резултат на ефикасното дејствување на Одделот за гранични работи и миграции[188], потоа јакнењето на меѓусекторската и меѓуинституционалната соработка (со учество во иницијативи за изнаоѓање регионални механизми за справување со илегалната миграција и за враќање во земји на потекло), како и остварените многубројни средби и контакти на сите нивоа со надлежните гранични служби на соседните земји, вклучително и размена на информации преку заедничките контакт центри за полициска соработка. Одделот активно учествува во меѓународните заеднички оперативни активности во организација на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС) и на други агенции и институции, а со партиципацијата во голем број на меѓународни програми и проекти континуирано ги зајакнуваше своите капацитети и ги усогласуваше своите активности со ЕУ стандардите согласно Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан.

Во последниот *Извештај на Европската комисија* за Република Северна Македонија од 2025 година, се препознава унапредувањето на граничното управување кое резултира со намалување на илегалната миграција. Во него се посочува дека од септември 2025 година, 133 членови на постојаниот корпус на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража се распоредени на аеродромот во Скопскиот регион и на границите на Република Северна Македонија со Грција и со Србија во рамки на заедничката операција на ФРОНТЕКС во Република Северна Македонија, која се спроведува врз основа на договорот за статусот меѓу нашата земја и Европската Унија.[189] Исто така, се укажува дека продолжува прекуграничната соработка со соседните земји со надлежните гранични служби на Албанија, Бугарија, Косово* и Србија, и дека истата е во согласност со Шенгенскиот каталог на препораки и најдобри практики. Република Северна Македонија воспостави заеднички (едношалтерски) гранични премини со Косово* и со Србија за поедноставување и олеснување на движењето на луѓе, возила и стоки. Во однос на граничното управување, во Извештајот се истакнува дека Собранието ја продолжи кризната состојба на сите граници до крајот на 2025 година поради висок ризик од зголемен прилив и транзит на мигранти.

Во периодот по 2020 година продолжи процесот на континуирано материјално и техничко опремување на организациските единици на граничната полиција. Со средства од буџетот на МВР, со поддршка на ЕУ и преку донации од странски партнерски земји и организации, извршена е набавка на модерна техничка опрема за вршење гранични проверки и граничен надзор, а во 2024 година набавени се и првите дронови за надзор за потребите на граничната полиција.[190]

---

[188] Тој е носител на подготовката и реализацијата на тековната Заедничка операција на Frontex и Република Северна Македонија (започната во април 2023 година и се уште е активна), беше носител и напретходната Меѓународна заедничка операција на јужната граница (декември 2015 – април 2023) во која учествуваа 8 земји од кои 7 земји – членки на ЕУ. а активно беше вклучен во активностите за справување со илегалната миграција, во работата на меѓународни работни и експертски групи во областа на управувањето со границите и со миграциите, во процесот на пристапување кон ЕУ преку учество во активностите на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во изработка на Патоказот за владеење на правото и во процесот на придружување во Европската мрежа за миграции.

[189] Договорот за статус беше потпишан со Северна Македонија во октомври 2022 година. Извор: https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0efc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 21 јануари 2026).

[190] Годишен извештај 2024 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

а) Илегални преминувања на границата и илегални мигранти

Обидите за илегални преминувања на македонската граница во периодот 2020-2025 година забележаа тренд на значително и континуирано намалување. Вкупниот број на спречени обиди за илегални преминувања изнесува 107192,[191] односно е пет пати помал од периодот 2015-2019 година.[192] Гледано по години, бројот на спречени обиди за илегални преминувања од 32.100 лица во 2020 година се намали на 20.874 (2021), потоа бележи пораст на 27.394 лица (2022 година), во наредните години континуирано се преполовува (13.954 во 2023 и 6.809 лица во 2024 година), а во 2025 година тој изнесува 6.061 лице. Најголем дел (86,2%) од вкупниот број на илегални преминувања во периодот 2020-2025 година се спречени на делот од државната граница кон Грција, при што доминантен дел од нив се однесуваат на влез во земјата. Од другите гранични премини со релативно високо учество (12,1%) се издвојува Србија, а овие илегални преминувања најмногу се однесуваат на излез од Република Северна Македонија. Во 2025 година 69,8% од спречените обиди за илегално преминување се откриени на границата кон Грција, а 27,3% кон Србија.

Што се однесува на земјата на потекло на илегалните мигранти, по доминантната застапеност на државјаните на Авганистан (140.698 лица) и сириските државјани (268.240 лица) во периодот 2015-2019 година, од 2020 година забележливи се значителни промени. Континуирано се намалуваше бројот на илегалните мигранти од Албанија (од 166 во 2020 на 54 лица во 2024 година), Авганистан (од 12.244 на 309 лица, респективно) и од Пакистан (од 7.349 на 100 лица, респективно). Бројот на илегалните мигранти од Сирија, пак, забележа големи осцилации, а на Ирак променлив обем.[193] Податоците на МВР за 2025 година покажуваат дека во петте земјите со најголем број обиди за илегални преминувања на македонската граница се државјаните на: Египет (1.827), Авганистан (1.274), Сирија (447), Мароко (417) и Судан (372).

б) Спречување недозволен влез/излез на странски државјани и враќање на лица кои илегално престојуваат во земјата

Во периодот 2009-2019 година на граничните премини, по разни основи, *не бил дозволен влез на територијата на Република Северна Македонија* на 36.213 странски државјани (од кои 20.866 од 2009 до 2014 и 15.347 лица од 2015 до 2019 година). Оваа мерка најчесто е изречена спрема граѓаните од соседните земји, кои биле и најмногубројни патници за влез во земјата. Во периодот 2020-2025 година не бил дозволен влез на 14.672 странски државјани, од кои околу една четвртина се турски државјани. Најчести причини за недозволен влез се: непоседување документи за целта на престојот, важечка виза за влез во Република Северна Македонија, важечка патна исправа, доволно парични средства, како и престој подолг од 90 дена во текот на шестмесечен период.

---

[191] Податоците за периодот 2020-2024 година се преземени од Годишните извештаи за 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, а за 2025 година од статистички податоци обезбедени од МВР.

[192] Во периодот 2015-2019 година тој изнесуваше 571535 илегални преминувања, а беше условен од големата бегалска криза во 2015/2016 година. Овие и другите податоци за периодот 2009-2019 година се преземени од: Меѓународна организација за миграции (2022), *Мигрантите во Република Македонија, Профил на земјата 2021*, Скопје, стр. 42-45.

[193] Бројот на илегалните мигранти од Сирија изнесува: 2683 (2020), 2644 (2021), 11018 (2022), 5500 (2023) и 3156 лица (2024 година), а на оние од Ирак имаа значително помал обем (451, 100, 320, 270 и 370 лица респективно).

Релативно е помал бројот на *странски државјани на кои не им бил дозволен излез од Република Северна Македонија*. Тој во периодот 2009-2019 година изнесува 5.598 странски државјани (од кои 3.167 од 2009 до 2014 и 2.431 лица од 2015 до 2019 година). Во периодот 2020-2025 година не бил дозволен излез на 2.599 странски државјани, од кои околу една четвртина се државјани на Турција. Најчести причини за недозволен излез се: пречекорен престој, употреба на фалсификувана и/или туѓа патна исправа, сторено кривично дело или прекршок, не поседување важечка патна исправа или лична карта, не исполнување на услови за влез во трета земја.

Податоците за *вратените лица кои живеат илегално во земјата*, како заштитна мерка во прекршочна постапка, покажуваат дека во периодот 2009-2019 година од територијата на Република Северна Македонија биле протерани 1.742 лица (од кои 870 од 2009 до 2014 година, а 872 лица од 2015 до 2019 година). Две третини од протераните лица во периодот 2009-2019 година биле државјани на Албанија (65,9%), а со поголемо учество се издвојуваат и државјаните на Србија (9,9%) и Косово* (140 или 8%). Податоците за периодот 2020-2025 година покажуваат дека биле протерани 2.024 лица, што значи дека нивниот број е повеќе од удвоен во споредба со претходниот петгодишен период. Повеќе од половина (53,4%) од нив се државјани на Албанија, 10,3% на Турција, а 9,6% на Косово*.

Во Акциискиот план на ЕУ за Западен Балкан,[194] во делот кој се однесува на зајакнување на управувањето со границите по должината на рутите предвидена е поддршка на партнерите од Западен Балкан за зајакнување на заедничките операции и распоредувања на ФРОНТЕКС по должината на надворешните граници на ЕУ со партнерите од Западен Балкан, како и обезбедување на ефикасно спроведување на програмата ИПА за зајакнување на капацитетите за управување со границите во Западен Балкан. *Акциите на Европската унија* предвидуваа преглед и потенцијално зголемување на поддршката на ФРОНТЕКС за земјите-членки на надворешните граници на ЕУ, како и финансиска поддршка на земјите членки кои билатерално ги поддржуваат земјите членки и партнерите од Западен Балкан во нивните активности за управување со границите.

Во делот на Управување со Шенген и надворешни граници во *Извештајот на Европската комисија од 2025 година,* се констатира дека законодавната и стратешката рамка за управување со надворешните граници е делумно усогласена со правото на ЕУ. Притоа се сугерира управувањето со границите да се подобри, односно се препорачува правно усогласување, стратегиски и институционални рамки. Со оглед на потребата од зајакнување и воспоставување цврсти темели за Шенгенскиот систем, се укажува дека е потребно да се продолжи со зајакнување на националното управување со Шенген преку воспоставување на Акциискиот план на Шенген што ја опфаќа целата Шенгенска рамка.

Предизвици:

- Континуирано јакнење на капацитетите за навремено откривање и спречување на незаконско минување на државната граница и незаконски престој во Република Северна Македонија.

---

[194] *EU Action Plan on the Western Balkans* (5 Декември 2022), https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0efc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

- Унапредување на националниот механизам за враќање на странски државјани со незаконски престој во државата, преку изработка и имплементација на Патоказ согласно ЕУ стандардите за јакнење на националниот механизам за враќање на странски државјани со незаконски престој во државата.
- Натамошно подобрување на институционалните, кадровските, техничките и инфраструктурните капацитети и унапредување на интраагенциската, интерагенциската и меѓународната соработка на сите нивоа, како и зајакнување и одржување на потребното ниво на гранична безбедност.

2.2. Криумчарење мигранти

По масовните миграциски текови пред една деценија, Република Северна Македонија остана земја на транзит во делот на илегалната миграција, вклучително и на криумчарењето на мигранти. Тие главно потекнуваат од земји разурнати од воените конфликти, земји со нестабилна демократија и корупција, но се поголем е бројот и на државјани на други земји кои во потрага по подобри услови за живот настојуваат да стигнат до европските земји и на овој нелегален начин.

Исто како и во претходниот период,[195] податоците на МВР за периодот 2020-2025 година потврдуваат дека бројот на откриени криумчарени мигранти коинцидира со зголемениот број на обиди за илегални преминувања во целина. Во таа смисла, индикативни се податоците за 2020 и 2022 година, кога беше забележан најголем број на криумчарени мигранти (2.723 и 1.454 лица), а истовремено и најголем број на илегални мигранти, односно 32.100 и 27.412 лица, респективно.[196] Освен тоа, зајакнатите мерки за откривање и спречување на илегалното преминување на границите влијаат на зголемување на криумчарењето мигранти.

Податоците од Годишните извештаи на Министерството за внатрешни работи и на Годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, покажуваат дека во периодот 2020-2025 година биле откриени вкупно 495 случаи на криумчарење мигранти и утврдени се 400 кривични дела. Истовремено, бројот на сторители изнесува 577, при што биле криумчарени 7.153 мигранти. Гледано по години, бројот на криумчарени мигранти е најголем во 2020, 2022 и 2023 година (2.723, 1.454 и 1.334 лица), а најмал во 2025 година (340 лица). Во овој временски интервал биле сузбиени 13 организирани криминални групи.

Од 2020 до 2023 година евидентни се осцилаторни движења на споменатите категории кои се однесуваат на криумчарењето на мигранти. Тоа е условено од политичките и социо-економските состојби во земјите на потекло на оваа категорија на мигранти, како и од

---

[195] Бројот на обидите за илегални преминувања во 2019 година бележат зголемување за 45,6% во споредба со 2018 година, односно регистрирани се 24.601 обиди за илегални преминувања и 1529 криумчарени мигранти. (Извор: Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Годишен извештај за 2019 година, стр. 29).
[196] Овие и другите податоци за периодот 2020-2024 година се преземени од Годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, за 2020, 2021 и 2022 година, Годишните извештаи на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за 2022, 2023 и 2024 година и од документацијата на Министерството за внатрешни работи.

спецификите на оваа проблематика. Ова го потврдуваат и податоците за бројот на криумчарени мигранти според земја на потекло. Тие покажуваат дека во периодот 2020-2025 година, со најголем број се издвојуваат оние од Сирија (2.336 лица) и од Пакистан (1.783 лица), при што тие, во помал или во поголем обем, се присутни речиси секоја година. Од другите земји, со поголем број се издвојуваат Авганистан со 570 лица и Бангладеш со 688 лица (сите дошле во 2020 година). Со релативно поголем број се издвојуваат: Индија (185 лица), Куба (141), Непал (134), Кина (105), Ирак (92), Конго (81), но и Турција (71 лица).

Овие податоци ја потврдуваат констатацијата на надлежните служби на МВР дека „ризикот од криумчарење мигранти остапува да биде на високо ниво, со оглед дека криумчарењето мигранти е високо застапена и доминантна криминална активност, а зголемена е и побарувачката на услугите на криминалните структури кои активно делуваат во регионот и пошироко".[197] Нивниот обем и динамика, како и на земјите на потекло на мигрантите во основа се условени од промените на воените конфликти и политичките услови во кризните подрачја во пошироко окружување.

Модусот на дејствување на актерите во овие миграциски текови во основа остапува ист. Меѓународните криминални организации вклучени во криумчарењето на мигранти најчесто се формирани во земјите на потекло на мигрантите, а се лоцирани и дејствуваат во земјите на потекло/транзит и дестинација. Се работи за високо структурирани криминални организации на повеќе нивоа, при што во секоја од земјите на транзит инфилтрираат лице од доверба, кое може да биде член од криминалната организација, но и лице мигрант кое воспоставило соработка со криминалната организација. Мигрантите се прифаќаат на претходно утврдени и договорени локации во Грција, од каде организирано се носат во близина на граничната линија и пеш остваруваат илегален влез во државата. Потоа се пренесуваат со моторни возила и се носат до северната граница кон Србија која, исто така, ја поминуваат пеш.

Рутата на движење на криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење мигранти, исто така, остана иста. Тоа е патниот правец Гевгелија – Скопје - Куманово, регионалниот пат Неготино - Градско, а дел од криумчарените мигранти се откриени и во југоисточниот дел на државата, во реонот на Струмица и Валандово. Во северниот дел од државата, криумчарените мигранти најчесто се откриваат во близина на автопатот Куманово - Граничен премин „Табановце".

Анализата на промените и на постојната состојба на илегалната миграција во Република Северна Македонија ја потврдува комплексноста, како од феноменолошки аспект така и од виктимолошки аспект на причинско-последичните врски. Активностите на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force), формирана во март 2018 година, која има за цел да се подобри координацијата и соработката меѓу МВР и Јавното обвинителство, придонесоа во борбата против на криумчарењето на мигранти.[198]

---

[197] Годишен извештај на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за 2024 год.

[198] Здружените патроли и заедничкиот настап на македонската полиција со партнерските земји од ЕУ и ФРОНТЕКС придонесоа криминалните организации да го променат начинот на извршување и Западно-балканскиот коридор да го заменат со западниот крајбрежен коридор (Грција - Албанија -Црна Гора - БиХ - Хрватска) што се потврдува со бројот на откриени случаи на криумчарење.

Ефективни стратегии за превенција, гонење и заштита можат да се постигнат само преку партнерства, вклучувајќи оперативна и судска соработка, како и пристапи засновани на права и фокусирани на жртвите. Поради транснационалната, поликриминална и сè пософистицирана природа на овие кривични дела, идентификувани се чекори кон подобрување на механизмите за соработка за гонење на криумчарење и трговија со луѓе и истрага фокусирана на жртвите.

Последните години илегалната миграција, криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе преку западнобалканската рута беа во постојан фокус на оперативно и на политичко ниво. За време на Министерскиот состанок за правда и внатрешни работи меѓу ЕУ и Западен Балкан на 3 ноември 2022 година, Комисијата започна *Оперативно партнерство против криумчарење мигранти.*[199]

Во *Акцискиот план за одржливо управување со миграцијата во Западен Балкан 2023-2025*[200], предложени се акции за зајакнување на соработката за справување со криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе. Тие се однесуваат на: зајакнување на капацитетите за заштита на миграциските власти преку користење податоци за анализа на ризици и скрининг; употребата на дигитални алатки за откривање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во мешани миграциски текови; развој на капацитети за откривање и истрага на криумчарење мигранти и трговија со луѓе преку пристапи базирани на права, насочени кон жртвите и родово сензитивни; овозможување брза и директна размена на информации и координација за олеснување на упатувањата каде што е применливо; идентификување одржливи решенија за надминување на културните и јазичните бариери преку подобрување на соработката во регионот.

Предизвици: *Надлежните институции на Република Северна Македонија континуирано се фокусирани во делот на идентификацијата и справувањето со криумчарењето на мигрантите. Унапредувањето на состојбите во оваа област претпоставува:*
- активно учество во Оперативното партнерство против криумчарење на земјите од Западен Балкан и реализацијата на Оперативен акциски план за борба против криминалните мрежи вклучени во криумчарењето мигранти,
- ефикасно спроведување на усвоената регионална програма за борба против криумчарење мигранти на ИПА,
- зајакнување на капацитетите за заштита на миграциските власти преку користење податоци за анализа на ризици и скрининг, вклучително и споделување практики за користење алатки за скрининг и индикатори базирани на рута и
- употреба на дигитални алатки за откривање криумчарење мигранти и трговија со луѓе во мешани миграциски текови.

---

[199] Council of the EU, Joint press statement EU - Western Balkans Ministerial Forum on Justice and Home Affairs, Tirana, 3-4 November 2022, http://europeanwesternbalkans.com/2022/12/05/european-commission-presents-action-plan-on-the-western-balkans-to-tackle-irregular-migration/ (пристапено на 5 февруари 2026)

[200] ИОМ *Advancing the Skopje declaration: Action plan for sustainable migration governance in the Western Balkans 2023-2025*. Sarajevo, June 2023, https://bih.iom.int/sites/g/files/tmzbdl1076/files/documents/2023-06/sarajevo-migration-dialogue-2023-action-plan-final.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

2.3. Трговија со луѓе

Трговијата со луѓе како еден од облиците на организиран криминал е мошне комплексна проблематика, особено кога се гледа од аспект на меѓународните миграциски движења. Имено, во делот на трговијата со луѓе Република Северна Македонија е земја на потекло, транзит и дестинација. Од аспект на меѓународните миграции, Република Северна Македонија е земја на потекло при регрутирањето на домашни жртви со цел нивна експлоатација во други земји (при што најчеста дестинација се земјите на Европската унија), а земја дестинација за регрутирани странски жртви со цел експлоатација, кои најчесто потекнуваат од соседните земји (Албанија, Косово*, Србија и Бугарија). Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција има клучна надлежност во креирањето стратешки мерки и иницијативи, опфаќајќи ги казнено-правните аспекти, како и социјалната заштита на жртвите, ранливите категории мигранти и особено децата. Во изминатите две и пол децении, Комисијата даде значаен придонес за сеопфатен напредок во справувањето со трговијата со луѓе во Република Северна Македонија.

Според податоците на Министерството за внатрешни работи во периодот 2009-2019 година во Република Северна Македонија биле откриени 8 кривични дела и 20 сторители на кривично дело трговија за луѓе, со кои биле опфатени 9 жртви на овие нелегални активности (најголем дел поради трудова и сексуална експлоатација).[201] Во овој период Судот постапувајќи по поднесените обвинениија за кривичното дело трговија со луѓе (чл. 418-1 од КЗ) изрекол вкупно 17 осудителни пресуди. Податоците што се однесуваат на бројот на жртвите на трговијата со луѓе на Министерството за внатрешни работи (специјализираната единица за борба против трговија со луѓе –Task Force) и Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција произлегуваат од поднесените кривични пријави. Според пол тоа биле 2 мажи и 7 жени, а според возраст сите се полнолетни. Гледано по државјанство 2 лица се од Република Македонија, 4 од Албанија, а по едно лице од Бугарија, Босна и Херцеговина и Романија.

Во 2018 година се формираа 5 мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе во Скопје, Битола, Куманово, Гевгелија и во Тетово. Мобилните тимови се составени од социјален работник, полициски службеник и претставник на здружение на граѓани. Тие работат по методологија и развиени индикатори, придонесуваат за продлабочување на соработката меѓу засегнатите институции во идентификацијата на ранливите категории лица, претпоставени и жртви на трговија со луѓе, особено деца.[202] Со поддршка на овие тимови, во 2018-2019 година биле идентификувани 14 жртви на трговија со луѓе (сите жени), 190 потенцијални жртви на трговија со луѓе и 593 ранливи категории на лица. Бројот на идентификувани жртви е за речиси двапати поголем од 2016-2017 година (вкупно 8 жртви на трговија со луѓе).

Во периодот 2020-2025 година идентификувањето на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија се одвиваше со големи осцилации и покрај преземените мерки и активности и активното дејствување на институциите на терен. Така, во овој период

---

[201] Меѓународна организација за миграции (2022), *Миграциите во Република Македонија, Профил на земјата 2021*, Скопје, стр. 42-45.
[202] Ибид., стр. 51

биле идентификувани 85 возрасни лица и 31 дете жртви на трговија со луѓе.[203] Од возрасните жртви на трговија со луѓе најголем број (82 лица) биле идентификувани во 2021 и 2024 година. Според потеклото доминантен дел од жртвите се од странство (90% или 77 лица), а 8 лица се македонски државјани. Податоците за видот на експлоатацијата покажуваат дека 41 лице се соочило со трудова, а 39 лица на сексуална експлоатација. Само две лица биле изложени на трудова и на сексуална експлоатација, а по едно лице на присилен брак и отстранување органи. Во периодот 2020-2024 година Министерството за внатрешни работи реализираше 167 акциски контроли во 203 угостителски објекти во Република Северна Македонија, при што биле затекнати 921 женски лица – странски државјанки.

Што се однесува на децата жртви на трговија со луѓе во периодот 2020-2024 година доминантно е учеството (29 или 93,5%) на оние од Република Северна Македонија, а мошне мало на децата од странство (2 деца). Од нив 11 деца биле изложени на присилен брак, 13 деца на сексуална експлоатација, а три на питачење. По едно дете било користено за: онлајн сексуална експлоатација, трудова експлоатација, трудова експлоатација и питачење и нелегално посвојување. Во периодот 2022-2024 година биле утврдени 17 кривични дела, 46 сторители и 11 деца жртви на трговија со луѓе.[204]

Најчесто причините за овој вид експлоатација се поврзани со присилен брак, трудова и сексуална експлоатација, но и само заради сексуална експлоатација. Трудовата експлоатација кај децата и питачењето, како казнени дела се документирани во мал број случаи, но тие се случуваат многу почесто и се присутни во континуитет. Особена ранливост има кај ромската заедница, каде што питачењето на деца Роми од предшколска и школска возраст се забележува во поголемите градови и особено во Скопје. Во Република Северна Македонија, исто како и во глобални рамки жртви на трговијата со луѓе најчесто се децата од женски пол, кои се најранлива и најзагрозена категорија.

Повеќе агенции на Обединетите нации, меѓународни организации и други донатори им пружаат поддршка на владините институции и невладините организации во Република Северна Македонија во борбата против трговијата со луѓе. Тоа го потврдуваат многубројните активности во оваа област реализирани со нивна финансиска и експертска поддршка, кои се нотирани во Годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во периодот 2020-2024 година.

Анализата на трговија со луѓе во Република Северна Македонија по 2020 година покажува дека трендовите во оваа област не се многу променети. Евидентен е мал број на идентификувани жртви на трговија со луѓе, особено на трговијата со деца како најранлива категорија. Со цел зајакнување на капацитетите на надлежните институции за откривање на случаеви на трговија со луѓе и идентификација на жртви на трговија, во *Стратегијата и*

---

[203] Овие и другите податоци за периодот 2020-2025 година се преземени од документацијата на Министерството за внатрешни работи.

[204] Податоците на МВР за периодот 2009-2016 година покажуваат дека не биле откриени малолетни лица (деца) жртви на трговија со луѓе, но тоа не значи дека ова казнено дело не било присутно. Податоците на МВР за кривичното дело „трговија со дете“ за периодот 2017-2019 година покажуваат дека биле документирани16 кривични дела и 23 сторители, при што се идентификувани 9 деца.

Акциският План за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025, беа предвидени повеќе конкретни стратегиски цели, мерки и активности за подобрување на процесот на откривање на жртвите на трговија со луѓе и нивна заштита според меѓународните стандарди. Во тек е подготовка на нова Стратегија за периодот 2026-2030 година.

Со Акциският план на ЕУ за Западен Балкан,[205] во делот на борбата против трговија со мигранти и зајакнување на активностите по целата рута, предвидена е поддршка на партнерите од Западен Балкан за: Целосно искористување на новоформираната Оперативна работна група на ЕВРОПОЛ и подобрување на учеството на сите партнери од Западен Балкан во циклусот EMPACT (European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats) 2022-2025 и неговиот Оперативен акционен план; Обезбедување на брзо и ефикасно спроведување на усвоената ИПА регионална програма за борба против криумчарење на мигранти. Во делот на Акциите на Европската унија е предвидено продолжување и завршување на преговорите за предлогот на Комисијата за санкционирање на транспортните оператори вклучени во олеснување на шверцувањето мигранти или трговијата со луѓе.

Во *Извештајот на Европската комисија за 2025 година* се констатира дека Република Северна Македонија продолжува да ја спроведува својата Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција (2021-2025), што е во согласност со соодветната стратегија на ЕУ. Притоа се укажува дека правната рамка за трговија со луѓе е само делумно усогласена со правото на ЕУ. Се препорачува истата да се усогласи со Директивата за спречување и сузбивање на трговијата со луѓе и заштита на жртвите на трговијата и ревидираната Директива која влезе во сила во јули 2024 година. Освен тоа, се укажува дека во текот на извештајниот период не е постигнат напредок во усогласувањето со правото на ЕУ за сексуална злоупотреба и експлоатација на деца. Европската комисија препорачува Акциският план за борба против трговијата со деца (2021-2025) да се усогласи со Конвенцијата од Ланзароте и законодавството на ЕУ за сексуална злоупотреба и експлоатација на деца.

***Предизвици**: Во однос на трговијата со луѓе во последните пет години се преземаа континуирани активности за откривање, документирање и заштита на жртвите на трговија со луѓе. Останууваат предизвиците во оваа област во насока на:*
- идентификација на ранливите категории мигранти во ризик од секаков вид на злоупотреба, вклучувајќи и нивна експлоатација преку трговија со луѓе и
- посветување посебно внимание ненепридружуваните деца мигранти, како особено ранлива категорија под висок ризик од злоупотреба, и примена на сет на мерки и активности за нивна заштита, во согласност со меѓународните стандарди, националната рамка (СОП за постапување со непридружувани деца странци и ранливи категории на лица странци) и начелото за најдобриот интерес на детето.

---

[205] *EU Action Plan on the Western Balkans*(5 Декември 2022), https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0efc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

2.4. Реадмисија

Реадмисијата е алатка за спречување на илегалната миграција на лица (странци и граѓани на Република Северна Македонија) со незаконски престој во земјата, односно во странство. Во Република Северна Македонија институција задолжена за реадмисија е Одделот за гранична полиција преку Секторот за странци при Министерството за внатрешни работи. Зголемувањето на бројот на вратени македонски државјани по пат на реадмисија започна по добивањето на безвизниот режим во 2009 година, односно со порастот на патувањата на нашите граѓани во земјите на ЕУ. Реадмисија почнува со размена на информација меѓу надлежните служби од двете земји: земјата која ги враќа и земјата која ги прима лицата. Барањата за реадмисија може да бидат позитивно или негативно решени барања, како и да бидат побарани дополнителни податоци од државите од кои се доставени барањата. Негативните одговори на овие барања најчесто се однесуваат за лица кои не се пронајдени во службените евиденции кои се водат во Република Северна Македонија.

Во периодот 2020-2025 година, исто како и во претходната деценија, спроведувањето на реадмисијата на странците и на нашите граѓани се базираше на склучените имплементациски протоколи согласно Спогодбата со ЕУ, со повеќе земји членки на ЕУ и билатерални договори за реадмисија со земји кои не се членки на ЕУ. Во овој период со постапка на реадмисија вратени се вкупно 5.844 македонски државјани, односно 42,7% помалку во споредба со нивниот број во периодот 2015-2019 година (10.200 лица[206]), односно 5,2% помалку од периодот 2009-2014 година (6.163 лица). Три водечки земји на дестинација за вратени македонски државјани во периодот 2020-2025 година се: Германија со 4.739 (81,1%), Швајцарија со 264 (4,5%) и Австрија со 193 (3,3%). Нивното заедничко учество во вкупно вратените наши граѓани изнесува 88,9%.[207]

Асистирано доброволно враќање и реинтеграција (АДВР) е активност која се спроведува со поддршка на ИОМ. Во делот на реадмисијата се смета дека тоа е неопходна алатка за сеопфатниот пристап во управувањето со миграцијата, со цел достоинствено враќање и реинтеграција за лицата во својата земја, а кои не ги исполнуваат условите за азил или не бараат меѓународна заштита. Бројот на доброволно вратените македонски државјани од 2020 до 2025 година изнесува 4.127 лица и е околу триипол пати помал од периодот 2015-2019 година (Табела 3).

Табела 3. Доброволно вратени граѓани во Република Северна Македонија, 2009-2025 година

Држава / Година	2013-2014*	2015-2019*	2020*	2021	2022	2023	2024	2025	ВКУПНО 2020-2025
ВКУПНО	**4921**	**14342**	**336**	**526**	**1477**	**1645**	**63**	**80**	**4127**

[206]По години нивниот број изнесува: 1832 (2015); 3427 (2016); 2398 (2017); 1396 (2018); 1147 (2019); 683 (2020). Извор: Податоци од документацијата на Министерството за внатрешни работи.

[207]Во периодот 2015-2019 година тоа се: Германија со 7800 (76,5%), Швајцарија со 602 (5,9%) и Шведска со 314 (3,1%) македонски граѓани. Овие три земји учествуваат со околу 85% во вкупно вратените македонски граѓани.

Германија	4306	12969	220	474	1440	1605	1	29	**3769**
Австрија	226	589	24	5	10	4	24	9	**76**
Белгија	182	159	0	17	15	18	13	17	**80**
Холандија	0	266	61	18	6	0	2	14	**101**
Други земји	207	359	31	12	6	18	23	11	**101**

Извор: Меѓународна организација за миграции (2022), Миграциите во Република Македонија, Профил на земјата 2021, ИОМ, Скопје, стр. 56 и Податоци на ИОМ мисијата во Северна Македонија .

Најголем дел од доброволно вратените македонски државјани по 2015 година најчесто престојувале во Германија, а нивниот број е релативно голем и во Австрија, Белгија и во Холандија. Структурата (според пол) на доброволно вратените македонски државјани во периодот 2020-2025 година покажува дека 52% се мажи, а 48% жени. Од вкупниот број вратени лица 37,8% се деца.

Што се однесува на доброволно вратените мигранти од Република Северна Македонија во земјите на потекло, во периодот 2020-2025 година нивниот број изнесува 49 лица, при што евидентен е тренд на мал, но континуиран пораст по 2020-та година (Табела 4). Безмалку половина од нив се вратени во Ирак, Турција, Словачка и Непал. Евидентна е разликата во однос на нивниот број и потекло во споредба со периодот 2016-2019 година, кога биле вратени вкупно 88 лица или 79,6% помалку. Најголем дел од нив (77 лица или 87,5%) биле од Ирак и од Иран.

Табела 4. Доброволно вратени мигранти од Република Северна Македонија, според земји на потекло, 2016-2025 година

Држава / Година	ВКУПНО 2016-2019	2020	2021	2022	2023	2024	2025	ВКУПНО 2020-2025
ВКУПНО	**88**	**3**	**6**	**9**	**9**	**10**	**12**	**49**
Египет	**1**	0	0	0	0	0	0	**0**
Ирак	**53**	0	4	0	0	1	0	**5**
Иран	**24**	0	0	0	0	0	0	**0**
Мароко	**5**	0	0	0	0	0	0	**0**
Непал	**0**	0	0	0	2	1	1	**4**
Словачка	**0**	0	0	2	0	0	5	**7**
Турција	**0**	0	1	0	1	4	0	**6**
Други земји	**5**	3	1	7	6	4	6	**27**

Извор: Податоци на ИОМ мисијата во Северна Македонија

Во однос на демографската структура на *доброволно вратените мигранти од Република Северна Македонија во земјите на потекло* во периодот 2020-2025 година може да се констатира следното. Во структурата според пол преовладува учеството на мажите кое изнесува две третини (67,3% или 33 лица) од вкупниот број вратени мигранти. Повеќе од четири петтини (85,7% или 42 лица) од нив се полнолетни, а само 7 се деца. Слична е демографската структура на доброволно вратените мигранти од земјата во периодот 2016-2019 година. Имено, учеството на мажите во вкупниот број мигранти изнесува 73,9%, а на полнолетните лица 71,6%.

Идентификување и дефинирање индикатори за проценка на реинтеграцијата на повратниците (лицата вратени) врз основа на Договорот за реадмисија - Република Северна Македонија создава механизми на централно и локално ниво за спроведување програми за поддршка и реинтеграција на повратниците. Податоци за повратниците се собираат преку прашалник што го спроведува МВР. Повратникот доброволно го пополнува прашалникот во Канцеларијата за реадмисија. МВР и МСПДМ развија сет на индикатори за проценка на реинтеграцијата на повратниците за да се измери ефективноста на преземените мерки на полето на реинтеграција на повратниците врз основа на договорите за реадмисија.[208] Развојот на индикатори, исто така, беше потребен со цел да се соберат неопходни податоци за да се одржи безвизниот режим и да се спречи повторното заминување на повратниците во земјите на ЕУ, како и да се спречи секундарната миграција. Недостигот на сеопфатна евиденција за лицата вратени по пат на реадмисија се јавува како ограничувачка околност за системско следење на доброволното враќање и во периодот по 2020-та година.

Во *Акцискиот план на ЕУ за Западен Балкан*,[209] во делот на зајакнување на соработката за реадмисија и враќање, се укажува на потребата за поддршка на партнерите од Западен Балкан за зголемување на активностите на ЕУ за забрзување на враќањата од партнерите од Западен Балкан, како и зајакнување на оперативните капацитети на партнерите од Западен Балкан за спроведување враќања. Во однос на Акциите на ЕУ предвидено е свикување заеднички комитети за реадмисија со партнерите од Западен Балкан билатерално за ефикасно спроведување на договорите за реадмисија на ЕУ.

Во *Акцискиот план за одржливо управување со миграцијата во Западен Балкан 2023-2025*[210] предложени се активности за поддршка на напредокот кон холистички пристап кон управувањето со враќањето. Притоа се укажува на потребата за активности и соработка меѓу партнерите од Западен Балкан во насока на:
- консолидирањето системи и процедури засновани на права и процеси за ефикасни рамки за управување со враќањето,
- усвојување и спроведување административни рамки за ефикасно враќање, реадмисија и реинтеграција, усогласени со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди,
- градење капацитети и процедури за враќање, реадмисија и реинтеграција базирани на права, учење и градење практики за асистирано доброволно враќање и реинтеграција,
- проценка и усвојување функционални/интероперабилни дигитални решенија за олеснување на ефикасни операции за враќање со земјите на потекло и ЕУ,
- покренување неформална платформа за учење на теми за враќање, реадмисија и реинтеграција, која ќе се користи за размена на знаења и развој на капацитети,
- поттикнување на соработката за управување со враќањето со клучните земји на потекло и

---

[208] Поопширно види: Меѓународна организација за миграции (2022), *Мигрантите во Република Македонија, Профил на земјата 2021*, Скопје, стр. 58.
[209] *EU Action Plan on the Western Balkans*(5 декември 2022), https://home-affairs.ec.europa.eu/document/download/e63e3b92-4f0c-4d95-a7f9-b0aff2dd0cfc_en?filename=Western%20Balkans_en.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).
[210] IOM,*Advancing the Skopje declaration: Action plan for sustainable migration governance in the Western Balkans 2023-2025*, Sarajevo, June 2023, https://bih.iom.int/sites/g/files/tmzbdl1076/files/documents/2023-06/sarajevo-migration-dialogue-2023-action-plan-final.pdf (Пристапено на 7 февруари 2026).

земјите на транзит и олеснување на регионалните дијалози за управување со враќањето и
- зајакнување на улогата на администрациите на Западен Балкан, со цел подобрување на соработката за враќање и реадмисија со земјите на потекло.

Во *Извештајот на Европската комисија за 2025 година* се укажува дека Република Северна Македонија треба да постигне напредок во воспоставувањето практична соработка за враќање на државјани од трети земји со земјите на потекло и активно да го засили ангажманот со овие земји. Притоа, се укажува дека земјата има договор со ЕУ и протоколи, со кои дополнително се олеснува неговото спроведување со 11 земји членки и билатерални договори за реадмисија со 8 земји кои не се членки на ЕУ.

***Предизвици**: Со цел ефикасно и ефективно спроведување на политиките во процесот на реадмисија на странци со илегален и нерегулиран престој на територијата на Република Северна Македонија, како и враќање на наши граѓани со илегален престој во странство, останува релевантна потребата за:*
- склучување билатерални договори и протоколи кои содржат и одредби за враќање странци со илегален престој во Република Северна Македонија со нивните земји на потекло,
- зајакнување на човечките и материјално-техничките капацитетите на Единицата за странци и реадмисија на Министерството за внатрешни работи и
- натамошно зајакнување на капацитетите за спроведување на постапките за враќање, меѓу другото, преку развој на соодветни Стандардни оперативни процедури (СОП).

3. Влијание на надворешни шокови врз миграциите

Миграциските текови претставуваат динамичен и комплексен процес кој во значителна мера е под влијание на надворешни шокови и кризни ситуации на регионално и глобално ниво. Таквите шокови можат да доведат до брзи и непредвидливи промени во обемот, структурата и насоката на миграциските движења. Во современи услови, тие најчесто произлегуваат од геополитички конфликти, економски кризи, здравствени закани, климатски промени и други безбедносни и општествени процеси.

Искуствата од последната деценија покажуваат дека миграциските текови можат нагло да се интензивираат или трансформираат под влијание на ваквите настани. Миграциска криза во 2015–2016 година, Ковид-19 пандемијата, како и поновите геополитички тензии и конфликти во светот покажаа дека миграциските движења можат да се менуваат во релативно краток временски период и да создадат значителни предизвици за националните системи за управување со миграциите.

Како земја која се наоѓа назначајна транзитна рута на Западнобалканскиот миграциски коридор, Република Северна Македонија е особено чувствителна на ваквите надворешни влијанија. Промените во миграциските политики на земјите на Европската унија, геополитичките случувања во светот, како и економските и демографските процеси во земјата и регионот можат директно и индиректно да влијаат врз карактерот и интензитетот на миграциските текови.

Надворешните шокови може да се манифестираат преку повеќе типови на миграциски динамики, меѓу кои:

- Зголемени транзитни миграциски текови низ територијата на државата;
- Нагли приливи на баратели на азил и лица со потреба од меѓународна заштита;
- Промени во миграциските политики и режимите на мобилност на земјите на прием;
- Зголемена емиграција на резидентното население како резултат на економски и социјални фактори и
- Појава на мешани миграциски текови кои вклучуваат различни категории мигранти.

Во услови на вакви промени, надворешните шокови можат да создадат значителен притисок врз институционалните капацитети на државата, особено во делот на управувањето со границите, системот за азил, обезбедувањето хуманитарна помош и меѓуинституционалната координација. Поради тоа од особено значење е државата да располага со функционални механизми за навремено следење на миграциските трендови и соодветна институционална подготвеност за управување со потенцијални миграциски кризи.

Надворешните шокови кои можат да влијаат врз миграциските текови би можело да се групираат во неколку категории.

Првата категорија се геополитичките и безбедносните шокови, како вооружени конфликти, политичка нестабилност и безбедносни кризи, кои можат да предизвикаат масовни движења на население. Во европски и регионален контекст, пример за вакви шокови се миграциската криза во 2015 2016 година поврзана со конфликтите на Блискиот Исток, како и конфликтот во Украина и Иран (2026). Ваквите настани можат да доведат до зголемен транзит на мигранти долж западнобалканската рута, при што Република Северна Македонија може да се соочи со зголемен број транзитни мигранти или лица кои бараат меѓународна заштита. Потенцијални идни шокови од ваков тип можат да произлезат од нови конфликти или безбедносни кризи. Дополнително, геополитичките кризи сè почесто се придружени и со дигитални шокови, при што дезинформациите, хибридните закани и манипулацијата со информации можат нагло да ја променат насоката, динамиката и интензитетот на миграциските движења. Во вакви услови, миграциските текови не се само резултат на физички настани, туку и на перцепции и наративи што се шират во дигиталниот простор, што дополнително ја усложнува потребата од навремено предвидување и адаптација на политиките.

Втората категорија се економските шокови, кои се поврзани со економски рецесии, нерамномерни развојни процеси или нагли промени на пазарите на труд во земјите на потекло и дестинација. За Република Северна Македонија ваквите шокови може да се манифестираат преку засилена емиграција на резидентното население во услови на економска нестабилност или преку промени во миграциската политика поради намалена побарувачката за работна сила во земјите на Европската Унија. Во исто време, економските трендови можат да влијаат и врз потребата од прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата, особено во услови на демографски промени и недостиг на одредени профили на работници.

Третата категорија ги опфаќа здравствените и хуманитарните кризи, како што беше глобалната пандемија на Ковид-19, која доведе до привремено ограничување на мобилноста, затворање на границите и промени во миграциските политики на голем број држави. Ваквите кризи можат да имаат значително влијание врз динамиката на миграциските текови, како преку ограничување на мобилноста, така и преку појава на нови хуманитарни потреби и ранливи категории мигранти.

Четвртата категорија се еколошките и климатските шокови, кои сè почесто се препознаваат како фактор што може да придонесе за зголемување на мобилноста на населението, особено во подолг временски период. Климатските промени, екстремните временски услови, сушите или природните катастрофи можат индиректно да влијаат врз миграциските процеси преку нарушување на економските активности, особено во земјоделството и руралните области. Иако овие процеси најчесто имаат регионални или глобални димензии, тие можат да имаат и индиректно влијание врз миграциските текови во регионот на Западен Балкан. Во тој контекст, се поголемо значење има интегрирањето на мерките за климатска адаптација во политиките поврзани со управувањето со миграцијата и регионалниот развој. Зајакнувањето на отпорноста на локалните заедници, диверзификацијата на економските активности и поддршката на одржливи извори на егзистенција можат да придонесат за намалување на факторите кои поттикнуваат присилна или непланирана миграција. Интегрирањето на прашањата поврзани со мобилноста на населението во процесите на планирање за климатска адаптација придонесува кон поодржливо и долгорочно управување со миграциските текови.

Овие категории на шокови често делуваат истовремено и меѓусебно се засилуваат, што дополнително ја зголемува неизвесноста и сложеноста на миграциските процеси. Наведените категории надворешни шокови можат значително да влијаат врз претпоставките претставени во овој документ, врз кои се темели планирањето на миграциската политика за периодот 2026–2030 година.

а) Влијанието на надворешните шокови врз емиграциските притисоци/тенденции

Геополитичките кризи можат **индиректно да влијаат врз емиграциските тенденции** на населението од Република Северна Македонија. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемување на побарувачката за работна сила во ЕУ поради демографски или безбедносни последици од конфликтите; отворање нови канали за привремена или трајна миграција; пренасочување на транзитните миграциски рути во регионот; геополитичките шокови можат да создадат **нови можности за емиграција**, со што дополнително се зголемуваат емиграциските притисоци.

Економските шокови претставуваат еден од најдиректните фактори што може да влијаат врз континуитетот на емиграцијата. Како механизми на влијание се издвојуваат: економска рецесија во земјата може да доведе до зголемена емиграција; раст на платите и побарувачката за работна сила во ЕУ може да ја засили миграцијата; структурни промени на пазарот на труд (особено во градежништво, здравство, ИТ). Економските шокови можат **значително да го засилат или намалат темпото на емиграција**.

Здравствените кризи имаат **двостран ефект врз емиграцијата**. Како механизми на влијание се издвојуваат: привремено ограничување на мобилноста (затворени граници); зголемена побарувачка за здравствени и социјални работници во странство; зголемена економска несигурност. Во краток рок кризите можат да ја **намалат мобилноста**, но на среден рок можат повторно да ја **засилат емиграцијата на одредени професии**.

Еколошките и климатските шокови влијаат **индиректно врз емиграцијата**, особено преку економски последици. Како механизми на влијание се издвојуваат: намалување на економските активности во одредени региони; влијание врз земјоделството и руралниот развој; засилување на економските нееднаквости. Климатските шокови можат постепено да придонесат за **зголемена економска миграција**.

б) Влијанието на надворешните шокови врз зголемената потреба од работна сила од странство

Иако потребата од работна сила од странство во Република Северна Македонија е пред сè резултат на демографските трендови, емиграцијата на домашната работна сила и структурните промени на пазарот на труд, надворешните шокови можат значително да влијаат врз динамиката и интензитетот на оваа појава.

Геополитичките кризи можат да влијаат врз потребата од работна сила од странство преку промени во регионалните миграциски текови и пазарите на труд. Како механизми на влијание се издвојуваат: промени во регионалната мобилност на работната сила; пренасочување на миграциските текови во регионот. Геополитичките шокови можат **индиректно да ја зголемат понудата на работна сила од странство** во одредени сектори.

Економските шокови се **клучен фактор** кој може да влијае врз потребата од работна сила од странство. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемена емиграција на домашни работници во услови на економска нестабилност; раст на економските активности во одредени сектори (градежништво, индустрија, туризам); структурен недостиг на работна сила. Економските шокови можат **значително да ја зголемат потребата од работна сила од странство**.

Здравствените кризи можат да влијаат врз пазарот на труд и потребата од работна сила. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемена побарувачка за здравствени и социјални работници; нарушување на локалните пазари на труд; зголемена потреба од работници во одредени сектори. Здравствените кризи можат **да создадат нови секторски потреби за работна сила**, кои делумно може да се покријат преку странски работници.

Климатските и еколошките промени можат индиректно да влијаат врз пазарот на труд. Како механизми на влијание се издвојуваат: промени во земјоделството и сезонската работа; потреба од работници во инфраструктурни и адаптациски проекти; економски трансформации во одредени региони. Климатските шокови можат **да влијаат врз сезонската и секторската побарувачка за работна сила од странство**.

в) Влијанието на надворешните шокови врз политиките за дијаспората

Улогата на дијаспората во економскиот и општествениот развој на Република Северна Македонија е тесно поврзана со глобалните економски и политички процеси. Во услови на надворешни шокови, значењето на дијаспората може дополнително да се зголеми, особено во однос на економската поврзаност, трансферот на знаење и потенцијалните повратни миграциски текови.

Геополитичките кризи можат да влијаат врз положбата и мобилноста на дијаспората, како и врз нивните врски со земјата на потекло. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемена потреба за конзуларна поддршка на дијаспората; потенцијални повратни миграциски текови во услови на политичка нестабилност во земјите на престој; поголема активност на дијаспората во поддршка на економски и хуманитарни активности во земјата. Геополитичките шокови можат да ја зголемат потребата од **ефикасни политики за комуникација и поддршка на дијаспората**.

Економските кризи или економските промени можат значително да влијаат врз односот помеѓу дијаспората и земјата на потекло. Како механизми на влијание се издвојуваат: промени во обемот на дознаките; потенцијални инвестиции од дијаспората во услови на економска стабилизација; зголемена мобилност на стручни и високообразовани кадри. Економските шокови можат да ја зголемат важноста на **политиките за економска соработка со дијаспората**.

Здравствените кризи можат да ја засилат улогата на дијаспората во поддршка на земјата на потекло. Како механизми на влијание се издвојуваат: мобилизација на експерти и професионалци од дијаспората; донации и хуманитарна поддршка; дигитална соработка и трансфер на знаење. Здравствените кризи можат да ја истакнат важноста на **мрежите на дијаспората и транснационалната соработка**.

Климатските промени можат индиректно да ја зголемат важноста на дијаспората како фактор на економска и развојна поддршка. Како механизми на влијание се издвојуваат: инвестиции на дијаспората во локалната економија; трансфер на технологии и знаење; поддршка на локални иницијативи за адаптација на климатските промени. Во услови на долгорочни економски и еколошки предизвици, дијаспората може да игра важна улога во **поттикнување на одржливиот развој и економската трансформација**.

Во услови на надворешни шокови, дијаспората може да претставува важен фактор за економска стабилност, трансфер на знаење и потенцијални повратни миграциски текови.

г) Влијанието на надворешните шокови врз системите за податоци и анализа

Во услови на зголемена неизвесност во глобалното и регионалното опкружување, надворешните шокови можат значително да ја зголемат потребата од навремени, точни и координирани информации за миграциските текови. Ефикасните системи за податоци и анализа се особено важни за навремено препознавање на промените во миграциските динамики и за донесување соодветни политички одлуки.

Геополитичките кризи можат да предизвикаат **нагли и непредвидливи промени во миграциските текови**, особено во региони кои се наоѓаат на важни транзитни рути. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемен транзит на мигранти; пораст на бројот на баратели на азил; промени во миграциските рути. Геополитичките шокови ја нагласуваат потребата од **системи за рано предупредување и подобра координација на податоците меѓу институциите**.

Економските кризи можат да доведат до **брзи промени во емиграциските и имиграциските текови**. Како механизми на влијание се издвојуваат: пораст на емиграцијата во услови на економска нестабилност; промени во побарувачката за работна сила; појава на нови форми на мобилност. Економските шокови ја зголемуваат потребата од **редовно следење на пазарот на труд и миграциските тенденции**, како основа за креирање политики базирани на докази.

Здравствените кризи можат значително да ја променат динамиката на миграциските текови. Како механизми на влијание се издвојуваат: ограничување на мобилноста; појава на нови категории ранливи мигранти; потреба од брзи политички реакции. Здравствените кризи ја нагласуваат потребата од **подобрена институционална размена на податоци и аналитички капацитети**.

Климатските и еколошките промени можат постепено да влијаат врз миграциските процеси. Како механизми на влијание се издвојуваат: зголемена економска мобилност; регионални миграциски притисоци; промени во сезонската работна сила. Климатските шокови ја нагласуваат потребата од **долгорочно следење на миграциските трендови и нивната поврзаност со економските и еколошките фактори**.

Во услови на надворешни шокови, системите за податоци и анализа играат клучна улога во навремено препознавање на промените во миграциските текови и во поддршка на донесувањето политики базирани на докази.

д) Влијанието на надворешните шокови врз зголемената комплексност на миграциските текови

Современите миграциски процеси се карактеризираат со сè поголема комплексност, која произлегува од меѓусебното влијание на демографските, економските, безбедносните и еколошките фактори. Надворешните шокови можат дополнително да ја зголемат оваа комплексност преку појава на различни и истовремени форми на миграциски движења.

Геополитичките кризи често доведуваат до појава на **мешани миграциски текови**. Како механизми на влијание се издвојуваат: транзитна миграција долж Западнобалканската рута; лица кои бараат меѓународна заштита; илегална миграција; секундарни миграциски движења во регионот. Геополитичките шокови можат значително да ја зголемат **структурната сложеност на миграциските текови**.

Економските промени можат да доведат до **диверзификација на миграциските модели**.

Како механизми на влијание се издвојуваат: економска емиграција; циркуларна миграција; сезонска миграција; имиграција на работна сила. Економските шокови можат да создадат **повеќеслојни миграциски текови**.

Здравствените кризи можат да создадат **неочекувани промени во мобилноста**. Како механизми на влијание се издвојуваат: ограничување на мобилноста; промени во миграциските политики; нови категории ранливи мигранти. Здравствените кризи можат да создадат **нестабилни и тешко предвидливи миграциски динамики**.

Климатските промени можат постепено да влијаат врз регионалните миграциски процеси. Како механизми на влијание се издвојуваат: економска мобилност; сезонска миграција; миграција поврзана со климатски ризици. Климатските шокови можат да придонесат за **долгорочна трансформација на миграциските текови**.

Надворешните шокови можат дополнително да ја зголемат комплексноста на миграциските текови преку појава на различни и меѓусебно поврзани форми на мобилност, вклучувајќи економска миграција, транзитни движења, барања за меѓународна заштита и циркуларна мобилност.

Миграциската политика на Република Северна Македонија треба да биде доволно флексибилна и адаптивна за да може навремено да одговори на ваквите предизвици. Со оглед на зголемената комплексност и неизвесност на миграциските процеси, потребно е миграциската политика да се базира не само на анализа на постојните состојби, туку и на систематско разгледување на можните идни развојни трендови. Во таа насока, во следниот дел од Резолуцијата е применет форсајт пристап, кој овозможува идентификување на клучните сигнали на промени, поттикнувачите на миграциските динамики и потенцијалните краткорочни сценарија за развој на миграциските текови. Овој пристап придонесува кон подобро разбирање на можните идни предизвици и овозможува развој на поотпорни и проактивни политики за управување со миграцијата.

4. Форсајт анализа за идните миграциски текови и политики

Со оглед на динамиката и неизвесноста на современите миграциски процеси, развојот на миграциската политика бара систематско разгледување на можните идни развои и нивните импликации врз националните политики.

Форсајт анализата за идните миграциски текови се базира на комбинација од анализа на податоци и резултатите од експертска работилница со претставници на релевантни институции и експерти во областа на миграцијата. Во рамките на работилницата беа идентификувани клучните сигнали на промени, поттикнувачите на миграциските динамики и можните краткорочни сценарија.

Форсајт анализата претставува аналитички пристап кој овозможува идентификување на нови трендови, двигатели на промени и критични неизвесности кои можат да влијаат врз миграциските текови во иднина. Примената на форсајт методологијата придонесува за подобро разбирање на потенцијалните идни сценарија и за развој на политики кои се

проактивни и адаптивни. Форсајт анализата не претставува предвидување на иднината, туку инструмент кој овозможува систематско разгледување на различни можни развојни патеки и нивните импликации за јавните политики. Пристапот применет во оваа форсајт анализа е во согласност со современите практики на стратешко предвидување кои се користат во рамките на Европската Унија, особено во рамките на годишните *Strategic Foresight Reports* на Европската комисија, кои ја нагласуваат важноста на хоризонтското скенирање, анализата на двигателите на промени и развојот на сценарија за поддршка на долгорочното креирање политики.[211]

Во рамките на оваа анализа се применуваат неколку комплементарни методи: скенирање на хоризонтот, анализа на двигателите на промени (DESTEP), идентификување на критични неизвесности и развој на можни сценарија. Овој пристап овозможува комбинирање на аналитички методи со експертското знаење на институциите кои директно работат со миграциските процеси.

4.1 Скенирање на хоризонтот (краткорочни сигнали и трендови)

Скенирањето на хоризонтот има за цел да идентификува нови сигнали и трендови кои можат да влијаат врз идниот развој на миграциските текови. Врз основа на анализата на достапните податоци и консултациите со претставниците на институциите беа идентификувани повеќе сигнали на промени кои се релевантни за периодот 2026 2030 година.

Меѓу клучните сигнали кои се забележуваат во последните години се:

- **Растечка побарувачка за работна сила во државите на Европската Унија,** особено во секторите со недостиг на кадар.
- **Тренд на поедноставување и дигитализација на процедурите за издавање дозволи за престој и работа** во повеќе европски држави.
- **Проширување на програмите на ЕУ и на националните политики на земјите членки на ЕУ за привлекување работници .**
- **Појава на нови миграциски текови на странски работници**,што отвора прашања за нивна институционална и социоекономска интеграција и заштита на правата.
- **Зголемена мобилност на високообразувани и квалификувани кадри**, особено во рамките на европскиот пазар на труд.
- **Забрзано демографско стареење на населението во Европа**, со потенцијални импликации врз пазарот на труд и миграциските политики.
- **Растечка конкуренција меѓу државите за привлекување квалификувана работна сила** преку различни програми и политики за миграција на таленти.
- **Зголемени миграциски притисоци како последица на геополитички конфликти и регионална нестабилност.**
- **Засилена дигитализација и интероперабилност на системите за управување со миграцијата** на национално и европско ниво.

[211]Последен извештај; European Commission (2025). Strategic Foresight Report 2025. Brussels.

Овие сигнали укажуваат дека миграциските текови во следниот период ќе останат динамични и ќе бараат континуирано следење и анализа.

Во табелата подолу се прикажани сите идентификувани сигнали, нивниот опис како и забелешка за потенцијалните импликации за миграциската политика.

Табела 5 . Сигнали за промени релевантни за идните миграциски текови

Сигнал / тренд на промена	Краток опис	Потенцијални импликации за миграциската политика
Растечка побарувачка за работна сила во ЕУ	Европските економии се соочуваат со недостиг на работна сила во повеќе сектори, особено здравство, градежништво и други видови на услуги	Може да се засили економската емиграција на македонски граѓани и конкуренцијата за работна сила
Забрзано демографско старење во Европа	Намалување на работоспособното население во повеќе европски држави	Зголемена потреба од миграциска работна сила и промени во миграциските политики
Проширување на програмите за привлекување работници	Земјите на ЕУ воведуваат или прошируваат програми за привлекување работници	Поттикнување на циркуларна миграција и мобилност на работна сила која може да прерасне во трајна емиграција
Растечка конкуренција за квалификувана работна сила	Државите развиваат програми за привлекување таленти и квалификувани работници	Зголемен ризик од „одлив на мозоци“ и потреба од политики за задржување на кадар
Зголемена мобилност на високообразовани кадри	Младите и квалификуваните професионалци се сè поотворени за работа и студирање во странство	Потенцијална долгорочна емиграција и потреба од мерки за задржување и повратна миграција
Нови миграциски текови на странски работници	Зголемена потреба за вработување странски работници во домашната економија	Потреба од институционални механизми за управување со легална миграција и интеграција
Потреба од институционална и социо-економска интеграција на странски работници	Зголеменото присуство на работна сила од странство отвора прашања поврзани со нивната интеграција и заштита на правата	Развој на политики за интеграција, социјална кохезија и пристап до услуги
Тренд на поедноставување на процедурите за дозволи за престој и работа	Европските држави воведуваат поефикасни и пофлексибилни процедури за странски работници	Потреба од модернизација и дигитализација на националниот систем за легална миграција
Засилена дигитализација на системите за управување со миграцијата	Се развиваат електронски визи, биометриски документи и дигитални системи за управување со податоци	Подобрување на ефикасноста и контролата на миграциските процеси

Интероперабилност на базите на податоци за миграција	Зголемено поврзување на националните и европските системи за податоци	Подобра координација меѓу институциите и подобар мониторинг на миграциските текови
Геополитички конфликти и регионална нестабилност	Конфликти и кризи во регионот и пошироко можат да генерираат миграциски притисоци	Потенцијален пораст на транзитна миграција и притисок преку побарувања за азил
Потенцијални нови климатски миграции	Климатските промени и екстремните временски настани можат да поттикнат миграциски движења	Потреба од поголема подготвеност на системите за управување со миграцијата
Развој на регионална миграциска соработка	Зголемена координација меѓу државите од Западен Балкан и ЕУ	Подобра координација на политики и управување со миграциските текови
Раст на транснационалните миграциски мрежи и дијаспора	Дијаспората има значајна улога во олеснување на миграцијата и трансфер на знаење	Можност за политики за повратна миграција и економска соработка
Дигитализација и работата од далечина	Новите технологии овозможуваат работа без физичка миграција	Потенцијални нови форми на циркуларна или виртуелна мобилност

Идентификуваните сигнали не претставуваат сигурни предвидувања, туку рани индикации за потенцијални промени кои можат да влијаат врз идниот развој на миграциските текови. Нивното систематско следење овозможува подобро разбирање на новите трендови и навремено прилагодување на миграциските политики.

4.2 Поттикнувачи на промени (2026–2030) – DESTEP-анализа

DESTEP-анализата овозможува идентификување на структурните фактори кои можат да влијаат врз миграциските текови. Врз основа на анализата на достапните податоци и консултациите со претставниците на институциите, може да се издвојат следните клучни поттикнувачи на промени презентирани во следната табела.

Табела 6. Резултати од DESTEP анализа

Д	*Демографски фактори*	- стареење на населението; - намалување на работоспособното население; - депопулација на руралните и периферните региони; - можен пораст или стабилизација на повратната миграција.
Е	*Економски фактори*	- разлики во економскиот развој и платите во однос на ЕУ; - недостиг на работна сила во домашната економија; - подготвеност на компаниите да апсорбираат работна сила од странство; - економски циклуси и промени на пазарот на труд.
С	*Социјални фактори*	- образовни и професионални аспирации на младите; - ставови на јавноста кон странската работна сила;

		- миграциски мрежи и улога на дијаспората; - подготвеност на општеството и институциите за интеграција на странци.
Т	*Технолошки фактори*	- дигитализација на миграциските постапки; - интероперабилност на базите на податоци; - развој на административниот регистар на население; - нови форми на мобилност поврзани со дигитализација и работа од далечина.
Е	*Еколошки фактори*	- климатски промени; - природни катастрофи и еколошки ризици; - можни индиректни ефекти врз регионалните миграциски движења.
П	*Политички фактори*	- усогласување со миграциските политики и регулативата на ЕУ; - имплементација на Пактот за миграција и азил; - регионална стабилност и геополитички ризици; - капацитет на институциите за управување со миграцијата, азилот и реадмисијата.

DESTEP-анализата овозможува систематско идентификување на структурните фактори кои можат да влијаат врз идниот развој на миграциските текови. Следењето на овие индикатори обезбедува подобро разбирање на демографските, економските, социјалните, технолошките, еколошките и политичките промени кои можат да влијаат врз миграциската динамика. Ова овозможува развој на политики кои се подобро информирани и адаптивни на потенцијалните идни промени. Подолу е DESTEP-табела со конкретни индикатори релевантни за Република Северна Македонија. Табелата е формулирана со цел да даде јасни индикатори кои можат да се користат и за мониторинг на миграциските трендови.

Табела 7. Поттикнувачи на промени и индикатори за миграциските текови

Категорија	**Поттикнувач на промени**	**Пример индикатори за следење**	**Потенцијално влијание врз миграциите**
Д – Демографски фактори	Намалување на резидентното население	Вкупно резидентно население во земјата	Намалување на резидентното население
	Стареење на населението	Просечна возраст на населението	Намалување на работоспособното население и зголемена побарувачка за работна сила; интензивно демографско стареење на населението
	Намалување на работоспособното население и на работната сила	Големина на работоспособна популација; стапка на активност на работно-способно население	Потенцијален недостиг на работна сила
	Депопулација на	Намалување на	Зголемена внатрешна

	руралните подрачја и малите градови и периферните/пограничните региони	населението во општините; внатрешна миграција кон поголемите градови	и надворешна миграција
	Повратна миграција	Број на повратници; програми за реинтеграција	Можност за ублажување на демографскиот пад и трансфер на знаење и капитал
E – Економски фактори	Разлики во економскиот развој и платите со ЕУ	Просечна плата во државата во однос на ЕУ; БДП по глава на жител	Поттик за економска емиграција
	Недостиг на работна сила во домашната економија	Број на непополнети работни места по сектори; потреби на работодавачите за работна сила	Потреба од привлекување на работна сила од странство
	Користење на девизните дознаки од дијаспората за инвестиции во реалниот сектор	Број на нови бизниси од дијаспората	Намалување на интензитетот на емиграцијата
	Подготвеност на компаниите да апсорбираат работна сила од странство	Број на компании што вработуваат странци; секторска побарувачка за работна сила	Одредува дали доселувањето ќе биде одржливо и регулирано
	Економски циклуси и промени на пазарот на труд	Стапка на невработеност; секторска структура на економијата	Промени во миграциските текови и моделите на мобилност
S – Социјални фактори	Образовни и професионални аспирации на младите	Број на студенти во странство; анкети за миграциски намери	Потенцијална долгорочна емиграција
	Ставови на јавноста кон странската работна сила	Анкети за јавно мислење; општествени реакции кон мигранти	Влијае врз степенот на интеграција и социјалната кохезија
	Миграциски мрежи и улога на дијаспората	Број на населници; прилив на девизни дознаки; инвестиции од дијаспора	Поттик за нови миграциски текови, но и можност за повратна миграција
	Подготвеност на општеството и институциите за интеграција	Достапност на интеграциски програми; пристап до образование и услуги	Одредува успешност на долгорочната интеграција на странците
T – Технолошки фактори	Дигитализација на миграциските постапки	Електронски услуги за визи и дозволи; време за обработка на барања	Побрзи и поефикасни процедури за управување со легална миграција
	Интероперабилност на базите на податоци	Поврзаност меѓу институционалните	Подобра координација меѓу институциите и

		системи; размена на податоци	мониторинг на миграцијата
	Административен регистар на население	Функционалност и ажурност на регистарот	Подобро следење на демографските и миграциските движења
	Дигитална економија и работа од далечина	Процент на работа од далечина; големина на ИКТ сектор	Нови форми на мобилност и циркуларна миграција
Е – Еколошки фактори	Климатски промени	Број на екстремни временски настани	Потенцијални климатски миграции
	Природни катастрофи и еколошки ризици	Поплави, суши, пожари	Внатрешни или регионални миграциски движења
	Индиректни еколошки ефекти врз регионот	Еколошки кризи во соседни региони	Потенцијални нови миграциски текови
П – Политички фактори	Усогласување со миграциските политики на ЕУ	Транспонирање на директиви; хармонизација со ЕУ законодавство	Промени во управувањето со легалната и илегалната миграција
	Имплементација на Пактот за миграција и азил	Национални планови и механизми за имплементација	Нови институционални обврски и механизми за управување
	Регионална стабилност и геополитички ризици	Безбедносни индикатори; број на азиланти во регионот	Потенцијални транзитни миграциски текови
	Институционален капацитет за управување со миграцијата	Број и обученост на персонал; буџетски ресурси	Одредува ефикасност на системите за миграција, азил и реадмисија

Следењето на наведените поттикнувачи на промени овозможува подобро разбирање на структурните фактори кои можат да влијаат врз идниот развој на миграциските текови во Република Северна Македонија. Демографските, економските, социјалните, технолошките, еколошките и политичките фактори се меѓусебно поврзани и можат да создадат различни динамики на емиграција, имиграција и транзитна миграција.

Анализата покажува дека одредени фактори – како демографските промени, побарувачката за работна сила, усогласувањето со европските политики за миграција и институционалните капацитети за управување со миграцијата – ќе имаат особено значајно влијание врз идните миграциски процеси. Во исто време, дел од овие фактори се придружени со значително ниво на неизвесност, особено во однос на економските трендови, геополитичките процеси и општествените ставови кон миграцијата. Поради тоа, покрај идентификувањето на поттикнувачите на промени, форсајт анализата се фокусира и на утврдување на критичните неизвесности кои можат најсилно да ја обликуваат идните на миграциските текови. Овие неизвесности претставуваат основа за развој на можни сценарија за идниот развој на миграциската динамика, кои се разгледуваат во следниот дел.

4.3 Критични неизвесности за краткорочно планирање

Покрај идентификуваните трендови, консултациите со претставниците на институциите укажаа на неколку критични неизвесности кои можат значително да влијаат врз идниот развој на миграциските текови и капацитетот на институциите за нивно управување.

Во контекст на форсајт анализата, критичните неизвесности се фактори чие идно движење е тешко предвидливо, но кои можат да имаат значително влијание врз миграциската динамика и врз креирањето на јавните политики. Токму поради нивната комбинација на високо влијание и високо ниво на неизвесност, тие претставуваат клучна основа за разгледување на различни можни идни сценарија.

Врз основа на спроведената анализа и консултациите со институциите, може да се издвојат неколку критични неизвесности. Овие неизвесности беа идентификувани преку проценка на нивниот потенцијално влијание и степен на неизвесност врз идните миграциски текови:

- интензитетот на демографските промени,
- динамиката на економскиот развој во земјата и во регионот,
- ставовите на јавноста кон странската работна сила,
- способноста на економијата да апсорбира работна сила од странство,
- промените во миграциските политики на Европската Унија,
- усогласувањето со европските миграциски политики и
- потенцијални геополитички кризи и регионална нестабилност.

Овие фактори можат значително да влијаат врз обемот, структурата и насоката на миграциските текови. На пример, забрзаното демографско стареење и недостигот на работна сила можат да ја зголемат потребата од работна сила од странство, додека економските разлики и можностите за вработување во странство можат да го поттикнат иселувањето на домашното население. Во исто време, ставовите на јавноста кон миграцијата и подготвеноста на институциите за интеграција на странските работници можат значително да влијаат врз одржливоста и општествената прифатливост на овие процеси.

Дополнително, промените во миграциските политики на Европската Унија, како и можните геополитички и безбедносни кризи, можат да создадат нови миграциски притисоци или да доведат до промени во миграциските рути во регионот.

Поради тоа, анализата на овие критични неизвесности претставува основа за разгледување на различни можни минисценарија за идниот развој на миграциските текови, кои се претставени во следниот дел.

4.4 Микросценарија/можен краткорочен развој

Според критичните неизвесности идентификувани во претходниот дел, можно е да се развијат повеќе тематски сценарија кои ја разгледуваат иднината на миграциските текови од различни перспективи. Во форсајт методологијата сценаријата најчесто се развиваат

преку вкрстување на две клучни критични неизвесности, при што се создаваат четири можни идни контексти.

Со оглед на тоа што во анализата беа идентификувани повеќе критични неизвесности, во рамките на консултациите со претставниците на институциите беа разгледани различни тематски перспективи за развој на сценарија. Овие перспективи се однесуваат, меѓу другото, на економските фактори и миграциските текови, институционалните капацитети за управување со миграцијата, општествените ставови кон странската работна сила, како и регионалните и геополитичките процеси кои можат да влијаат врз миграциската динамика.

Во форсајт анализите, кога се идентификува поголем број критични неизвесности, често се применува пристап на развивање повеќе тематски групи на сценарија, при што секоја група се базира на комбинација од две клучни неизвесности. Овој пристап овозможува разгледување на различни аспекти на идниот развој на одреден феномен и обезбедува поширока аналитичка перспектива за можните идни контексти.

Во форсајт литературата[212] овој пристап се опишува и како:

- повеќекратни перспективи на сценарија (multiple scenario lenses);
- тематско разгледување на сценарија (thematic scenario exploration) и
- вгнездени групи на сценарија (nested scenario sets).

Примената на ваков пристап овозможува истовремено разгледување на повеќе потенцијални идни развои и придонесува за подобро разбирање на комплексноста на миграциските процеси.

Но, во форсајт анализите, исто така најчест пристап[213] е идентификуваните двигатели на промени и неизвесности да се групираат во неколку поширoки димензии, по што се избираат двете најкритични и најнеизвесни димензии врз основа на кои се развива рамка за сценарија. Овој пристап овозможува систематско разгледување на повеќе фактори, но истовремено создава аналитички управлива структура на сценаријата.

За потребите на овој документ ќе се пристапи кон најчесто користениот пристап, а тоа е групирањето во поширoки димензии.

Идентификуваните критички неизвесности може да се групираат во две клучни неизвесности. Следствено на тоа, анализата се фокусира на тие клучни неизвесности од

---

[212] OECD (2025). *Strategic Foresight Toolkit for Resilient Public Policy*. Paris: Organisation for Economic Co-operation and Development. Börjeson, L., Höjer, M., Dreborg, K., Ekvall, T., & Finnveden, G. (2006). *Scenario types and techniques: Towards a user's guide*. Futures, 38(7), 723–739.Bishop, P., Hines, A., & Collins, T. (2007). *The current state of scenario development: An overview of techniques*. Futures, 39(1), 5–25.

[213] Schwartz, P. (1991).*The Art of the Long View: Planning for the Future in an Uncertain World*. New York: Currency Doubleday.Van der Heijden, K. (2005).*Scenarios: The Art of Strategic Conversation (2nd ed.)*. Wiley.P. Bishop, A. Hines and T. Collins, "The Current State of Scenario Development: An Overview of Techniques," Foresight, Vol. 9, No. 1, 2007, pp. 5-25. doi:10.1108/14636680710727516. Börjeson, L., Höjer, M., Dreborg, K., Ekvall, T., & Finnveden, G. (2006).Scenario types and techniques: Towards a user's guide. *Futures*, 38(7). 723–739.OECD (2025).*Strategic Foresight Toolkit for Resilient Public Policy*. Paris: OECD.

повисоко ниво кои имаат потенцијал значително да го обликуваат развојот на миграциските текови. Секоја од избраните неизвесности опфаќа одреден опсег на можни развојни насоки, односно различни степени на интензитет и манифестација во иднина. Токму овој опсег на неизвесностите овозможува дефинирање на спротивставени или контрастни состојби кои се користат како оски на сценарио-матрицата.

Првата клучна критичка неизвесност е: Домашна економска и институционална адаптација кон миграцијата. Оваа неизвесност ги групира следните критични неизвесности: динамика на економски развој; способност за апсорпција на работна сила; демографски промени; ставови на јавноста; институционален капацитет. Сите овие неизвесности детерминираат како државата внатрешно ги менаџира миграциските притисоци. Опсегот на неизвесноста е: Ниска адаптација наспроти Висока адаптација.

Во ниска адаптација спаѓа: слаб економски раст; недостиг на институционални капацитети; негативни ставови кон работна сила од странство; слаб капацитет за интеграција.

Во висока адаптација спаѓа: стабилен економски раст; силни институционални капацитети; прифатлива социјална клима; успешна интеграција.

Втората клучна критичка неизвесност е: Надворешни миграциски притисоци и европски политики. Оваа неизвесност ги групира следните критични неизвесности: геополитички кризи; миграциски притисоци во регионот; политики на ЕУ; усогласување со европските политики. Опсегот на неизвесноста е: Низок надворешен притисок наспроти Висок надворешен притисок.

Во низок надворешен притисок спаѓа: стабилен регион; ограничени транзитни текови; стабилни ЕУ политики.

Во висок надворешен притисок спаѓа: конфликти и кризи; зголемени миграциски текови; нови рестрикции или промени.

Според тоа сценарио матрицата е следната:

Табела 8. Матрица на четири можни сценарија за анализа

	Низок надворешен притисок	**Висок надворешен притисок**
Ниска домашна адаптација	Континуирана емиграција	Миграциски притисок
Висока домашна адаптација	Циркуларна мобилност	Балансирана миграциска динамика

Првата димензија се однесува на степенот на домашна економска и институционална адаптација кон миграцијата, што ги опфаќа економскиот развој, демографските трендови,

способноста на економијата да апсорбира работна сила од странство, институционалните капацитети и општествените ставови кон миграцијата.

Втората димензија се однесува на интензитетот на надворешните миграциски притисоци и промените во европските миграциски политики, што ги вклучува геополитичките процеси, регионалната стабилност и развојот на миграциските политики на Европската унија.

Комбинацијата на овие две неизвесности овозможува разгледување на четири можни сценарија за развој на миграциските текови.

Сценарио 1 – Континуирана емиграција

Во услови на релативно стабилен регионален контекст и низок надворешен миграциски притисок, но со ограничен економски развој и недоволни институционални капацитети за управување со миграцијата, емиграцијата продолжува со висок интензитет. Главните двигатели на овој процес се економските разлики со земјите на Европската унија, повисоките плати и подобрите услови за работа во странство. Во ваков контекст се очекува продолжување на иселувањето на млади и квалификувани кадри, што дополнително може да го засили демографскиот пад и недостигот на работна сила во домашната економија. Ова сценарио создава потреба од развој на политики за задржување на населението, стимулирање на повратна миграција и подобрување на условите на домашниот пазар на труд.

Сценарио 2 – Циркуларна мобилност

Во услови на подобрена економска и институционална адаптација и релативно низок надворешен миграциски притисок, миграциските текови се карактеризираат со зголемена циркуларна мобилност. Граѓаните почесто заминуваат на привремена работа во странство, но се забележуваат и почести повратни текови кон земјата. Овој модел на мобилност може да придонесе за трансфер на знаење, инвестиции и професионални вештини. Во ваков контекст се отвораат можности за развој на политики кои ќе ја поддржат циркуларната миграција, ќе го поттикнат ангажманот на дијаспората и ќе создадат услови за повратна миграција.

Сценарио 3 – Миграциски притисок

Во услови на низок степен на домашна адаптација и висок надворешен миграциски притисок, како резултат на геополитички конфликти, регионална нестабилност или економски кризи, може да се појави зголемен транзит на мигранти низ регионот. Како земја која се наоѓа на важни транзитни рути, Република Северна Македонија може да се соочи со поголем број нерегуларни преминувања на границите и зголемен број баратели на азил. Во ова сценарио институциите се соочуваат со засилен притисок врз системите за управување со миграцијата, граничната контрола и системазил. Главен предизвик претставува потребата од зајакнување на институционалните капацитети, подобрување на координацијата меѓу институциите и засилување на регионалната и меѓународната соработка.

Сценарио 4 – Балансирана миграциска динамика

Во услови на подобрен економски развој, посилни институционални капацитети и релативно стабилен регионален контекст, миграциските текови постепено се стабилизираат. Емиграцијата се намалува, додека истовремено се појавуваат нови текови на доселување на работна сила од странство како одговор на потребите на домашната економија. Во вакво сценарио се зголемува значењето на политиките за управување со легалната миграција, интеграцијата на странските работници и привлекувањето на квалификувана работна сила. Истовремено се создаваат услови за поголема економска стабилност, подобро управување со демографските предизвици и поодржлива миграциска динамика.

Сценаријата не претставуваат предвидувања за идниот развој на миграциските текови, туку аналитичка рамка која овозможува разгледување на различни можни идни контексти и нивните импликации за јавните политики. Нивната цел е да придонесат за подобро разбирање на потенцијалните ризици и можности и да овозможат развој на политики кои се поотпорни и поадаптивни на неизвесност.

Со цел подобро следење на можниот развој на миграциските текови и навремено препознавање на промени кои можат да укажат на развој на едно од претставените сценарија, корисно е да се следат одредени индикатори за рано предупредување. Овие индикатори претставуваат сигнали кои можат да укажат дека одредени трендови почнуваат да се засилуваат или дека се појавуваат нови динамики во миграциските процеси. Во тој контекст, корисно е да се следат и индикатори поврзани со климатските ризици и екстремните временски појави, кои можат индиректно да влијаат врз економските активности, условите за живот и потенцијалната мобилност на населението.

Табела 9. Индикатори за рано следење на развојот на сценаријата

Сценарио	Потенцијални рани сигнали (early warning indicators)	Можни извори на податоци	Потенцијални импликации за политики
Континуирана емиграција	Континуиран раст на бројот на македонски државјани кои добиваат дозволи за престој и работа во ЕУ; зголемен број на млади кои студираат во странство; раст на дознаките од дијаспората; намалување на работоспособното население	Eurostat, Државен завод за статистика, Министерство за внатрешни работи, Светска банка, национални статистики на земјите на ЕУ	Зајакнување на политики за задржување на работна сила; подобрување на условите на домашниот пазар на труд; стимулирање на повратна миграција и ангажман на дијаспората
Циркуларна мобилност	Зголемување на краткорочни работни договори во	Eurostat, Државен завод за статистика, Агенција за	Развој на програми за циркуларна миграција; поддршка

	странство; раст на повратни миграции; зголемена економска активност и инвестиции од дијаспората; раст на програми за привремена мобилност	вработување, Министерство за економија и труд, Министерство за социјална политика, демографија и млади	на инвестиции од дијаспората; мерки за трансфер на знаење и вештини
Миграциски притисок	Нагло зголемување на нерегуларни преминувања на границите во регионот; раст на број на баратели на азил; зголемена активност на мрежи за криумчарење на мигранти; раст на миграциски текови долж балканската рута	ФРОНТЕКС, ИОМ, УНХЦР, регионални извештаи, Министерство за внатрешни работи (гранична полиција)	Засилување на управувањето со границите; подобрување на системот за азил; зајакнување на регионалната и меѓународната соработка
Балансирана миграциска динамика	Стабилизација или намалување на бројот на иселувања; зголемување на повратни миграции; раст на вработеноста и економската активност; зголемен број на дозволи за работа за странски работници	Државен завод за статистика, Евростат, Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија и труд, Агенција за вработување	Развој на политики за интеграција на повратници; управување со легалната миграција; привлекување квалификувана работна сила

Систематското следење на овие индикатори може да помогне за навремено да се идентификуваат потенцијалните промени во миграциските текови и да се приспособат политиките и мерките во согласност со новонастанатите услови. Во табелата погоре се прикажани пример-индикатори кои можат да послужат како механизам за рано предупредување за развој на различните сценарија.

4.5 Импликации за развој на политики

Резултатите од форсајт анализата укажуваат дека идниот развој на миграциските текови ќе биде под влијание на повеќе меѓусебно поврзани фактори, вклучително демографските трендови, економскиот развој, регионалните миграциски динамики и институционалните капацитети за управување со миграцијата. Анализата на можните сценарија покажува дека миграциските текови во наредниот период можат да се развиваат во различни насоки, што бара развој на политики кои се флексибилни, адаптивни и отпорни на неизвесност.

Во овој контекст, форсајт анализата укажува на неколку клучни насоки за развој на миграциската политика.

- **Зајакнување на институционалните капацитети за управување со миграцијата.** Независно од сценариото, институциите ќе треба да располагаат со соодветни административни, технички и аналитички капацитети за управување со миграциските процеси, вклучително управување со легалната миграција, азилот, реадмисијата и интеграцијата на странските работници.

- **Развој на политики за управување со легалната миграција и интеграција на странски работници.** Со оглед на можниот недостиг на работна сила и демографските трендови, важно е да се развиваат механизми за управување со легалната миграција и интеграцијата на странските работници, со цел да се задоволат потребите на пазарот на трудот и да се обезбеди одржлив развој на истиот.

- **Поддршка на циркуларната миграција и ангажманот на дијаспората.** Во сценарија кои предвидуваат зголемена мобилност, важна улога може да имаат политики кои го поттикнуваат ангажманот на дијаспората, инвестициите, трансферот на знаење и повратната миграција.

- **Зајакнување на системите за следење и анализа на миграциските текови.** Континуираното следење на индикаторите за рано предупредување може да им помогне на институциите навремено да ги препознаат промените во миграциските трендови и да ги прилагодат политиките и мерките во согласност со новите услови. Во тој контекст, важно е да се следат и потенцијалните влијанија на климатските промени врз мобилноста на населението, како и да се интегрираат релевантни показатели поврзани со климатските ризици и адаптацијата во системите за анализа и планирање на миграциските политики.

- **Развој на механизми за регионална и меѓународна соработка.** Со оглед на можните регионални миграциски притисоци и геополитички фактори, важно е да се продолжи со развојот на регионалната и меѓународната соработка во управувањето со миграцијата.

Севкупно, форсајт анализата овозможува систематско разгледување на трендовите, структурните поттикнувачи на промени и критичните неизвесности кои можат да влијаат врз идниот развој на миграциските текови во Република Северна Македонија. Комбинацијата на хоризонтско скенирање, DESTEP-анализа, сценарија и индикатори за рано следење овозможува подобро разбирање на потенцијалните ризици и можности поврзани со миграцијата во периодот 2026–2030. Овој пристап придонесува за развој на политики кои се поинформирани, пофлексибилни и поотпорни на неизвесност, овозможувајќи им на институциите навремено да се подготват за различните можни идни динамики на емиграција, имиграција и транзитна миграција. На тој начин, форсајт анализата претставува важна аналитичка основа за долгорочно и стратешко управување со миграциските процеси.

III. МИГРАЦИСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2026–2030

1. Стратешки/конкретни цели и очекувани резултати на миграциската политика

Промените на особеностите на легалната и илегалната миграција во периодот по 2020 година, утврдените предизвици на миграциите од аспект на нивната условеност и влијание врз демографскиот и социоекономскиот развој на земјата, потоа потребата за натамошно усогласување на легислативата и примена на меѓународните стандарди, како и евалуацијата на реализираните цели од претходната Резолуција на миграциската политика, го детерминираа утврдувањето на стратегиските области и цели, конкретните стратегиски цели и очекуваните резултати на Резолуцијата на миграциската политика за периодот 2026-2030 година. Тие се претставени во Табела 10.

Табела 10. Стратегиски области, стратегиски цели, конкретни цели и очекувани резултати

Стратегиска област 1: ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА[214]		
Стратегиска цел	**Конкретна цел**	**Очекувани резултати**
1.1:Зајакнување на капацитетите и координативната улога на Меѓуресорската група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	1.Зајакнување на капацитетите на Меѓуресорската група за ефикасно и ефективно спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	1. Зајакнати капацитети на Меѓуресорската група за ефикасно и ефективно спроведување на миграциската политиката на Република Северна Македонија
	2. Зајакнување на координативната функција на Меѓуресорската група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	1. Зајакната координативна улога на Меѓуресорската група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија за, следење и проценка на состојбите со надворешната миграција
Стратегиска област 2: ВЕРОДОСТОЈНИ, РЕЛЕВАНТНИ И АЖУРИРАНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАДВОРЕШНИТЕ МИГРАЦИИ[215]		

[214] Кореспондира со Националната Развојна Стратегија 2024-2044, наслов Одговор на политиките, точка 19. Системски пристап кон подготвување и спроведување на стратегиите. Подготовката и спроведувањето на стратегиите треба да се темели на широка меѓусекторската координација на различни нивоа на управување, меѓу другото, и преку зајакнување на соработката меѓу централната и локалната власт. Интегрирањето на различните аспекти и интереси на засегнатите страни ја зајакнува сопственоста над стратегиите, при што стратегиите и политиките што произлегуваат од нив се конзистентни и одржливи.

[215] Придонесува кон Националната Развојна Стратегија 2024-2044, 5.3. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ДЕМОГРАФСКА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН РАЗВОЈ, цел 1. 1. Балансирани и одржливи демографски движења; точка 5 СИСТЕМСКО УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНИ И СО НАДВОРЕШНИ МИГРАЦИСКИ ТЕКОВИ. Со собирање

Стратегиска цел	Конкретна цел	Очекувани резултати
2.1: Обезбедување релевантни статистики и информации за легалните и илегалните миграциски движења на Република Северна Македонија	3.Собирање и користење на точни и дезагрегирани податоци за надворешните миграции, како основа за градење на политики базирани на докази	1.Обезбедени релевантни, дезагрегирани и навремени податоци за надворешните миграции на Република Северна Македонија
	4. Обезбедување на докази за правен идентитет и соодветна документација за неевидентираните лица и унапредување на регистрите за население.	1.Обезбедени правни можности за утврдување идентитет на лице без граѓански статус и стекнување државјанство на лицата без државјанство во Република Северна Македонија. Пореално утврдување на бројот на македонските државјани кои живеат во други земји
Стратегиска област 3: УПРАВУВАЊЕ СО ЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА - ИСЕЛУВАЊЕ / ДОСЕЛУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[216]		
Стратегиска цел	**Конкретна цел**	**Очекувани резултати**
3.1: Намален интензитет на трајните иселување во странство, преку континуирано адресирање на причините за емиграција	5. Стратешки пристап за минимизирање на неповолните двигатели и структурни фактори што влијаат врз трајното иселување на граѓаните на Република Северна Македонија во странство	1. Утврдена регулаторна рамка на миграциите и преземени активности за намалување на интензитетот на трајната емиграција во странство врз основа на идентификувани поттикнувачки (push) фактори
	6. Подобрување на достапноста и флексибилноста на патиштата за регуларна циркуларна миграција	1.Обезбедени се потребните претпоставки за регулиран пристап на граѓаните на Република Северна Македонија до пазарот на труд во земјите на прием
3.2: Зголемен интензитетот на враќање на	7. Поддршка на повратните текови, развој на вештини и	1. Создадени претпоставки за зголемено враќање на граѓаните на Република Северна Македонија од

и со анализа на податоци, земјата може подобро да ги разбере миграциските трендови, да ги препознае клучните двигатели и да одговори проактивно на внатрешните и на надворешните миграциски предизвици, потоа да управува со предизвиците поврзани со младите и нивниот миграционен потенцијал односно нивните миграционен намери како и факторите кои придонеле за таквите одлуки.

[216] Придонесува кон Националната Развојна Стратегија 2024-2044, 5.3. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ДЕМОГРАФСКА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И СОЦИЈАЛЕН И КУЛТУРЕН РАЗВОЈ, цел 1.1. Балансирани и одржливи демографски движења. Во Република Северна Македонија е потребно да се создаваат политики што ќе ги задржат младите луѓе, но и работоспособните луѓе во државата, политики за поддршка на семејствата за зголемување на стапката на наталитет, како и конкретни мерки за задржување на луѓето во одредено место на живеење, да имаат солидни услови за живот и можности за личен и за професионален развој.

граѓаните на Република Северна Македонија од странство	олеснување на меѓусебното препознавање на вештините, квалификациите и компетенциите	странство и овозможено меѓусебното препознавање на вештините, квалификациите и компетенциите
Стратегиска област 4: УПРАВУВАЊЕ СО ЛЕГАЛНА ИМИГРАЦИЈА - ВЛЕЗ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[217]		
Стратегиска цел	**Конкретна цел**	**Очекувани резултати**
4.1 Политика за прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во Република Северна Македонија	8. Идентификување на потребите и креирање на политика за прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата.	1. Примена на холистички пристап за прием на работна сила од странство, врз основа на утврдени дефицити и во функција на намалување на структурната неусогласеност на понудата и побарувачката на работна сила на македонскиот пазар на трудот.
4.2: Унапредување на регулативата и јакнење на капацитетите за влез и престој на странци, визниот режим и визната политика	9. Усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите во делот на движење и престој на странци, и измени / дополнувања на законодавството согласно дефинираните национални интереси	1.Хармонизирано национално законодавство согласно ЕУ регулативата во однос на престојот на странци по различни основи, и негово унапредување согласно идентификуваните национални интереси
	10. Натамошно јакнење на капацитетите на службите на институциите надлежни за прашања поврзани со влез и престој на странци	1. Зајакнати кадровски капацитети на организациските единици во МВР и други институции надлежни за постапување по прашања поврзани со престој на странци.
		2.Унапредени материјално - технички капацитети на организациските единици во МВР и други институции надлежни за постапување по прашања поврзани со престој на странци.
		3.Зајакнати организациски капацитети на организациските единици во МВР и други

[217] Придонесува кон Националната Развојна Стратегија 2024-2044, 5.1. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ОДРЖЛИВА, ИНОВАТИВНА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА, 3. Работна сила што ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд. Приоритет 6. РЕГУЛИРАНА ЛЕГАЛНА ИМИГРАЦИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НЕДОСТИГОТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД.

		институции надлежни за постапување по прашања поврзани со престој на странци.
	11. Натамошно усогласување на визниот режим и визната политика согласно ЕУ регулативата	1. Визниот режим и визната политика во целост се усогласени со ЕУ Регулативата
	12. Јакнење на институционалните капацитети во областа на визниот режим и визната политика и унапредување на Националниот виза информативен систем (Н-ВИС)	1. Развиена државна стратегија за визна политика во согласност со стратешкиот план
		2.Зајакнати се институционални капацитети на МНРНТза ефикасно спроведување на визниот режим и Н-ВИС
4.3: Унапредување на воспоставениот систем за азил и зголемување на неговата ефикасност и ефективност во согласност со европските и меѓународните стандарди	13. Зајакнување на системот за спроведување на постапките за барателите на право на азил и нивното згрижување.	1. Зајакнати институционални капаците и создадени услови за ефикасна и ефективна постапка за азил
		2. Унапредени капацитети на професионалците кои работат на постапките за азил
		3. Подобрени капацитети на Прифатен Центар за баратели на азил
		4. Зајакнати институционални капацитети и подобрена соработка со релевантни меѓународни партнери преку размена на искуства, знаење и добри практики во областа на азилот и меѓународната заштита
		5. Зајакнување на квалитетот на проценката и првостепените одлуки за азил
		6. Зајакната внатрешна и надворешна координација
	14.Континуирано обезбедување на пристап до правата на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита	1.Обезбеден е ефикасен пристап до правата според меѓународните стандарди на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита

Стратегиска област 5: СУЗБИВАЊЕ НА ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА[218]		
Стратегиска цел	**Конкретна цел**	**Очекувани резултати**
5.1: Натамошно јакнење на националните капацитети за откривање и спречување на илегалната миграција	15. Натамошно јакнење на капацитетите за навремено откривање и спречување на незаконско минување на државната граница, незаконско движење и незаконски престој на територијата на државата	1. Обидите за незаконско движење преку државната граница и во внатрешноста навремено се откриваат и процесираат
	16. Натамошно јакнење на националниот механизам за враќање на странски државјани со незаконски престој во државата	1. Странците кои незаконски престојуваат во државата се процесираат и се враќаат (доброволно или присилно) во своите земји на потекло или во трети земји во согласност со ЕУ регулативите и добрите практи
	17. Натамошно јакнење и одржување на потребното ниво на гранична безбедност преку подобрување на институционалните, кадровските, техничките и инфраструктурните капацитети и унапредување на соработката на сите нивоа	1. Националниот систем за интегрирано гранично управување е развиен и функционира согласно Европското ИГУ и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM)
Стратегиска област 6: ГРАДЕЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА МИГРАЦИИТЕ.[219]		
Стратегиска цел	**Конкретна цел**	**Очекувани резултати**
6.1: Проширување на меѓународната соработка и	18. Зајакнување на меѓународната соработка и глобалните	1.Воспоставен и се партнерства и подобрена е меѓународната соработка во однос на легалната и

[218] Придонесува кон Националната Развојна Стратегија 2024-2044 5.5. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: СИГУРНО, БЕЗБЕДНО И ОТПОРНО ОПШТЕСТВО, цел 3. Интегралната безбедност како клуч за справување со предизвиците поврзани со безбедноста и со надворешната политика. Приоритет. 1. МОДЕРЕН КОНЦЕПТ ЗА СОЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА. Концептот за интегрална безбедност на Република Северна Македонија ќе овозможи соодветен одговор на новите и поширокитe потенцијални закани за безбедноста, пред сè економскиот развој, уништувањето на животната средина, прекршување на човековите права и миграциските движења.

[219] Кореспондира со Националната Развојна Стратегија 2024-2044, наслов Одговор на политиките, точка: 4. Соработката меѓу различни чинители овозможува постигнување подобри резултати; 5. Меѓусекторска соработка што обезбедува вклучување на сите засегнати страни; 6. Јавните услуги се дизајнираат според потребите на корисниците и ефикасноста /ефективноста во нивното обезбедување; и 11. Донесувањето одлуки и креирањето политики се засновани на податоци и докази.

глобалните партнерства за различни аспекти на надворешните миграции	партнерства за безбедна, уредена и редовна миграција	илегалната миграција
	19.Градење на партнерства со цел обезбедување на точни и навремени информации во сите фази на миграцијата	1.Воспоставени се партнерства и обезбедени навремени и веродостојни информации и податоци во сите фази на миграциските движења

2. Мерки на миграциската политика базирани на форсајт методологија

Имајќи ја предвид неизвесноста поврзана со идниот развој на миграциските текови, од особено значење е развојот на политики кои се робустни и применливи во различни можни идни контексти. Независно од тоа кое од разгледаните сценарија ќе се приближи до реалниот развој на миграциските процеси, одредени мерки се неопходни за обезбедување ефективно управување со миграцијата.

Мерките на миграциската политика претставени тука се развиени врз основа на резултатите од форсајт анализата презентирана во претходниот дел од документот. Во рамките на таа анализа беа идентификувани клучни сигнали на промени, структурни поттикнувачи и критични неизвесности, врз основа на кои беа развиени четири можни сценарија за идниот развој на миграциските текови. Сценаријата не претставуваат предвидување на иднината, туку аналитичка алатка која овозможува разгледување на различни можни идни контексти и нивните импликации за јавните политики.

Во овој контекст, сценаријата се користат како рамка за идентификување на клучните приоритети на миграциската политика во различни можни услови. Тие овозможуваат подобро разбирање на тоа како одредени фактори – како економскиот развој, демографските трендови, геополитичките процеси или промените во европските миграциски политики – можат да влијаат врз миграциската динамика и врз потребата од различни политики и мерки.

Конкретните активности и мерки за спроведување на миграциската политика се разработени во Акциониот план за имплементација на миграциската политика 2026–2030, кој е структуриран по тематски области. Мерките наведени тука не претставуваат посебен сет на активности надвор од Акциониот план, туку ги претставуваат стратешките насоки и приоритети кои се релевантни во различни можни сценарија на развој на миграциските текови. Со други зборови, сценаријата служат како аналитичка рамка која помага да се утврди кои политики и мерки ќе бидат од особено значење во различни идни контексти, додека Акциониот план обезбедува конкретна операционализација на тие мерки преку дефинирани активности, институционални носители, рокови и индикатори за реализација.

Овој пристап овозможува миграциската политика да биде пофлексибилна и адаптивна на неизвесностите поврзани со идниот развој на миграциските текови, и придонесува за развој

на политики кои се поотпорни и подобро подготвени за различни можни идни динамики. Во оваа насока, без разлика на опишаните микросценарија, се предвидуваат следниве општи мерки:

- зајакнување на институционалните капацитети за управување со миграцијата;
- унапредување на координацијата меѓу институциите преку Меѓуресорската група за миграции;
- подобрување на системите за прибирање и анализа на податоци за миграциите;
- усогласување со европските миграциски политики и имплементација на релевантните меѓународни обврски и
- зајакнување на регионалната и меѓународната соработка.

2.1 Мерки во услови на различни сценарија

Сценарио 1 – Континуирана емиграција

Во услови на континуирана емиграција и ограничена економска адаптација, приоритет имаат политики насочени кон задржување на населението и намалување на негативните демографски и економски последици.

За ова сценарио, следниве предвидени мерки се значајни:

- подобрување на условите на пазарот на труд;
- стимулирање повратна миграција;
- зајакнување на врските со дијаспората и
- развој на програми за трансфер на знаење и инвестиции од дијаспората.

Сценарио 2 Циркуларна мобилност

Во услови на подобрена економска адаптација и зголемена мобилност, миграциските текови се карактеризираат со почести привремени движења и повратни текови.

За ова сценарио, следниве предвидени мерки се значајни:

- развој на програми за циркуларна миграција;
- поддршка на инвестиции и претприемништво од дијаспората;
- програми за трансфер на знаење и професионални вештини и
- олеснување на административните процедури за повратници.

Сценарио 3 – Миграциски притисок

Во услови на зголемен регионален миграциски притисок и ограничена домашна адаптација, приоритет има зајакнувањето на системите за управување со миграцијата.

За ова сценарио, следниве предвидени мерки се значајни:

- зајакнување на управувањето со државната граница;
- подобрување на системот за азил;
- борба против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе и
- зајакнување на регионалната и меѓународната соработка.

Сценарио 4 – Балансирана миграциска динамика

Во услови на подобрена економска и институционална адаптација и стабилен регионален контекст, миграциските текови постепено се стабилизираат.

Во ова сценарио приоритет имаат политиките насочени кон:

- управување со легалната миграција;
- креирање политики за справување со недостигот на работна сила во дефицитарни сектори;
- интеграција на странските работници и
- подобро управување со демографските предизвици.

Проактивно следење на миграциските трендови

Воспоставувањето систем за континуирано следење на миграциските трендови, кој ќе овозможи навремено идентификување на нови сигнали и потенцијални промени во миграциската динамика е од особена важност. Овој систем треба да се базира на комбинација од статистички податоци, административни извори и аналитички инструменти како скенирање на хоризонтот и анализа на двигателите на промени во текот на временскиот период 2026-2030 година.

Ваквиот пристап овозможува институциите да развијат подобро разбирање за факторите кои влијаат врз миграциските текови, како што се демографските трендови, економските услови, промените на пазарот на труд и геополитичките случувања.

Во оваа насока се предвидуваат мерки за:

- подобрување на системите за прибирање и обработка на податоци за миграциите;
- унапредување на аналитичките капацитети на институциите;
- развој на интегрирани бази на податоци и
- примена на форсајт методологија во следењето и анализата на миграциските трендови.

Зајакнување на институционалната подготвеност за управување со миграциски кризи

Искуствата од последната деценија покажуваат дека миграциските текови можат значително да се променат под влијание на надворешни шокови како: геополитички конфликти, економски кризи или здравствени закани.

Поради тоа, миграциската политика треба да предвиди механизми за навремена подготовка и управување со потенцијални миграциски кризи. Една од основните мерки за ефективно спроведување на миграциската политика е зајакнување на институционалната координација меѓу релевантните институции. Во оваа насока се предвидува:

- зајакнување на капацитетите и координативната улога на Меѓуресорската група за миграции;
- проширување на составот на *телото* со претставници на релевантни институции и организации;
- унапредување на процедурите и правилата за работа на Меѓуресорската група и
- подобрување на координацијата во процесот на креирање и спроведување на миграциските политики.

Овие мерки имаат за цел да обезбедат поефикасна институционална координација и подобро управување со миграциските процеси.

3. Мониторинг и евалуација

Мониторингот и евалуацијата се клучни за успешна реализација на стратешки документи и политики. Мониторингот или следењето е континуиран процес преку кој се обезбедува редовна повратна информација за напредокот во остварување на зацртаните цели. Во контекст на реализацијата на Резолуцијата на миграциската политика мониторингот се однесува на систематско набљудување и документирање на активностите, потоа прибирање на информации и проверка на напредокот на активностите, како и набљудување на промените на миграциските процеси во ôд. Тоа е механизам за подобрување на транспарентноста во процесот на спроведување на миграциската политика, кој поттикнува учество на засегнатите страни во спроведувањето на конкретните цели, зголемување и специфицирање на одговорноста на надлежните субјекти во делот на имплементација на предвидените мерки и активности.

Евалуацијата или проценката е објективна оценка на тековни или завршени интервенции за утврдување на степенот на реализација на поставените цели. Од аспект на имплементацијата на миграциската политика евалуацијата се однесува на периодична анализа на спроведувањето на активностите, споредба на планираните со реалните постигнувања, како и согледување на причините за отсуството или делумната реализација на активностите. Во овој документ евалуацијата значи проценка и анализа на резултатот од спроведената миграциска политика, заснована врз постигнатото влијание и ефективност, како и во поглед на обезбедениот потенцијал за одржливост. Евалуацијата треба да се изврши врз основа на претходно експлицитно дефинирани критериуми и утврдени стандарди во согласност со добрата меѓународна практика.

Периодичното следење на реализацијата на Резолуцијата го спроведува Меѓуресорската група преку евалуација на нивото на реализација на конкретните стратешки цели и за нив предвидените активности во Акциониот план. Финалната проценка за имплементацијата на Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030, ќе се изврши по истекот на планираниот период за нејзино спроведување од страна на независен проценувач. Конечното оценување на спроведената Резолуција за миграциската политика

ќе ги вклучува следниве елементи: Индикатори за целите на резолуцијата; Значење на целите; Ефективност на целите; Индикатори на мерки; Ефективност на мерките; Влијание на мерките; Одржливост на мерките; Научени лекции; Препораки за управување со ризик; Препораки за ефикасно и одржливо спроведување на резолуцијата и Препораки за идните цели и мерки.

Со цел постигнување на горенаведените цели, во Резолуцијата се предвидени следниве мерки и механизми:

- полугодишно известување од страна на вклучените надлежни институции до Меѓуресорската група за преземените мерки и активности согласно со Акцискиот план,
- изготвување Годишен оперативен план за спроведување на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика,
- изготвување Годишен извештај за согледување на нивото на реализација и проценка на исполнетоста на предвидените активности во Акцискиот план,
- утврдување на потребата за унапредување на националниот капацитет за анализирање, креирање и имплементирање на миграциската политика и
- спроведување независна евалуација (оценување) на исполнетоста на Резолуцијата на миграциска политика на Република Северна Македонија 2026-2030 по завршување на периодот на имплементација на Резолуцијата во 2030 година.

Мониторингот и евалуацијата на реализацијата на националната миграциска политика на Република Северна Македонија е во надлежност на Меѓуресорската група за нејзино спроведување. За таа цел во подржувачката рамка на документот предвидено е зајакнување на капацитетите на Меѓуресорската група за ефикасно и ефективно спроведување на миграциската политика преку ажурирање на Правилникот за работа и обуки за јакнење на капацитетите на нејзините членови.

4. Финансирање на миграциската политика

Реализацијата на мерките и активностите на Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година ќе се финансира од буџетот на Владата на Република Северна Македонија и/или буџетите на надлежните министерства и други државни институции. Освен тоа,значителен дел од активностите ќе се реализираат со финансиска поддршка на меѓународните организации, кои дадоа мошне голем придонес за имплементацијата на миграциската политика на земјата во периодот по 2009 година, како и донации од други институции. Освен тоа, треба да се има предвид дека за реализацијата на дел од мерките и активностите нема финансиски импликации. При носењето на одлуките за финансирање, треба да се имаат предвид приоритетите и очекуваниот позитивен ефект од имплементацијата на одделни мерки и активности на оваа политика, нивната заемна поврзаност и последователност од аспект на креирањето на предвидените стратешки документи и политики, како и влијанието врз унапредувањето на развојот на земјата.

5. Информирање на јавноста и засегнатите страни за целите и исходите на миграциската политика

Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2026-2030 година е документ кој третира комплексна проблематика која директно и/или индиректно е од интерес на речиси сите институции во земјата, но и на поширокатa јавност. Известувањето на јавноста за целите и исходите на миграциската политика ќе се одвива во неколку фази и на различни нивоа. Тоа ќе се реализира во функција на:

- *Известување на јавноста* - владините институции и агенции, невладините организации, здруженија на граѓани и поширокатa јавност по усвојувањето на документот. Притоа, би биле претставени целите, мерките и активностите на миграциската политика, надлежните институции и временската рамка на нивната реализација и очекуваните исходи;

- *Идентификување на јавната одговорност* на надлежните министерства и други институции за напредокот при реализацијата на целите на политиката и исполнетоста на очекуваните исходи;

- *Јавно промовирање на Годишните извештаи* на Меѓуресорската група за спроведување на миграциска политика;

- *Организирање на Работилница за годишен преглед на имплементацијата* на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика;

- *Јавна едукативна и информативна кампања* за развивање на широка поддршка на миграциската политика на поширокатa јавност и

- *Унапредување на партнерството и соработката* со земјите на потекло и на дестинација, потоа со регионалните и меѓународните организации, како и невладините и други организации на граѓанското општество, приватниот сектор и другите релевантни чинители.

Во услови на зголемен интерес на јавноста за миграциските процеси, особено во делот на надворешните миграции неспорна е потребата за нејзино навремено и сеопфатно информирање. За таа цел, предвидена е можноста за креирање на централизирана и јавно достапна национална веб-страница за да се направат достапни информациите за миграциите. Оваа активност ќе биде во надлежност на Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија.

6. Предизвици во имплементацијата на миграциската политика

Имплементацијата на миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2026-2030 година ќе се одвива во услови на динамични глобални процеси кои можат значително да влијаат врз особеностите на легалните и илегалните движења, трендот на промени на нивните особености по 2026 година, условени од многубројни чинители на национално ниво и во меѓународни рамки, како и последиците и импликациите врз севкупниот развој на Република Северна Македонија.

Комплексноста на миграцијата како мултидимензионален феномен, поврзан со демографските, економските, безбедносните и политичките процеси, наметнува потреба од

континуирана адаптација на политиките и институционалните механизми за управување со миграциите. Во овој контекст, имплементацијата на утврдените цели и мерки може да се соочи со повеќе категории на предизвици.

Прво, значаен предизвик претставуваат **надворешните и геополитичките фактори** кои влијаат врз миграциските текови. Вооружените конфликти, економските кризи и климатските промени можат да предизвикаат зголемени миграциски притисоци и непредвидливи промени во динамиката на движењето на населението. Како земја која се наоѓа на западнобалканската миграциска рута, Република Северна Македонија може да биде изложена на зголемени транзитни миграциски текови и мешани миграциски движења.

Второ, **демографските и економските предизвици** претставуваат важен фактор кој влијае врз успешноста на миграциската политика. Континуираната емиграција на населението, особено на младата и квалификуваната работна сила, има значајни импликации врз демографската структура, пазарот на трудот и долгорочниот социоекономски развој на земјата. Во исто време, растечкиот дефицит на работна сила создава потреба за внимателно дизајнирана политика за прием и интеграција на работна сила од странство.

Трето, **институционалните и административните капацитети** претставуваат важен предуслов за ефективна имплементација на миграциската политика. Иако во последните години е постигнат напредок во развојот на правната и институционалната рамка, останува потребата од натамошно јакнење на координацијата меѓу институциите, подобрување на административните капацитети и унапредување на механизмите за мониторинг и евалуација на политиките. Особено значајна е улогата на Меѓуресорската група за миграции во обезбедувањето на ефективна координација меѓу релевантните институции.

Четврто, **ограничената достапност на целосни и конзистентни податоци за миграциите** може да претставува предизвик за развојот и спроведувањето на политики базирани на докази. При конципирање, реализација и евалуација на соодветни мерки и активности на миграциската политика за периодот 2026-2030 година треба да се има во предвид недостигот на сеопфатни и конзистентни статистички податоци за различните аспекти на легалната и илегалната миграција од домашни и странски извори на податоци. Без релевантни податоци за обемот и структурните белези на надворешните миграции, не ќе може да се следат промените и да се прави веродостојна евалуација на резултатите од примената на мерките и активностите на новата Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија. Подобрувањето на системите за собирање, обработка и анализа на податоци за миграциските текови, како и за движењето на македонските граѓани во странство, останува значаен приоритет.

Петто, **предизвиците поврзани со интеграцијата на странските државјани и социјалната кохезија** можат да добијат поголемо значење во услови на постепено зголемување на бројот на странци кои престојуваат и работат во земјата. Во таа насока, потребно е развивање на соодветни политики за нивна институционална и општествена интеграција, како и за обезбедување пристап до основните права и услуги.

Шесто, подготовката на Резолуцијата се одвиваше преку инволвирање и консултирање на сите засегнати страни. Оттаму, еден од клучните предизвици за нејзина успешна имплементација е **силна координација на активностите** и широк консензус на сите инволвирани институции и организации. Претставниците на меѓународните организации со своите активности даваат голем придонес при креирањето на политиките во областа на миграциите и континуирано настојуваат да ги пренесат новите пристапи кои се имплементираат во меѓународни рамки. Тоа претпоставува подготвеност и посветеност на институциите за примена на иновативни пристапи во управувањето со миграциските процеси.

Конечно, имплементацијата на миграциската политика ќе зависи и од **степенот на усогласување со европските политики и стандарди во областа на миграцијата и азилот**, што претставува важен аспект во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија. Легислативата во областа на различните аспекти на легалните и нелегалните надворешни миграции во последната деценија беше често менувана и дополнувана. Република Северна Македонија има релативно солидна правната рамка во областа на миграциите. Сепак, останува предизвикот во насока на нејзина континуирана хармонизација со регулативата на ЕУ и надминување на тековните проблеми условени од регулаторните ограничувања во делот на нејзината имплементација.

Со цел успешно справување со овие предизвици, неопходно е континуирано јакнење на институционалниот капацитет, подобрување на координација меѓу институциите, развој на политики базирани на податоци и докази, како и активна меѓународна и регионална соработка. Во исто време, примената на пристапи базирани на стратешки форсајт овозможува подобро разбирање на можните идни промени и придонесува за развој на пофлексибилни и адаптивни политики за управување со миграцијата.

Искуствата од степенот на имплементација на претходните Резолуции на миграциската политика укажуваат дека воспоставувањето на ефективен систем за мониторинг на нивната реализација претставува важна претпоставка за доследно спроведување на миграциската политика за периодот 2026–2030 година. Таквиот систем треба да обезбедува навремено идентификување на евентуалните слабости во имплементацијата и да овозможи навремена корекција или прилагодување на предвидените мерки и активности.

IV. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МИГРАЦИСКАТА ПОЛИТИКА 2026–2030

1. Методологија на Акцискиот план

Акцискиот план за имплементација на Миграциската политика 2026–2030 претставува оперативна рамка за спроведување на стратешките цели дефинирани во оваа резолуција. Неговата подготовка се заснова на комбинација од стратешко планирање, форсајт анализа и консултативен процес со надлежните институции, со цел да се обезбеди реалистичен, координиран и институционално изводлив план за дејствување.

Во процесот на подготовка на акцискиот план беа организирани серија на средби со претставници од релевантните институции, во рамките на Меѓуресорското тело. На одредени средби целта беше да се операционализира форсајт анализата содржана во оваа резолуција и да се трансформираат идентификуваните трендови, ризици и сценарија во конкретни политики и мерки.

Во рамките на средбите, институциите работеа во тематски групи (податоци за миграции, легална миграција, азил и нерегуларна миграција, емиграција и меѓународна соработка) и заеднички идентификуваа приоритетни мерки, институционални улоги, рокови и индикатори за следење на напредокот.

Методолошкиот пристап се заснова на три комплементарни чекори:

- идентификување стратешки ризици и надворешни шокови,
- примена на бекастинг за поврзување на визијата за 2030 со конкретни политики и
- развивање на акциска матрица и рамка за мониторинг.

Овој пристап овозможува Акцискиот план да биде усогласен со реалните институционални капацитети, адаптибилен на можниот иден развој и подготвен за справување со различни сценарија на миграциски текови.

Примената на форсајт анализата и бекастинг методот овозможи идентификуваните трендови, ризици и сценарија да се трансформираат во конкретни политики и активности кои се вклучени во акцискиот план.

1.1 Бекастинг

Во подготовката на акцискиот план е применет методот бекастинг, кој претставува техника на стратешко планирање при која најпрво се дефинира посакуваната иднина, а потоа се утврдуваат чекорите потребни за нејзино остварување.[220]

---

[220] Quist, J., & Vergragt, P. (2006). *Past and future of backcasting: The shift to stakeholder participation and a proposal for a methodological framework.* Futures, 38(9), 1027–1045. European Commission (2022). *Competence Framework for Strategic Foresight.* Publications Office of the European Union. Dreborg, K. (1996). *Essence of backcasting.* Futures, 28(9), 813–828.

Во рамките на една од средбите, претставниците на институциите најпрво ја дефинираа визијата за состојбата во 2030 година, како и клучните стратешки и специфични цели на миграциската политика. Потоа беа идентификувани среднорочните предуслови кои треба да бидат воспоставени до 2028 година, како и краткорочните активности кои треба да започнат во 2026 година.

Овој пристап овозможи:
- поврзување на долгорочните цели со конкретни политики и активности,
- дефинирање на институционалните улоги и одговорности и
- идентификување на потребните ресурси и временска рамка за имплементација.

Примената на бекастинг овозможува појасно структурирање на политиките и постепено постигнување на визијата за управување со миграцијата до 2030 година.

1.2 Усогласување на мерките со краткорочните цели

Мерките предвидени во акцискиот план се усогласени со краткорочните цели и приоритети идентификувани во форсајт анализата, како и со резултатите од консултациите со претставниците на институциите.

Во процесот на работа, членовите на меѓуресорското тело ги анализираа можните развои на миграциските текови и дефинираа робусни мерки, односно активности кои се релевантни без оглед на тоа кое сценарио ќе се реализира во иднина. Овие мерки се трансформирани во конкретни активности со јасно дефинирани носители, рокови и очекувани резултати.

Таквиот пристап овозможува:
- мерките да бидат директно поврзани со стратешките цели на политиката,
- нивна примена во различни можни сценарија на миграциски развој и
- подобра координација меѓу институциите.

1.3 Приоритизација заснована на ризици

При дефинирањето на мерките во Акцискиот план беше применет пристап на приоритизација заснована на ризици, кој се темели на анализата на стратешките ризици и потенцијалните надворешни шокови кои може да влијаат врз миграциските текови.
Во рамките на средбите претставниците на институциите изработија каталог на ризици, при што секој ризик беше анализиран според неговата веројатност и потенцијалното влијание врз системот за управување со миграцијата.

Меѓу идентификуваните ризици, се издвојуваат:
- ограничени аналитички и статистички капацитети за следење на миграциските процеси,
- институционални и административни ограничувања во управувањето со легална миграција,
- можни социјални тензии поврзани со интеграцијата на странски работници и
- безбедносни ризици и злоупотреба на системите за легална миграција.

Овие ризици беа земени предвид при приоритизацијата на мерките и дефинирањето на активности за подготвеност и институционална реакција.

Врз основа на тоа, активностите во Акцискиот план се приоритизирани според нивната релевантност за управување со идентификуваните ризици. Приоритет имаат мерките кои придонесуваат за:

- зајакнување на институционалните и аналитичките капацитети,
- подобрување на управувањето со легалната миграција и пазарот на труд,
- зголемување на подготвеноста на системот за азил и управување со границите и
- унапредување на регионалната и меѓународната соработка.

2. Акциска матрица 2026–2030

Акциската матрица претставува централен инструмент за операционализација на политиката и ги систематизира мерките, активностите, носителите, роковите и индикаторите за следење на напредокот.

Матрицата беше развиена врз основа на резултатите од групната работа на претставниците на институциите, при што за секоја мерка се дефинирани:

- конкретна стратегиска цел,
- очекуван резултат,
- конкретни активности,
- појдовна точка,
- надлежни институции и партнери,
- временска рамка за имплементација,
- индикатори за успех и очекувани цели и
- носител на буџет.

На овој начин се обезбедува јасна распределба на институционалните одговорности и можност за систематско следење на имплементацијата на миграциската политика.

Со оглед на неизвесноста поврзана со идниот развој на миграциските текови, Акцискиот план претставува флексибилна рамка која може да се ажурира во текот на периодот на неговата имплементација доколку дојде до значителни промени во миграциската динамика или во промени на институционално ниво.

Оваа Резолуција ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-7050/1
18 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.

IV. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА МИГРАЦИСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2026-2030

КОНКРЕТНА СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ	ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ	АКТИВНОСТИ	ПОЈДОВНА ТОЧКА	Надлежна институција /ЗГ/МО- носител на активност Надлежна институција, ЗГ/МО- учесник во активност	ВРЕМЕНСКА РАМКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ	ИНДИКАТОР НА УСПЕШНОСТ	ЦЕЛ	НОСИТЕЛ НА БУЏЕТ
СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 1: Поддржувачка рамка								
Стратегиска цел 1.1: Зајакнување на капацитетите и координативната улога на Меѓуресорската група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија								
1.Зајакнување на капацитетите на Меѓуресорската група за ефикасно и ефективно спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	1.Зајакнати капацитети на Меѓуресорската група за ефикасно и ефективно спроведување на миграциската политиката на Република Северна Македонија	**1. Проширување на Меѓуресорската група со нови членови и заменици од институции надлежни за спроведување на националната миграциска политика**	Одлука со постојни членови на Меѓуресорската група од 2021 година	Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	2026	Одлука / Решение за вклучување на нови членови / институции во Меѓуресорската група	Донесена одлука за вклучување на нови членови / институции во работата на Меѓуресорската група	Нема финансиски импликации
		2. Ажурирање на Деловник за работа на Меѓуресорската група за спроведување на националната миграциска политика на Република	Деловник за работа на Меѓуресорската група од 2021 година	Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	2026-2027	Ажуриран Предлог Деловник за работа на Меѓуресорската група за спроведување на националната миграциска политика	Усвоен ажуриран Деловник за работа на Меѓуресорската група	Нема финансиски импликации

		Северна Македонија						
		3. Обуки за јакнење на капацитетите на членовите на Меѓуресорската група на теми согласно со потребите од обуки	Реализирани 6 (шест) обуки во 2021	Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на спроведени обуки и обучени членови на Меѓуресорската група,	Спроведени најмалку 2 обуки годишно за членовите на Меѓуресорската група	Влада на Република Северна Македонија/ Донаторски средства
2. Зајакнување на координативната функција на Меѓуресорската група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	1. Зајакната координативна улога на Меѓуресорската група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија за следење и проценка на состојбите со надворешната миграција	**1. Согледување на потребата од законска рамка за воспоставување на ефикасен правен и оперативен систем за управување со миграцијата, односно одржливата имплементација на Резолуцијата**	Нема анализа за потребата од Закон за управување со миграцијата (2026)	Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија / Министерство за социјална политика, демографија и млади	2026-2028	Спроведување на анализа за согледување на потребата од Закон за управување со миграцијата	Спроведена анализа за согледување на потребата од конципирање и усвојување на Закон за управување со миграцијата	Влада на Република Северна Македонија / Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија / Министерство за социјална политика, демографија и млади

		2. Изготвување на Полугодишен извештај за спроведените активности согласно Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Нема Полугодишни извештаи (2026)	Меѓуресорската група за спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на изготвени Полугодишни извештаи	Изготвени 8 (осум) Полугодишни извештаи за спроведените активности согласно Акцискиот план	Нема финансиски импликации
		3. Изготвување на Годишен оперативен план за спроведување на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Нема Годишни оперативни планови (2026)	Меѓуресорската група за спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на изготвени Годишни оперативни планови	Изготвени 4 (четири) Годишни оперативни планови за спроведување на Акцискиот план	Нема финансиски импликации
		4. Изготвување на Годишен извештај за спроведените активности согласно Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Нема Годишни извештаи (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на Годишни извештаи за спроведување на АП	Изготвени и усвоени 4 (четири) Годишни извештаи за спроведените активности согласно Акцискиот план	Нема финансиски импликации
		5. Јавно промовирање на Годишните извештаи на Меѓуресорското тело за спроведување на миграциска политика	Нема јавно промовирање на годишни извештаи (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на јавни настани за промовирање на Годишниот извештај	Организирани 4 (четири) јавни настани за промовирање на Годишен извештај на Меѓуресорската група за спроведување на миграциска политика	Нема финансиски импликации

		6.Организирање на работилница за годишен преглед на имплементација на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Нема годишни средби за преглед на имплементацијата на АП (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2029	Број на работилници за годишен преглед на имплементација на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Реализирани 3 (три) работилници за годишен преглед на реализацијата на Акцискиот план на Резолуцијата на миграциска политика	Влада на Република Северна Македонија/ Донаторски средства
		7.Спроведување на евалуација на исполнетоста на Резолуцијата на миграциска политика на РС Македонија 2026-2030	Нема независна оценка на Резолуцијата на миграциска политика на Република Северна Македонија 2021-2025 (2026)	Независен надворешен консултант	2031	Спроведена независна оценка на исполнетоста на националната миграциска политика	Изготвен Извештај за спроведена независна оценка на реализацијата на националната миграциска политика и препораки за идни активности	Влада на Република Северна Македонија/ Донаторски средства
		8. Креирање на централизирана и јавно достапна национална веб-страница за да се направат достапни информациите за миграциите[221]	Нема посебна интернет страна (2026)	Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Функционална централизирана и јавно достапна национална веб-страница со информации за миграциите	Воспоставена централизирана и јавно достапна веб-страна	Влада на Република Северна Македонија /Меѓуресорска група за развој и спроведување на миграцискатa политика на Република Северна Македонија

[221]Корелација со ГДМ / Цел 3,UN, Global Compact for Safe, Orderly and Regular Migration, 2018, https://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/73/195

СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 2: Веродостојни, релевантни и ажурирани податоци за надворешните миграции								
Стратегиска цел 2.1: Обезбедување релевантни статистики и информации за легалните и илегалните миграциски движења								
3.Собирање и користење на точни и дезагрегирани податоци за надворешните миграции, како основа за градење на политики базирани на докази[222]	1.Обезбедени релевантни, дезагрегирани и навремени податоци за надворешните миграции на Република Северна Македонија	**1.Унапредување на интероперабилноста и поврзаноста на постојните административни бази на податоци лоцирани и управувани од страна на надлежните државни органи**	Недостасува системски пристап /поврзани бази на податоци (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија / МВР/ МНРНТ / ДЗС / АВРСМ и останати овластени институции за прибирање, обработка и споделување на податоци за миграциите	2027-2030	Број на унапредени и/или меѓусебно поврзани бази на податоци	Најмалку 2 (две) бази на податоци унапредени и/или меѓусебно поврзани	Влада на Република Северна Македонија / МВР/ МНРНТ / ДЗС / АВРСМ и останати овластени институции
		2. Употреба на иновативни методи за прибирање на неопходните податоци за креирање на миграциски политики	Нема употреба на иновативни методи за прибирање на податоци (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	2027-2030	Број и вид на употребени иновативни методи и извори на податоци	Употребен најмалку 1 (еден) иновативен метод за прибирање на податоци за миграции	Влада на Република Северна Македонија / Донаторски средства
		3. Зголемување на ангажираните човечки ресурси во ДЗС за прибирање и обработка на податоци за населението / надворешните миграции.	Недостиг на вработени во Секторот демографија (2026)	Министерство за финансии	2027-2030	Број на нови вработувања во Секторот за демографија	Зголемен број вработени во Секторот за демографија	Влада на Република Северна Македонија / Министерство за финансии

[222] Корелација со ГДМ / Цел 1 и Цел 3 и Глобален договор за миграции индикатор SDG 10.7.2 Domain 2, sub-category 5: https://migrationnetwork.un.org/indicators

		4. Усогласување (измена и дополнување) на националната легислатива за примена на ЕУ Регулативата 2458/2025, која стапува на сила од 01.јануари 2028. Со оваа Регулатива се обединуваат засебните ЕУ регулативи во доменот на статистиката на населението која ги опфаќа и миграциите.	Утврдена потреба од усогласување со ЕУ Регулативата 2458/2025 (2026)	Ресорни министерства и институции надлежни за примена на законите во согласност со ЕУ регулативата.	2027	Спроведени измени и дополнувања на националната легислатива во областа на статистиките за населението заради усогласување со ЕУ Регулативата 2458/2025	Усогласена национална легислатива и примена на ЕУ регулативата од 01.2028 година во областа на статистиките за населението, вклучително и миграциите.	Влада на Република Северна Македонија / Нема финансиски
		5. Унапредување на аналитичките и техничките капацитети, методологијата за собирање, споредување и вкрстување и триангулирање на стандардните постапки и извори на податоци (пописот на населението, постојни анкети на население и на домаќинства, ИТ административни бази и др.), со	Нема извештаи со собрани/вкрстени податоци од домашни и странски извори (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на РС Македонија / МСПДМ	2030	Број на извештаи за собрани, споредени / вкрстени податоци од домашни и странски извори	Изготвен најмалку 1 (еден) Извештај базиран на унапредените аналитички и технички капацитети	Влада на Република Северна Македонија

		податоците добиени од компаративните меѓународни статистики.						
		6. Собирање на податоци и вршење на анализи за предвидување идни миграциски трендови на долг рок со употреба на иновативни методи (forecasting and foresight).	Спроведена една анализа за потребите на развојот на Резолуцијата со употреба на иновативни методи (2026)	Меѓуресорско тело за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија	2030	Број на спроведени анализи со употреба на forecasting and foresight	Најмалку една спроведена анализа	Влада на Република Северна Македонија / Донаторски средства
		7. Годишно ажурирање на Миграциски профил на РС Македонија и обезбедување на податоци за изготвување на анализа на ризик и креирање на ефикасни оперативни планови на миграциската политика.	Последен Миграциски профил на Република Северна Македонија во 2021 година (2026)	Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на РС Македонија	2027-2030	Број на спроведени годишни ажурирања на Миграцискиот профил на Република Северна Македонија	Спроведени 4 (четири) годишни ажурирања на Миграциски от профил на Република Северна Македонија	Влада на Република Северна Македонија / Меѓуресорска група за спроведување на миграциската политика на РС Македонија / Донаторски средства
4.Обезбедување на докази за правен идентитет и соодветна документација за неевидентираните лица и унапредување на	1.Обезбедени правни можности за утврдување идентитет на лице без граѓански статус и	**1. Натамошно зајакнување на мерките за намалување на без државјанството, преку унапредување**	Има утврдена постапка (2026) Решен еден случај на лице без граѓански статус (2026)	Министерство за дигитална трансформација - Управа за водење на матични книги	2027-2030	Унапредување на постапката за утврдување на факти за утврдување идентитет на лице без граѓански статус	Унапредена (зголемена ефикасност) постапка за утврдување на факти потребни за утврдување	Министерство за дигитална трансформација -Управа за водење на матични книги

регистрите за население.[223]	стекнување државјанство на лицата без државјанство. Пореално утврдување на бројот на македонските државјани кои живеат во други земји.	**на постапката за утврдување на факти потребни за утврдување идентитет на лице без граѓански статус, вклучително и со регистрација на родените во Република Северна Македонија.**				Број на регистрирани (запишани во матичните книги) родени лица во Република Северна Македонија	на идентитет на лице без граѓански статус	
		2. Подобрување на интероперабилноста на регистрите (матична евиденција, лични документи, регистар на население и др.), во делот на неевидентираните лица и македонските државјани кои живеат во други земји.	Има нецелосна интероперабилност на регистрите (2026)	Министерство за правда / Министерство за дигитална трансформација - Управа за водење на матични книги	2030	Зголемување на интероперабилноста на регистрите	Подобрена интероперабилност на регистри	Министерство за правда / Министерство за дигитална трансформација -Управа за водење на матични книги
СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 3: Управување со легалната миграција - иселување/доселување на граѓани на Република Северна Македонија								
Стратегиска цел 3.1: Намален интензитет на трајните иселувања во странство, преку континуирано адресирање на причините за емиграција								
За потребите и целите на оваа Резолуција, во целост се инкорпорираат и применуваат стратегиските цели и активности предвидени во *Стратегијата за соработка со дијаспората и Акциски План на Република Северна Македонија, 2025-2030*.								

[223] Корелација со ГДМ / Цел 4) и Глобален договор за миграции индикатор (SDG 16.9.1) (MGI): https://migrationnetwork.un.org/indicators

5. Стратешки пристап за минимизирање на неповолните двигатели и структурни фактори што влијаат врз трајното иселување на граѓаните на Република Северна Македонија во странство[224]	1. Преземени активности за намалување на интензитетот на трајната емиграција на македонските граѓани во странство врз основа на идентификувани потиснувачки (push) фактори.	**1.Согледување на димензиите на емиграцијата во странство, управувачките и регулаторни аспекти на миграциските текови.**	Спроведено истражување при креирањето на Резолуцијата на миграциската политика,(2026)	Министерство за социјална политика демографија и млади (МСПДМ)	2027-2030	Број на спроведени истражувања од истражувачки центри во областа	Најмалку едно истражување со вклучена родова перспектива и инкорпорирање на реализацијата на предложените мерки во Акцискиот план на миграциската политика	Влада на Република Северна Македонија / МСПДМ / Донаторски средства
		2. Примена на посебен модул во рамки на Анкетата за работна сила, за адресирање на причините кои влијаат врз одлуката на населението за иселување од земјата.	Спроведено Пилот истражување во рамки на АРС во 2023 година (2026)	ДЗС, МСПДМ	2027 или 2028	Спроведување на модул за миграција во рамките на АРС и изработени извештаи	Спроведен модул во рамки на АРС и подготвен Извештај за клучните фактори кои влијаат на трендот на емиграцијата во странство.	ДЗС, МСПДМ/ Донаторски средства
		3. Утврдување на миграцискиот потенцијал на Република Северна Македонија	Нема проценка на миграцискиот потенцијал (2026)	МСПДМ	2027	Спроведување на проценка на миграцискиот потенцијал	Спроведена проценка на миграциски от потенцијал.	МСПДМ / Донаторски средства

[224] Корелација со ГДМ / Цел 2

		4. Креирање на Стратегија за намалување на трајното иселување на граѓаните на Република Северна Македонија во странство (со примена на вкрстени секторски политики)	Нема стратешки документ за намалување на емиграцијата во странство (2026)	МСПДМ	2028	Одлука на Влада на Република Северна Македонија за усвојување на Стратегија за за намалување на емиграцијата во странство	Усвоена стратегија за намалување на емиграцијата во странство	Влада на Република Северна Македонија / МСДМ / Донаторски средства
		5. Следење на реализацијата на мерките и активностите на Стратегијата за намалување на трајната емиграција во странство.	Нема системски мерки за намалување на трајната емиграција (2026)	Меѓуресорското тело за спроведување на миграциската политика на Република Северна Македонија / МСПДМ	2029-2030	Број на реализирани мерки за намалување на трајната емиграција во странство.	Реализирана најмалку една системска мерка која придонесува за намалување на трајната емиграција	Влада на Република Северна Македонија / Министерство за социјална политика демографија и млади
6. Подобрување на достапноста и флексибилноста на патиштата за регуларна циркуларна миграција[225]	1.Обезбедени се потребните претпоставки за регулиран пристап на граѓаните на Република Северна Македонија до пазарот на труд	**1.Склучување на договори за мобилност на работната сила до пазарот на труд во земјите на прием, со фокус на сезонска работа во странство**	Нема склучени договори (2026)	Министерство за економија и труд, Агенција за вработување	2027-2030	Број на склучени договори за пристап до пазарот на труд во земјите на прием	Зголемување на бројот на склучени договори	Министерство за економија и труд, Агенција за вработување

[225] Корелација со ГДМ / Цел 5 и Цел 6 и Глобален договор за миграции индикатори SDG 10.7.2 Domain 3, sub-category 2, SDG 10.7.2 Domain 3 sub-category 3 и SDG 8.8.2: https://migrationnetwork.un.org/indicators

	во земјите на прием	**2.Континуирано спроведување на ефикасни и ефективни програми за усогласување на потребите од вештини во националната економија, со вклучување на локалните власти и други релевантни чинители, особено приватниот сектор и синдикатите**	Воспоставена постапка за усогласување на потребите од вештини на пазарот на трудот со вклученост на сите релевантни институции (2026)	Министерство за Економија и труд/ МОН/ Министерство за локална самоуправа/ Стопанска Комора/ Организација на работодавачи / Агенција за вработување	2027-2030	Унапредување на ефективноста и ефикасноста на постапката за усогласување на потребите од вештини на пазарот на трудот	Унапредена (зголемена усогласеност на понудата и побарувачката на работна сила, согласно потребите од вештини) ефективност и ефикасност на постапката за усогласување на потребите од вештини на пазарот на трудот.	Министерство за Економија и труд/ МОН/ Министерство за локална самоуправа/ Стопанска Комора/ Организација на работодавачи / Агенција за вработување
		3.Континуирано проширување на достапните опции за академска мобилност, во функција на намалување на интелектуалната емиграција.	Потпишан Договор за пристап до високото образование во земјите од Западен Балкан (2026) Има развиени програми за академска мобилност (2026)	Националната агенција за европски образовни програми и мобилност / Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија	2027-2030	Број на склучени договори Број на развиени програми за академска мобилност	Потпишан најмалку еден договор за пристап до високо образование годишно Развиена најмалку една нова програма за академска мобилност годишно	Национална агенција за европски образовни програми и мобилност / Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија / Донаторски средства
		4. Користење на постојните билатерални, субрегионалии и	Република Северна Македонија е вклучена во	Министерство за економија и труд / Агенција за вработување	2030	Број на платформи во кои е вклучена Република	Вклучување во најмалку 3 (три) платформи.	Министерство за економија и труд /

		регионални платформи кои ги идентификуваат најдобрите практики на мобилноста на трудот.	неколку платформи во кои е вклучена (2026)			Северна Македонија.		Агенција за вработување / Донаторски средства
		5. Ревизија на Законот за приватните агенции за посредување за вработување во странство и зајакнување на контролниот механизам за негова имплемента-ција.	Нема спроведена ревизија на законот (2026)	Министерство за економија и труд, АВРСМ, Државен инспекторат за труд и други надлежни институции	2027-2030	Спроведување на ревизија на законот	Спроведена ревизија и усвоени измени / дополнувања на Законот за приватните агенции за посредување за вработување во странство	Министерство за економија и труд
Стратегиска цел 3.2: Зголемен интензитетот на враќање на граѓаните на Република Северна Македонија од странство								
7. Поддршка на повратните текови на македонските граѓани од странство и олеснување на меѓусебното препознавање на вештините, квалификациите и компетенциите[226]	1. Создадени претпоставки за зголемено враќање на граѓаните на Република Северна Македонија од странство и овозможено меѓусебното препознавање на вештините, квалификациите и компетенциите	**1.Промовирање на имплементација та на Агендата на ОН за одржлив развој до 2030 година**	Доброволен национален преглед на прогресот во остварувањет о на Целите на глобалниот развој (2020)	Влада на Република Северна Македонија	2027-2030	Спроведување на доброволен национален преглед	Спроведен доброволен национален преглед	Влада на Република Северна Македонија
		2. Развој, усвојување и практична имплементација на детални стандарди и упатства за евалуација и	Недостигаат детални и унифицирани стандарди за евалуација, како и примена на	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд	2027-2030	Број на развиени стандарди и упатства за признавање на квалификации	Усвоени стандарди и упатства за заемно признавање на странски квалификации и	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд

[226]Корелација со ГДМ (Цел 2 и Цел 18) и Глобален договор за миграции индикатор:1. SDG 10.7.2(Domain 4. sub-category 3)** 2. MGI Additional indicatorNew: https://migrationnetwork.un.org/indicators

		признавање на странски високообразовни квалификации	претходна пракса. (2026)				неформално стекнати вештини	
		3. Развој и проширување на електронски бази на податоци за претходно донесени решенија, за обезбедување конзистентност во одлучувањето и зголемена транспарентност	Нема електронска база податоци за претходно донесени решенија (2026)	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд	2027-2030	Изработување на функционална и проширена електронска база на одлуки со можност за напредно пребарување	Функционална и проширена електронска база на одлуки со можност за напредно пребарување	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд
		4. Измени и дополнувања на законската регулатива во делот на признавање на дигитално издадени дипломи и додатоци на дипломи во постапките за признавање на странски високо образовни квалификации	Правната рамка не е целосно усогласена со новите трендови на дигитални квалификации	Министерство за образование и наука	2027-2030	Измени на законската регулатива за дигитални странски високообразовни документи	Донесени измени на законската регулатива за дигитални странски високообразовни документи	Министерство за образование и наука
		5. Изработка и објавување на упатство за аплицирање за признавање на странски високообразовни квалификации во дигитална форма.	Постојат основни информации за постапката, но потребни се дополнителни појаснувања за постапката (2026)	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд	2027-2030	Јавно достапно упатство ИЛИ Подготвено упатство за признавање на странски високообразовни квалификации во дигитална форма.	Усвоено и јавно достапно упатство за признавање на странски високообразовни квалификации во дигитална	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд

							форма.	
		6.Промовирање на транспарентноста на сертификацијата и компатибилноста на Националните рамки за квалификации.	Нема спроведена кампања (2026)	Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд	2027-2030	Број на спроведени кампањи за постапки за сертификација	Најмалку една спроведена кампања годишно на постапки за сертификација	Министерство за образование и наука / Министерство за економија и труд / Донаторски средства
		7.Склучување на билатерални договори со приоритетни земји за заемно признавање на квалификации (по принцип на автоматско признавање на квалификации и на акредитирани високообразовни институции)	Нема договори со кои се уредува автоматско признавање на акредитирани високообразовни институции и квалификации (2026)	Министерство за образование и наука	2027-2030	Број на склучени договори Број на приоритетни земји со кои се склучени договори	Најмалку 3 (три) склучени договори Најмалку 3 (три) приоритетни земји	Министерство за образование и наука
СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 4: Управување со легална имиграција - влез и престој на странци во Република Северна Македонија								
Стратегиска цел 4.1 Политика за прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата								
8.Идентификување на потребите за работна сила и креирање на политика за прием на работна сила од странство, за која има	1. Примена на холистички пристап за прием на работна сила од странство, врз основа на утврдени	**1. Демографска анализа за очекуваниот прилив на нови генерации на работоспособно население и работна сила на**	Нема спроведена демографска анализа (2026)	ДЗС / МСПДМ	2027	Спроведување на демографска анализа	Спроведена демографска анализа	ДЗС / МСПДМ/ Донаторски средства / Донаторски средства

недостиг на пазарот на трудот во земјата.[227]	дефицити и во функција на намалување на структурната неусогласеност на македонскиот пазар на трудот.	**пазарот на трудот во Република Северна Македонија, на годишно ниво до 2030 година**						
		2. Согледување на постојните резерви на работна сила во рамки на контингентот на работоспособното население.	Нема утврдена состојба на резерви на работна сила (2026)	Министерство за економија и труд, МСПДМ	2027	Спроведување на анализа за резервите на работна сила	Спроведена една анализа за резервите на работна сила во Република Северна Македонија	Министерство за економија и труд / МСПДМ /Донаторски средства
		3. Анализа на вработувањето на работници од странство во Република Северна Македонија – постојни состојби и предизвици	Нема сеопфатна анализа на вработувањата на работна сила од странство. (2026)	Министерство за економија и труд во соработка со Агенција за вработување (во соработка со МВР и ДИТ)	2027-2030	Број на спроведени анализи	Спроведени 4 (четири) годишни анализи.	Министерство за економија и труд, Агенција за вработување / Донаторски средства
		4. Согледување на очекуваните промени на пазарот на трудот и на потребата за обезбедување на работна сила од странство за работни места/занимања кои се дефицитарни.	Нема утврдени потреби за прием на работна сила од странство (2026)	Министерство за економија и труд во соработка со Агенција за вработување	2027	Број на спроведени анализи	Спроведена една анализа	Министерство за економија и труд, Агенција за вработување
		5.Конципирање на Политика за	Нема политика за прием на работна	Министерство за економија и труд	2028-2029	Конципирање на политика	Конципирана политика за	Влада на Република

[227] Корелација со ГДМ / Цел 6 и Глобален договор за миграции индикатори SDG 8.5.2 и SDG 8.3.1 https://migrationnetwork.un.org/indicators

		прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во РС Македонија согласно состојбите на пазарот на труд.	сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата (2026)				прием на работна сила од странство, за која има недостиг на пазарот на трудот во земјата.	Северна Македонија / Министерство за економија и труд / Донаторски средства
		6.Обезбедување на сеопфатни и јавно достапни информации за работниците од странство и упатства за нивните права и обврски во Република Северна Македонија.	Нема информативни кампањи за можностите за работа во Република Северна Македонија. (2026)	Министерство за економија и труд, Агенција за вработување / Министерство за информатичка технологија	2027-2030	Број на развиени и спроведени информативни кампањи за можностите за работа во Република Северна Македонија	Развиена и спроведена најмалку 1 (една) кампања за можностите за работа во Република Северна Македонија	Министерство за економија и труд / Агенција за вработување / Министерство за информатичка технологија / Донаторски средства
Стратегиска цел 4.2: Унапредување на регулативата и јакнење на капацитетите за влез и престој на странци, визниот режим и визната политика.								
9.Усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите во делот на движење и престој на странци, измени / дополнувања на законодавството согласно дефинираните национални	1.Хармонизирано национално законодавство согласно ЕУ регулативата за престојот на странци по различни основи и негово унапредување согласно идентификуваните национални интереси.	**2. Согледување на потребата за измени / дополнувања на националното законодавство за престојот на странци по различни основи.**	Нема спроведена анализа на потреби (2026)	Министерство за внатрешни работи/ Министерство за надворешни работи и надворешна трговија/ Министерство за економија и труд/ Агенција за вработување	2027-2030	Број на спроведени анализи	Најмалку 1 (една) анализа за потребите од измени / дополнувања на националното законодавство.	Министерство за внатрешни работи/ Министерство за надворешни работи и надворешна трговија/ Министерство за економија и труд/ Агенција за вработување

интереси[228]								
10. Натамошно јакнење на капацитетите на службите на институциите надлежни за прашања поврзани со влез и престој на странци[229]**.**	1. Зајакнати кадровски капацитети на организациските единици во МВР надлежни за постапување по прашања поврзани со престој на странци.	**1. Зголемување на бројот на полициски службеници надлежни за постапување по прашања поврзани со престој на странци.**	Состојба 2026	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Зголемување бројот на полициски службеници	Зголемен број на полициски службеници надлежни за постапување по барања за престој на странци во однос на 2026 година	Министерство за внатрешни работи / Министерство за финансии
		2.Спроведување на обуки за имплементација на националното законодавство (законски, подзаконски акти, СОП...) во однос на престојот на странци, како и за ЕУ регулативите и добрите практи во оваа област.	Има спроведени обуки (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Број на обуки	Најмалку 2 (две) обуки годишно за сите инспектори за странци	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

[228] Корелација со ГДМ / Цел 7 и Глобален договор за миграции индикатори SDG 10.7.2 Domain 1, sub-cateogry 5 и SDG10.7.2 Domain 6, sub-category 3: https://migrationnetwork.un.org/indicators

[229] Корелација со ГДМ / Цел 12 и Глобален договор за миграции индикатор MGI: https://migrationnetwork.un.org/indicators

	2.Унапредени материјално - технички капацитети на организациските единици во МВР надлежни за постапување по прашања поврзани со регистрација и престој на странци.	**1.Модернизација на постоечката и набавка на нова опрема за потребите на надлежните организациони единици на МВР.**	Утврдени потреби за опрема (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Набавка на нова опрема или модернизација на постоечката	Набавена нова опрема или модернизира на постоечката опрема	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
	3.Зајакнати организациски капацитети на организациските единици во МВР надлежни за постапување по прашања поврзани со регистрација престој на странци.	**1.Дигитализација на процесот на поднесување и одлучување по поднесени барања за престој на странци.**	Нецелосна дигитализација (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Степен на дигитализација	Процесот на поднесување и одлучување по поднесени барања за престој е дигитализиран до степен до кој тоа е можно.	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
		2. Изработка на Стандардни оперативни процедури (СОП) за постапување по поднесени барања за престој на странци по различни основи.	Нема изработени СОП (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Изработка и усвојување на СОП	Усвоена СОП која се имплементира во пракса	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

11. Натамошно усогласување на визниот режим и визната политика согласно ЕУ регулативата[230]	1. Визниот режим и визната политика во целост се усогласени со ЕУ регулативата	**1.Континуирано следење на напредокот на ЕУ регулативата за визна политика и шенген кодот со цел идентификување на потребите од усогласување на визната политика на Република Северна Македонија**	Делумно усогласена визна политика (2026)	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија	2030	Ниво на усогласеност	Целосно усогласен визен режим и визна политика согласно ЕУ регулативата	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија / нема финансиски импликации
12. Јакнење на институционалните капацитети во областа на визниот режим и визната политика и унапредување на Националниот виза информативен систем (Н-ВИС)	1. Развиена државна стратегија за визна политика во согласност со стратешкиот план на МНРНТ	**1. Развивање на стратегија за визна политика која овозможува поефикасна процедура за влез и престој на странци.**	Нема развиена стратегија за визна политика (2026)	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија	2027-2028	Развивање и усвојување на Стратегија на МНРНТ за визна политика	Развиена и усвоена Стратегија за визна политика за олеснет влез и престој на странци	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија / Донаторски средства
	2.Зајакнати се институционални капацитети на МНРНТ за ефикасно спроведување на визниот режим и Н-ВИС	**1. Техничка надградба и модернизација на постојниот Н-ВИС и негово континуирано одржување.**	Нема надградба на Н-ВИС (2026)	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија	2027-2030	Спроведување на надградба на Н-ВИС	Надграден Н-ВИС	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија / Донаторски средства
Стратешка цел 4.3: Унапредување на воспоставениот систем за азил и зголемување на неговата ефикасност и ефективност во согласност со европските и меѓународните стандарди								

[230] Корелација со ГДМ / Цел 12 и Глобален договор за миграции индикатор MGI: https://migrationnetwork.un.org/indicators

13. Зајакнување на системот за спроведување на постапките за барателите на право на азил и нивното згрижување. [231]	1. Зајакнати институционални капаците и создадени услови за ефикасна и ефективна постапка за азил	**1.Материјално-техничко опремување на Министерство за внатрешни работи со цел овозможување издавање на биометриски документи за баратели на право на азил и лица под меѓународна заштита**	Нема набавена опрема (2026)	Министерство за внатрешни работи	2028	Набавка на опрема	Набавена и оперативна опрема	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
	2. Унапредени капацитети на професионалците кои работат на постапките за азил	**1.Специјализирани обуки согласно добрите пракси и искуства од ЕУ земјите членки согласно европските и меѓународните стандарди**	20 обуки за вработени во Секторот за азил (2025) 81% од обучените со точни одговори на прашалникот (2025)	Министерство за внатрешни работи	2026-2027	Број на спроведени обуки за вработени од Секторот за азил со % жени % на зголемено знаење	Најмалку 4 (четири) обуки за вработени од Секторот за азил од кои најмалку 20% жени најмалку 80% од обучените со точни одговори на прашалникот после обуката	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

[231] Корелација со ГДМ / Цел 7 и Глобален договор за миграции индикатор SDG 10.7.2 (domain 1, sub-catagory5): https://migrationnetwork.un.org/indicators

	3. Подобрени капацитети на Прифатен Центар за барателиназил (ПЦА)	**1. Развивање на институционални капацитети за прием на ранливите категории лица (деца, сами жени, жртви на насилство и трговија), како и зајакнување на системот на алтернативните форми на згрижување.**	Нема развиени специјализирани и соодветни социјални услуги за прием и згрижување на ранливите лица барателите на право на азил (2026) Нема развиен систем на алтернативни форми на згрижување (2026)	Министерство за социјална политика, демографија и млади	2027-2030	Број на донесени Одлуки и решенија за обезбедување нови специјализирани социјални услуги за подобрување на капацитети за прифат на лица барателина право на азил Број на утврдени и спроведени мерки за алтернативни форми на згрижување	Донесени одлуки и решенија за обезбедувње на нови специјализирани социјални услуги Утврдени и спроведени мерки за алтернативни форми на згрижување.	Министерство за социјална политика, демографија и млади, Донаторски средства
		2. Набавка на опрема за подобрување и унапредување на сместувачките капацитети на установата и зголемување на бројот на рекреативни активности на лицата сместени во истата	Нема спроведена набавка (2026)	Министерство за социјална политика, демографија и млади	2027-2030	Набавка на опрема	Набавена опрема	Министерство за социјална политика, демографија и млади / Донаторски средства
		3. Спроведување на континуирана професионална едукација преку мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во ПЦА за работа со ранливите категории лица и	Обуки во континуитет се спроведувани од страна на Завод за социјални дејности, кој поседува специјализирани модули за обуки во областа на азил и миграција, Европска агенција за азил во чии	Министерство за социјална политика, демографија и млади	2027-2030	Број на спроведени обуки за персоналот на ПЦА	Најмалку 8 спроведени обуки за 80 учесници од кои најмалку 20% жени учеснички Најмалку 80% од учесниците се здобиле со	Министерство за социјална политика, демографија и млади / Донаторски средства

		лица со зависности.	рамки вработените имаа можност за изградба на капацитети и специјализирани знаења во сите посочени области.				сертификат за успешно завршена специјализирана обука.	
		4. Зајакнување на институционални капацитети за обезбедување на континуирана обука на службениците за идентификација и поддршка на лица со специфични потреби.	Во 2025 година отпочна соработка помеѓу Завод за социјални дејности и Центар за обуки при Министерство за внатрешни работи	Министерство за внатрешни работи / Министерство за социјална политика демографија и млади	2026-2030	Број на спроведени мултисекторски обуки Број на учесници од повеќе институции Број на соодветни тренинг модули поставени во рамките на институционална континуирана професионална едукација	Најмалку 5 (пет) спроведени обуки	Министерство за внатрешни работи / Министерство за социјална политика демографија и млади / Донаторски средства
	4. Зајакнати институционални капацитети и подобрена соработка со релевантни меѓународни партнери преку размена на искуства, знаење и добри практики во областа на азилот и	**1. Размена на искуства, знаење и информации со релевантни меѓународни партнери (УНХЦР, ЕУАА, билатерална и регионална соработка)**	Има склучена Спогодба за соработка – Патоказот со Европска агенција за азил (ЕУАА) за период 2025-2027. Министерствата надлежни во областа имаат склучени Меморандуми за соработка или други видови	Министерство за внатрешни работи, Министерство за социјална политика, демографија и млади	2027-2030	Континуирано зголемување на размена на информации и соработка со релевантни меѓународни партнери	Унапредена соработка и размена на информации со релевантни меѓународни партнери	Министерство за внатрешни работи / Министерство за социјална политика, демографија и млади

	меѓународната заштита		договори со меѓународни организации, како што се УНХЦР и ИОМ					
	5. Зајакнување на квалитетот на проценката на кредибилитетот и првостепените одлуки за азил.	**1. Редовно следење на кризните состојби и појавите во светот, поврзано со информации за земја на потекло**	Редовно се следат кризните состојби (2026) Добиени одговори на 5 барања за информации за земја на потекло на барателите на азил. (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Континуирано следење на кризните состојби во светот Одговори на барања за земја на потекло на барателите на азил (COI - query response)	Расположливи информации за кризните состојби во светот Достапни ажурирани информации за земјата на потекло, користени во 100% од предметите за азил.	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

	6. Зајакната внатрешна и надворешна координација	**1.Воспоставена редовна комуникација и координација помеѓу различни сектори / одделенија во Министерството за внатрешни работи и Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за правда, Министерство за здравство**	Нема воспоставен механизам за координација (2026)	Министерство за внатрешни работи (постапка) Министерство за социјална политика, демографија и млади (прием)	2027-2030	Воспоставување на механизам за координација Број на склучени билатерални и мултилатерални меморандуми за соработка Број на координативни средби	2 (два) Меморандуми за соработка (МСПДМ – МЗ пример) 16 (шеснаесет) Координативни средби (квартални)	Министерство за внатрешни работи / Министерство за социјална политика демографија и млади /Министерство за правда / Министерство за здравство/ Донаторски средства
14.Континуирано обезбедување на пристап до правата на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита[232]	1.Обезбеден е ефикасен пристап до правата според меѓународните стандарди на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита	**1.Континуирана хармонизација на домашното законодавство во областа на азилот во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на Европската унија**	Делумна усогласеност (2026)	Министерство за внатрешни работи, Министерство за социјална политика, демографија и млади	2027-2030	Ниво на усогласеност со ЕУ стандарди	Целосна усогласеност	Министерство за внатрешни работи / Министерство за социјална политика, демографија и млади
		2.Обезбедување на ефикасна и ефективна судска проверка на постапката за азил	Нема податоци (2026)	Министерство во за правда / Републички судски совет/ Управен суд/ Виш Управен Суд	2027-2030	% на правосилно завршени судски постапки од бројот на спроведени постапки	Најмалку 10% од спроведените судски постапки по сите поднесени барања во постапката за азил се	Министерство за правда / Републички судски совет

[232] Корелација со ГДМ / Цел 7- и Глобален договор за миграции индикатор SDG 10.7.2 (domain 1, sub-catagory5) (domain 6, sub-category 3):https://migrationnetwork.un.org/indicators

							правосилно завршени	
		3.Обезбедување на одржлива и квалитетна бесплатна правна помош и преведувачи во постапката за азил	Обезбеден пристап до бесплатна правна помош за барателите на азил (2026) Ангажирани преведувачи во постапките за азил (2026)	Министерство за правда / Министерство за внатрешни работи	2026-2030	Број на обезбедени услуги - бесплатна правна помош на барателите на азил Број на ангажирани преведувачи	Обезбедена е бесплатна правна помош и преведувач за сите баратели на азил. Ангажирани се преведувачи во сите постапки каде за тоа имало потреба	Министерство за правда / Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
		4.Информациите за правата и обврските на барателите за азил постапката за азил се достапни на јазикот што барателот на азил го разбира.	Информативни брошури достапни во 2026 година	Министерство за внатрешни работи	2027-2030	Ревидирање и превод на информативни брошури за постапката за азил согласно измените на законската регулатива	Ревидирани и преведени информативни брошури за постапката за азил согласно измените на законската регулатива и достапни на јазици што ги разбираат барателите на азил	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
		5. Секторот за азил активно учествува во иницијативата за обезбедување квалитет на азилот (Asylum Quality Initiative)	Применети 70% од утврдените индикатори за квалитет (2026)	Министерство за внатрешни работи / УНХЦР	2026-2030	% утврдени и применети индикатори за квалитет	100% од утврдените индикатори за квалитет се применети	Министерство за внатрешни работи / УНХЦР / Донаторски средства

		6.Изнаоѓање на техничко решение за определување привремен матичен број за барателите на азил за остварување право на парична помош, работа, пристап до образование или други основни права каде што неопходен услов за остварување на овие права е определен матичен број за странец	Нема измена на закон (2026)	Министерство за внатрешни работи	2027-2028	Предлог измени на Закон за матични евиденции	Изменет Закон и овозможено определување матичен број на барателите на азил	Министерство за внатрешни работи
СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 5: Сузбивање на илегалната миграција								
Стратегиска цел 5.1: Натамошно јакнење на националните капацитети за откривање и спречување на илегалната миграција								
За потребите и целите на оваа Резолуција, во целост се инкорпорираат и применуваат стратегиските цели и активности предвидени во: ***Националната Стратегија и Акцискиот План за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија 2026-2030*** **и** ***Националната Стратегија за интегрирано гранично управување во Република Северна Македонија***								
15.Унапредување на капацитетите за навремено откривање и спречување на незаконско минување на државната граница, незаконско движење и незаконски престој на	1.Обидите за незаконско движење преку државната граница и во внатрешноста на земјата навремено се откриваат и процесираат	1. Реализација на активностите содржани во Акцискиот план за имплементација на *Националната Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална*	Развој на Стратегија и НАП (2026)	МВР / сите институции кои се дел од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (НКБТЛИМ)	2030	% на имплементација на Стратегијата и НАП	Спроведени најмалку 70% од предвидените мерки во НАП	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

територијата на државата[233]		*миграција 2026 – 2030*						
16. Натамошно јакнење на националниот механизам за враќање на странски државјани со незаконски престој во државата [234]	1.Странците кои незаконски престојуваат во државата се процесираат и се враќаат (доброволно или присилно) во своите земји на потекло или во трети земји во согласност со ЕУ регулативите и добрите практи.	1. Изработка на Патоказ согласно ЕУ стандардите, за јакнење на националниот механизам за враќање на на странски државјани кои незаконски престојуваат во државата.	Нема изработен Патоказ за јакнење на националниот механизам за враќање (2026)	Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи и надворешна тргодија, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за економија и труд, Народен Правобранител	2028	Изработка на патоказ	Изработен и усвоен Патоказ за јакнење на националниот механизам за враќање на странски државјани	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства
		2.Имплементација на Патоказот за јакнење на националниот механизам за враќање на странски државјани кои незаконски престојуваат во државата.	Нема Акциски план (2026).	Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи и надворешна тргодија, Министерство за социјална	2030	Развој и усвојување на Акциски план за имплементација на Патоказ за јакнење на националниот механизам за враќање.	Усвоен Акциски план за имплементација на Патоказ за јакнење на националниот механизам за враќање.	Министерство за внатрешни работи / Донаторски средства

[233] Корелација со ГДМ / Цел 11и Глобален договор за миграции индикатор MGI: https://migrationnetwork.un.org/indicators
[234] Корелација со ГДМ / Цел 12 и Глобален договор за миграции индикатор MGI: https://migrationnetwork.un.org/indicators

				политика, демографија и млади, Министерство за економија и труд, Народен Правобранител				
		3.Потпишување на договори/ меморандуми со земји на потекло кои меѓу другото го регулираат и прашањето на реадмисијата	Нема потпишани договори/меморандуми (2026)	Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за социјална политика, демографија и млади,	2030	Број на потпишани договори / меморандуми за соработка во различни области кои го регулираат и прашањето на реадмисијата.	Зголемен број на потпишани договори /меморандуми за реадмисија	Министерство за внатрешни работи / Нема финансиски импликации
17.Континуирано јакнење и одржување на потребното ниво на гранична безбедност преку подобрување на институционалните, кадровските, техничките и	1.Националниот систем за интегрирано гранично управување е развиен и функционира согласно Европското ИГУ и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано	1. Реализација на активностите содржани во Акцискиот план за имплементација на Националната Стратегија за интегрирано гранично управување	Делумно имплементирана (2026)	Министерство за внатрешни работи / сите институции кои се дел од системот на интегрирано гранично управување	2027 -2030	Степен на имплементација на Националната стратегија на ИГУ	Сите активности предвидени во Националната стратегија на интегрирано гранично управување и Акцискиот план се имплементирани	Министерство за внатрешни работи / донаторски средства

инфраструктурните капацитети и унапредување на соработката на сите нивоа[235]	гранично управување (TOSEIBM)	2. Изработка на нова Национална стратегија за ИГУ 2028 – 2032	Нема нова стратегија (2026)	Министерство за внатрешни работи / сите институции кои се дел од ИГУ системот	2027	Изработка и усвојување на стратегија за ИГУ	Национална стратегија за ИГУ 2028 - 2032 е изработена и усвоена	МВР/ донаторски средства
СТРАТЕГИСКА ОБЛАСТ 6: Градење на партнерства за унапредување на меѓународната соработка во областа на миграциите.								
Стратегиска цел 6.1: Проширување на меѓународната соработка и глобалните партнерства за различни аспекти на надворешните миграции								
18.Зајакнување на меѓународната соработка и глобалните партнерства за безбедна, уредена и редовна миграција[236]	1.Воспоставен и се партнерства и подобрена е меѓународната соработка во однос на легалната и илегалнатамиграција	**1. Склучување на договори за соработка и обезбедување поддршка на другите држави во текот на колективното спроведување на ГДМ**	Договор со Словенија во 2022 година за соработка во областа на борба против трговијата со луѓе. (2026)	МНРНТ	2027-2030	Склучени договори за соработка со други земји	Најмалку 1 склучен договор	Влада на Република Северна Македонија / МНРНТ/ нема финансиски импликации
		2.Зголемување на меѓународната и регионалната соработка за забрзување на спроведувањето и исполнување на Агендата на ОН за целите на одржлив	Предлог за подготовка на доброволен Преглед за постигнувања во однос на Глобалниот Компакт за безбедна, уредна и регуларна миграција (2024)	МНРНТ	2027-2030	Број на спроведени доброволни прегледи на ГДМ	Најмалку 1 спроведени доброволен преглед	Влада на Република Северна Македонија / МНРНТ/ нема финансиски импликации

[235] Корелација со ГДМ / Цел 11 и Глобален договор за миграции индикатори MGI, 6, new и : https://migrationnetwork.un.org/indicators

[236] (Корелација со ГДМ / Цел 23) и Глобален договор за миграции индикатори(SDG.10.7.2) (Domain 3) , (SDG.17.14.1): https://migrationnetwork.un.org/indicators

		развој 2020-2030 година						
		3.Воспоставување на билатерални, регионални или мултилатерални заемно корисни, прилагодени и транспарентни партнерства во областа на миграциите	Партнерство со Србија и Албанија во рамките на Отворен Балкан 2022 година	МНРНТ/ Надлежни институции членки на Меѓуресорската група	2027-2030	Број на воспоставени партнерства	Најмалку 2 (две) воспоставени партнерства	Влада на Република Северна Македонија / МНРНТ/ нема финансиски импликации
		4. Одржување на заеднички средби (техничко-оперативно ниво) со други земји од регионот и со земји членки на ЕУ, за анализирање на искуства во поглед на следењето на миграциите	најмалку две средби годишно 2025	МВР / ДЗС / МЕТ/Агенција за вработување	2027-2030	Број на одржани средби со други земји од регионот	Одржани најмалку две средби годишно	МВР / ДЗС /МЕТ/АВРСМ/ Донаторски средства
19. Градење на партнерства со цел обезбедување на точни и навремени информации во сите фази на миграцијата[237]	1.Воспоставени се партнерства и обезбедени навремени и веродостојни информации и податоци во сите фази на миграциските движења	**1.Промовирање и зајакнување на систематска билатерална, регионална и меѓународна соработка и дијалог за размена на информации поврзани со миграцијата**	Една средба годишно (2025)	Институции членки на меѓуресорско тело за миграциска политика	2027-2030	Број на спроведени средби на билатерално, регионално и меѓународно ниво	Најмалку 1 (една) средба на годишно ниво	Институции членки на меѓуресорско тело за миграциска политика

[237] Корелација со ГДМ / Цел 3 и Глобален договор за миграции индикатор MGI: https://migrationnetwork.un.org/indicators